РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ
ул. "Димитрие Чуповски" бр.13, 1000 Скопје, тел. 02/3289-200; факс. 02/3224-611; www.aec.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Примено: 31-03.2009
Орг единица | Број | Прилог | Вредност
07 1594/1

До

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Г-дин Трајко Вељаноски, Претседател

Почитуван г-дине Вељаноски,

Во согалсност со член 10 од Законот за електронските комуникации ("Службен весник на Република Македонија" број 13/2005, 14/2007, 55/2007 и 98/2008) во прилог на овој допис Ви доставуваме **Годишен извештај за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2008 година**, во чијшто состав се:

- Извештај за извршени активности на Агенцијата за електронски комуникации за периодот од 01.01.2008 година до 31.12.2008 година;
- Годишна програма за работа на Агенцијата за електронски комуникации за периодот од 01.01.2009 година до 31.12.2009 година;
- Извештај за извршување на финансискиот план на Агенцијата за електронски комуникации за периодот од 01.01.2008 година до 31.12.2008 година;
- Ревизорски извештај изработен од неадворешен и независен ревизор, ДЕЛОИТ ДОО Скопје.

НАПОМЕНА:
Во перидот од 01.01.2008 година до 31.12.2008 година не е формиран Фонд за универзална услуга, бидејќи на спороведената постапка за избор на давател на универзална услуга немаше пристигната ниту една понуда. Од оваа причина не е доставен Извештај за средствата во Фондот за универзална услуга, којшто согласно Законот за електронските комуникации исто така треба да биде составен дел на Годишниот извештај за работа на Агенцијата за електронски комуникации.

Бр. 11-12/3
30.03.2009 година

Агенција за електронски комуникации
Комисија
Софче Јовановска, претседател

2008

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА

## За периодот

01.01.2008-31.12.2008

АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Март 2009

## Содржина


| | |
|---|---|
| Содржина | 2 |
| Извештај за извршени активности на Агенцијата за електронски комуникации | 3 |
| Годишна програма за работа на Агенцијата за електронски комуникации | 62 |
| Извештај за извршување на финансискиот план на Агенцијата за електронски комуникации | 79 |
| Ревизорски извештај од надворешен и независен ревизор | 110 |

2008

# Извештај за извршени активности на Агенцијата за електронски комуникации

01.01.2008-31.12.2008

Агенција за електронски комуникации

## Содржина


Содржина ....................................................4

1 Вовед ....................................................6

2 Состојба и развој на пазарот за електронски комуникации ....................................................8

Законска регулатива ....................................................8

Комисија на Агенцијата за електронски комуникации ....................................................9

Надлежности на Агенцијата за електронски комуникации ....................................................11

Ревизија на регулаторна рамка за мрежи и електронски комуникациски услуги ....................................................14

Состојба на пазарот за електронски комуникации во Република Македонија ....................................................16

Универзална услуга ....................................................22

Обезбедување на електронски комуникациски мрежи и услуги ....................................................24

Постапка на нотификација на оператори на јавни електронски комуникациски мрежи и даватели на јавни електронски комуникациски услуги ....................................................24

Постапка за градба на јавни електронски комуникациски мрежи ....................................................25

Трета генерација на мобилни комуникациски мрежи ....................................................26

Широкопојасен безжичен пристап (WiMAX) ....................................................26

Премин кон земни дигитални емисии ....................................................27

Преносливост на телефонски броеви ....................................................27

Triple play услуга ....................................................30

3 Активности на Агенцијата за електронски комуникации ....................................................31

Анализа на пазарот и прибирање на податоци ....................................................31

Регулација на цени ....................................................36

Нумерација ....................................................43

Управување на радиофреквенцискиот спектар ....................................................45

Контрола и мониторинг на радиофреквенции ....................................................47

Инспекциски надзор ....................................................48

Надзор, права на корисниците и решавање на барања за заштита на правата на корисниците ............49

Решавање на спорови помеѓу оператори и/или даватели на јавни електронски комуникациски услуги ..49

Соработка со други државни органи и тела ....................................................50

Човечки ресурси ....................................................50

Транспарентност....51
Меѓународни активности....51
Соработка со Европска Комисија....51
Соработка со Cullen International....53
Соработка со ITU....55
Соработка со други регулаторни тела....56
Соработка со CEPT и ETSI....57
5 Прилози....58

# 1 Вовед

Годишниот извештај за работа на Агенцијата за електронски комуникации (во натамошниот текст: Агенцијата) за 2008 година опфаќа широк опсег на активности што се однесуваат на надлежностите и обврските на Агенцијата согласно Законот за електронските комуникации и прописите донесени врз основа на него, како и меѓународните договори од областа на електронските комуникации што ги склучила или на кои им пристапила Република Македонија. Агенцијата исто така има надлежности кои произлегуваат од Законот за просторно и урбанистичко планирање според кој Агенцијата има активности во однос на издавање на согласност за изградба на електронски комуникациски мрежи и придружни средства и издавање на мислење за изградба на електронски комуникациски мрежи и придружни средства. Уште повеќе Агенцијата исполнува и задачи кои произлегуваат од Законот за заштита на конкуренцијата, притоа земајќи ги предвид основните упатства на Европската Комисија за вршење на анализа на релевантни пазари и утвдување на значителна пазарна моќ согласно регулаторната рамка на Европската Комисија за електронски комуникациски мрежи и услуги.

Во Извештајот се презентирани секторите и комплексноста и обемот на задачите што ги извршува Агенцијата. Нејзините секојдневни активности вклучуваат регулација на пазарот на електронските комуникации во Република Македонија, промовирање на ефикасна конкуренција во областа на јавните електронски комуникациски мрежи и услуги, со што им се овозможува на крајните корисници да имаат можност за избор, цена и квалитет на пристапот до електронските комуникациски услуги, стимулирање на ефикасни инвестиции во изградба на телекомуникациска инфраструктура и поттикнување на иновации, применувајќи ги принципите на технолошки неутрална регулатива и транспарентност, конзистентност и недискриминација во своите одлуки, преку ефикасно користење на радиофреквенцискиот спектар и нумерацискиот простор како ограничени национални ресурси, заштита на интересите на корисниците, решавање на спорови меѓу операторите на јавни електронски мрежи, давателите на јавни електронски услуги и корисниците, како и активности поврзани со надзор над спроведувањето на Законот за електронските комуникации и прописите донесени врз негова основа.

Во рамките на овие стандардни активности, Агенцијата изврши серија на задачи со многу значајни резултати кои се однесуваат на анализа на релевантните пазари на мрежи и услуги, во правец на поттикнување на ефикасна конкуренција на релевантните пазари на мрежи и услуги, како и финализирање на подготовките за транзиција од аналогна во дигитална терестријална телевизија. Паралелно со овие активности Агенцијата изврши имплементација на препораките на Европската Комисија во областа на електронските комуникации во националната регулатива.

Во изминатата година во областа на регулативата Агенцијата беше фокусирана на следење и оценка на резултатите на регулаторните мерки наметнати врз основа на анализите на релевантите пазари, особено на големопродажните пазари за електронски комуникациски мрежи и услуги, како и регулирање на

големопродажните пазари за широкопојасен пристап на интернет и изнајмени линии. Во таа насока, Агенцијата донесе нов Правилник за нивото на деталност на информациите што ќе бидат објавени во референтните понуди за разврзан пристап на локална јамка и начинот на нивното објавување, нов Правилник за нивото на деталност на информациите што ќе бидат објавени во референтните понуди за интерконекција и начинот на нивното објавување и за прв пат Правилник за завршните/преносните сегменти на изнајмените линии и Правилник за bitstream услуга.

Исто така, во текот на 2008 година Агенцијата направи големи напори во однос на постапката за избор на давател/даватели на универзална услуга во Република Македонија.

Агенцијата во 2008 година додели уште едно одобрение за 3G[1] мобилна телефонија, така да сега два мобилни оператори можат своите мрежи да ги надградуваат за 3G мобилната технологија, а во тек е тендер за доделување на уште две одобренија за 3G мобилни телефонски мрежи.

Во извршувањето на своите активности, Агенцијата редовно соработуваше со Комисијата за заштита на конкуренцијата и Советот за радиодифузија, како регулаторни тела за наведените области, а согласно принципите и начелата на склучените билатерални меморандуми за меѓусебна соработка.

Во врска со потребата за хармонизација на регулативата со препораките на Европската Комисија и потребата за меѓународна соработка со институции во областа на електронските комуникации, Агенцијата учествуваше во работата на соодветни настани и манифестации, а особено на оние во организација на ITU[2] и ERG[3] како и на други меѓународни настани.

Во 2008 година, Агенцијата се фокусираше на рационализација на своите активности преку имплементација на информациски и комуникациски технологии и работеше на интеграција на информациските системи, како и на имплементација на резултатите од ревизијата за финансиското работење, со цел да ја подобри својата работа.

Агенцијата, ќе продолжи, како и во претходните години, да организира значајни работилници и јавни расправи за тековните стручни проблеми и решенија за клучните прашања во областа на електронските комуникации, со што ќе се продолжи имплементацијата на круцијалниот принцип за транспарентност и објективност на постапките на Агенцијата при извршување на сите активности согласно надлежностите утврдени во Законот за електронските комуникации.

Во 2008 година, Агенцијата успешно, одговорно и ефикасно ги заврши задачите како независно регулаторно тело за електронски комуникации во Република Македонија.

---

[1] 3G (Third generation of tele-standards and technology for mobile networking)-Трета генерација на мобилни телефонски мрежи,
[2] ITU (International Telecommunications Union) -Меѓународната унија за телекомуникации,
[3] ERG (European Regulatory Group) - Асоцијација на Европските регулаторни тела во областа на електронските комуникации,

# 2 Состојба и развој на пазарот за електронски комуникации

## Законска регулатива

Активностите на Агенцијата произлегуваат од нејзините надлежности утврдени во Законот за електронските комуникации ("Службен Весник на РМ", бр.13/2005, 14/2007, 55/2007 и 98/2008) и прописите донесени врз основа на него, како и меѓународните договори од областа на електронските комуникации што ги склучила или на кои им пристапила Република Македонија.

Агенцијата исто така има надлежности кои произлегуваат од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен Весник на РМ", бр.51/05, бр.137/07, бр.24/08) според кој Агенцијата има активности во однос на издавање на согласност за изградба на електронски комуникациски мрежи и придружни средства и издавање на мислење за изградба на електронски комуникациски мрежи и придружни средства. Уште повеќе Агенцијата исполнува и задачи кои произлегуваат од Законот за заштита на конкуренцијата ("Службен Весник на РМ", бр.04/2005, 70/2006 и 22/2007), притоа земајќи ги предвид основните упатства на Европската Комисија за вршење на анализа на релевантни пазари и утвдување на значителна пазарна моќ согласно регулаторната рамка на Европската Комисија за електронски комуникациски мрежи и услуги.

Агенцијата во својата работа, заради унапредување и развој на пазарот на електронските комуникации во Република Македонија, ги има предвид препораките на Европската Комисија и најдобрите светски практики.

## Комисија на Агенцијата за електронски комуникации

Комисијата ги има следниве надлежности:

- Донесува статут и други акти на Агенцијата,
- Донесува годишен финансиски план на Агенцијата и завршна сметка,
- Донесува годишна програма за работа на агенцијата,
- Одобрува годишен извештај за работа,
- Го именува директорот на Агенцијата во согласност со овој закон,
- Го следи спроведувањето на годишната програма за работа и на други програми и иницијативи на Агенцијата,
- Соработува со други државни органи и институции, органи на единиците на локалната самоуправа и со невладини организации и здруженија на граѓани,
- Доставува извештаи, препораки и предлози до Собранието на Република Македонија и други државни органи и институции од областа на електронските комуникации и
- Врши и други работи утврдени со овој закон и статутот на Агенцијата.

Комисијата, како орган на Агенцијата, во текот на 2008 година одржа 28 (дваесет и осум) состаноци и 3 (три) продолженија на истите**.**

Во рамките на надлежностите на Комисијата определени со Законот за електронските комуникации, Комисијата во текот на 2008 година ги донесе подзаконските прописи од областа на електронските комуникации согласно Законот и други акти и одлуки поврзани со работењето на Агенцијата, дадени во Прилог 1 на овој извештај.

Комисијата како орган на Агенцијата за електронски комуникации надлежен да одлучува по жалби поднесени против решенија на Директорот на Агенцијата како првостепен орган, до измената на Законот за електронските комуникации („Службен Весник на РМ", бр.98/2008), со што Комисијата од 01.08.2008 година не одлучува по жалби како второстепен орган. Во периодот од јануари до 31 јули 2008 година Комисијата одлучуваше по 17 жалби доставени од операторите и давателите на електронски комуникациски услуги како и од други правни и физички лица.

Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации во текот на 2008 година, континуирано го следеше спроведувањето на Годишната програма за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2008 година.

Во 2008 година Комисијата донесе повеќе одлуки по прашања од нејзина надлежност од кои од посебено значење се одлуките на Комисијата за распишување на јавни тендери за доделување на одобренија за користење на радиофреквенции и тоа:

- Одлуката за распишување на јавен тендер за доделување на 3 (три) одобренија за користење на радиофреквенции за обезбедување на јавни мобилни комуникациски мрежи и услуги од третата генерација (3G) според стандардот IMT[4]-2000/UMTS[5];

[4] IMT (International Mobile Telecommunications) – Глобален систем за трета генерација на мобилни комуникации,

- Одлука за распишување на тендер за издавање одобрение за користење на радиофреквенции за 3 мултиплекси за обезбедување на радиокомуникациска услуга - пренос на дигитални телевизиски услуги преку јавна комуникациска мрежа (DVB-T);

- Одлука за распишување на јавен тендер за доделување на 2 (две) одобренија за користење на радиофреквенции од радиофреквенцискиот опсег 1720-1785 MHz/1815-1880 MHz;

- Одлука за распишување на јавен тендер за доделување на одобрение за користење на радиофреквенции од радиофреквенцискиот опсег 1800 -1805 MHz;

- Одлука за распишување на јавен тендер за доделување на одобренија за користење на радиофреквенции од радиофреквенцискиот опсег 3,4-3,6 GHz, за фиксен безжичен пристап

По спроведувањето на постапките определени со Законот за електронските комуникации Комисијата во извештајниот период донесе одлуки за избор на најповолни понудувачи на кои директорот на Агенцијата за електронски комуникации издаде соодветни одобренија и тоа:

- Одлуката за за доделување на едно одобрение за користење на радиофреквенции за обезбедување на јавни мобилни комуникациски мрежи и услуги од третата генерација (3G) според стандардот IMT-2000/UMTS;

- Одлука за доделување на одобренија за користење на радиофреквенции од радиофреквенцискиот опсег 3,4-3,6 GHz, за фиксен безжичен пристап.

Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации континуирано го следеше работењето на директорот и вработените во стручната служба преку барање за доставување на писмени и давање на усмени информации по определени прашања за кои требаше Комисијата да донесе соодветни одлуки и даваше насоки за извршување на определени работи од надлежност на Агенцијата утврдени со Законот.

По спроведувањето на постапката за именување на Директор на Агенцијата, определена со Законот за електронските комуникации, Комисијата на состанокот одржан на ден 24.12.2008 година донесе Одлука со која го именуваше Петар Иваноски за Директор на Агенцијата.

Исто така, Комисијата во текот на 2008 година редовно го следеше финансиското работење на Агенцијата преку барања за доставување на месечни квартални извештаи од Службата за материјално-финансиско работење и даваше препораки во насока на ажурно и ефикасно извршување на финансискиот план.

Претседателот и членовите на Комисијата во извештајниот период зедоа активно учество на повеќе меѓународни конференции, состаноци и форуми на кои беа презентирани достигнувањата во работата на Агенцијата, и даваа значајни стручни мислења од областа на електронските комуникации по определени прашања од меѓународно значење.

---

[5] UMTS (Universal Mobile Telecommunications System) – Универзален систем за трета генерација на мобилни комуникации,

## Надлежности на Агенцијата за електронски комуникации

Агенцијата при одлучувањето за работите од својот делокруг е неутрална во однос на применетите технологии, а донесените одлуки се пропорционални на целите што треба да се постигнат со нив.

Агенцијата во рамките на својот делокруг на работа, промовира ефикасна конкуренција во областа на електронските комуникациски мрежи и услуги, придружни капацитети и други услуги со:

а) овозможување на корисниците, вклучувајќи ги и крајните корисници со посебни потреби, да ги користат поволностите во смисла на избор, цени и квалитет на пристапот до електронските комуникациски услуги;

б) заштита од нарушување или ограничување на конкуренцијата во областа на електронските комуникации;

в) стимулирање на ефикасно инвестирање во изградба на инфраструктура и поддршка на иновации;

г) промовирање на ефикасно користење на радиофреквенциите и нумеричкиот простор како ограничен природен ресурс и

д) овозможување во слични околности да нема дискриминација во третманот на операторите на електронски комуникациски мрежи и давателите на електронски комуникациски услуги.

Агенцијата е надлежна:

1. да врши надзор, контрола и да го следи работењето на операторите на електронските комуникациски мрежи и давателите на услуги во согласност со овој закон, прописите донесени врз основа на него и постојните договори за концесија;

2. да поттикне воспоставување на интерконекција меѓу електронските комуникациски мрежи и да обезбеди интерконекција според недискриминаторски услови, врз основа на одобрените референтни понуди;

3. да преземе иницијатива за обезбедување на интерконекција:

- ја одобрува референтната понуда за интерконекција и/или пристап и референтната понуда за разврзан пристап на локална јамка на операторите со значителна пазарна моќ и

- определува оператори со значителна пазарна моќ во соработка со Комисијата за заштита на конкуренцијата;

4. да врши регистрација на нотификација на оператори на електронски комуникациски мрежи и даватели на електронски комуникациски услуги;

5. да обезбедува корисниците да имаат пристап до јавните електронски комуникациски мрежи и јавните електронски комуникациски услуги на недискриминаторска основа;

6. да презема мерки и пропишува заштита за да ги спречи операторите на електронски комуникациски мрежи и давателите на електронски комуникациски услуги од ангажирање во антиконкурентни активности;

7. да ги донесува и да ги спроведува Планот за намена на радиофреквенциски опсези и Планот за распределба на радиофреквенции;

8. да го следи користењето на спектарот на радиофреквенции согласно со плановите од точката 7 на овој став;

9. да издава одобренија за користење на радиофреквенции;

10. да врши координација на радиофреквенциите со регулаторните тела на соседните и другите држави;

11. да донесува и да спроведува План за нумерација за електронски комуникациски мрежи и услуги на Република Македонија;

12. да доделува броеви и серии на броеви на оператори на јавни комуникациски мрежи и даватели на јавни комуникациски услуги;

13. да управува и да го следи рационалното користење на броевите, согласно со Планот од точката 7.) на овој став и во случаи на утврдени неправилности да ги одзема броевите и сериите на броеви;

14. да подготвува и да спроведува јавни тендери за доделување и користење на радиофреквенции;

15. да ја утврдува содржината на стандарден договор меѓу оператори на електронски комуникациски мрежи, даватели и корисници на електронски комуникациски услуги;

16. да превзема мерки во согласност со овој закон во случаи кога е извршена повреда на одредбите на овој закон или одредбите и условите содржани во постојните договори за концесија;

17. да ги контролира цените на комуникациските услуги и да презема мерки во случаи кога оператор на електронска комуникациска мрежа или дaвател на електронска комуникациска услуга, сам или заедно со друг има значителна пазарна моќ на релевантниот пазар на комуникациски услуги;

18. да ги контролира цените на електронските комуникациски услуги утврдени во референтните понуди на оператори на електронски комуникациски мрежи и услуги со значителна пазарна моќ на релевантен пазар;

19. да врши контрола на тарифните режими утврдени во постојните договори за концесија;

20. да раководи и да управува со средствата на фондот за универзална услуга и да врши наплата на надоместоци од операторите кои не се даватели на универзална услуга на посебна сметка на име на фондот, како и да врши исплата на средства од фондот кон давателот на универзална услуга;

21. да решава спорови меѓу:

- операторите на електронски комуникациски мрежи и давателите на услуги во врска со интерконекција и/или пристап, на предлог на една од страните на спорот, согласно со овој закон;

- оператори на електронски комуникациски мрежи и даватели на услуги согласно со одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон и

- корисници и оператори на електронски комуникациски мрежи и даватели на услуги согласно со одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон;

22. да воспостави, да одржува и да ажурира електронска база на податоци што содржи информации од областа на електронските комуникации и да обезбеди информациите да бидат јавно достапни во согласност со правилата за доверливост и прописите за пристап до информациите;

23. да соработува со надлежните тела и институции од областа на радиодифузијата и заштитата на конкуренцијата;

24. да го следи развојот на електронските комуникации;

25. да бара податоци и информации од операторите на електронските комуникациски мрежи и давателите на електронски комуникациски услуги;

26. да обезбедува информации за корисниците, операторите и давателите на услуги и меѓународните организации и тела;

27. да донесува и спроведува подзаконски акти донесени врз основа на овој закон;

28. да донесува технички прописи врз основа на овој закон;

29. да одобрува употреба на радио и телекомуникациска терминална опрема;

30. да обезбедува операторите на електронски комуникациски мрежи и давателите на електронски комуникациски услуги да се придржуваат кон обврските кои им се дадени во интерес на одбраната, безбедноста и одржувањето на јавниот ред, како и за време на воена и вонредна состојба;

31. да ја спроведува примената на националните и меѓународните стандарди и технички прописи во областа на електронските комуникации;

32. да учествува во работата на меѓународни организации и здруженија на национални регулаторни тела во областа на електронските комуникации;

33. да ја врши својата работа транспарентно и на недискриминаторски начин, овозможувајќи им на заинтересираните страни да дадат забелешки и коментари во врска со иницијативите, мерките и одлуките на Агенцијата и

34. да спроведува постапка за определување на давател на универзална услуга и склучува договор со истиот, по претходно добиена согласност од министерот надлежен за електронските комуникации.

## Ревизија на регулаторна рамка за мрежи и електронски комуникациски услуги

Заради исполнување на обврската за анализа на релевантните пазари, Агенцијата изготви Методологија за анализа на релевантни пазари. Методологијата за анализа на релевантните пазари е изработена во согласност на Законот за електронските комуникации ("Службен Весник на РМ", бр.13/2005, 14/2007, 55/2007 и 98/2008) и подзаконските акти донесени врз негова основа, Законот за заштита на конкуренцијата ("Службен Весник на РМ", бр.04/2005, 70/2006 и 22/2007), притоа земајќи ги предвид основните упатства на Европската Комисија за вршење на анализа на релевантни пазари и утврдување на значителна пазарна моќ согласно регулаторната рамка на Европската Комисија за електронски комуникациски мрежи и услуги.

Во врска со пристапот и користењето на специфични мрежни средства, во јули 2005 Агенцијата донесе Правилник за пристап и користење на специфични мрежни средства, а на 01.09.2008 година негови измени и дополнувања, со кои се допрецизира заедничката употреба на објектите, кабелските канализации и антенските столбови на операторот со значителна пазарна моќ на релевантен пазар од страна на ново појавените оператори на пазарот.

Во август 2008 година беше донесен Закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации со кој се укинаа концесиските договори на АД Македонски телеком, Т-Мобиле и Космофон. Врз основа на овој закон концесионерите мораа да се нотифицираат во службената евиденција на Агенцијата за оние јавни комуникациски мрежи и услуги што беа опфатени со концесиските договори. Со тоа целосно беше надминат проблемот со постоењето на концесиски договори и концесионерите се изедначија со правата на сите останати јавни комуникациски оператори. Потоа, согласно Законот за електронските комуникации, Агенцијата ги издаде одобренијата за користење на радиофреквенциите на „Т-Мобиле“ и „Космофон“ за мобилните мрежи GSM[6] 900.

Заради ефективно исполнување на обврската за водење на посебно сметководство за активностите поврзани со интерконекција или пристап, изработен е и на 01.09.2008 година усвоен е нов Правилник за начинот на водење на посебно сметководство за активностите поврзани со интерконекција и/или пристап, објавен во „Службен весник на РМ“, бр. 112/2008.

Согласно Програмата за работа и според препораките на Европската Комисија на 04.09.2008 година изработен е и усвоен нов Правилник за ниво на деталност на информациите што ќе бидат објавени во Референтната понуда за разврзан пристап на локална јамка и начинот на нивното објавување. Стоа се овозможува за реализација на целосно разврзан пристап на локална јамка да се понудат и „неактивните“ јамки, односно локалните јамки што биле активни, но за кои во меѓувреме престанал да постои важечки претплатнички договор помеѓу операторот со значителна пазарна моќ и претплатникот, се воведува регулација на т.н. „гол ADSL“. Исто така се воведуваат одредби со кои се гарантира нивото на услуга (SLA-Service Level Agreement), со што ќе се овозможат подобри услови за развој на конкуренција во т.н. „последен километар“, односно пристап до крајниот корисник.

[6] GSM (*Global System for Mobile* communications: originally from Groupe Spécial Mobile)-Глобален систем за мобилни комуникации,

Во однос на големопродажбата на изнајмените линии, изработен е и на 04.09.2008 година донесен е Правилник за обезбедување на терминирани и/или преносни сегменти на изнајмени линии со кој се пропишуваат обврските, начинот и постапката за обезбедување на терминирани и/или преносни сегменти на изнајмени линии на операторот со значителна пазарна моќ на релевантните пазари за продажба на производи и услуги на големо број 13 и број 14, со што со примена на принципите за пристап до терминирани и преносни сегменти на изнајмените линии, недискриминација, транспарентност, контрола на цени и обврска за сметководство на трошоци и водење на посебно сметководство, ќе се овозможи нивно користење од страна на други оператори и/или даватели на електронски комуникациски услуги.

Изработен е и на 04.09.2008 година донесен Правилник за регулирање на малопродажните цени, со кој се пропишуваат обврските, начинот и постапката за регулирање на малопродажните цени на фиксни говорни телефонски мрежи и услуги од страна на оператор со значителна пазарна моќ на релевантните пазари за продажба на производи и услуги на мало број 1 до број 6.

Согласно препораките на Европската Комисија изработен е и на 12.12.2008 година е усвоен нов Правилник за ниво на деталност на информациите што ќе бидат објавени во  Референтната понуда за интерконекција и начинот на нивното објавување.

Исто така е изработен и усвоен Правилник за обезбедување на битстрим пристап и препродажба на битстрим услуга објавен во „Службен весник на РМ“, бр. 154/2008.

Преглед на сите донесени правилници во 2008 година е даден во прилог1.

## Состојба на пазарот за електронски комуникации во Република Македонија

Пазарот на електронски комуникации во регионот (Македонија, Хрватска, Турција, Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Србија и Косово) се проценува на 15,8 милијарди евра во 2007 година. Евидентен е значителен пораст од претходната 2006 година, кој се должи на значителниот раст на услугите на мобилна телефонија и интернет услугите.

| | 2006 (евра) | 2007 (евра) | раст 2006-2007 (%) |
|---|---|---|---|
| Фиксна телефонија | 5,063,455,024.00 | 5,394,233,619.00 | 6.53% |
| Интернет услуги | 686,811,535.00 | 963,492,108.00 | 40.28% |
| Мобилна телефонија | 6,986,614,747.00 | 9,001,313,454.00 | 28.84% |
| Пренос на податоци | 377,447,015.00 | 394,970,576.00 | 4.64% |
| Кабелска телевизија (без интернет) | 91,440,462.00 | 90,819,534.00 | -0.68% |
| Вкупно | 13,205,768,783.00 | 15,844,829,291.00 | 19.98% |

Табела 1 Вредност на пазарот на електронски комуникации по приходи во евра, 2006 и 2007 година[7]




Цртеж 1: Удел на одделните електронски комуникациски услуги во вредноста на пазарот во регионот ,за 2007 година[8]

Во Република Македонија во 2007 година пазарот на електронски комуникации изнесувал 380.392.861 евра а во 2008 година 392.460.519 евра, од што најголем процент отпаѓаат на фиксната и мобилната телефонија. Тоа значи дека има раст од 3.17% на пазарот на електронски комуникации во Република Македонија. Останатите услуги се дадени во наредната табела:

[7] Извор Cullen International, организација која обезбедува мониторинг услуги на регулатори од Европа,
[8] Извор Cullen International, организација која обезбедува мониторинг услуги на регулатори од Европа,

| | 2007 (евра) | Удел во 2007 (%) | 2008 (евра) | Удел во 2008 (%) | Раст од 2007-2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Кабелска телевизија (без интернет) | 6,258,493 | 1.65 | 8.650.472 | 2.20 | 38,21% |
| Интернет услуги | 31.944.712 | 8.40 | 32.809.527 | 8.36 | 2,7% |
| Фиксна телефонија | 130,126,912 | 34.21 | 123.495.504 | 31.47 | -5.1% |
| Мобилна телефонија | 212,062,744 | 55.75 | 227.505.016 | 57.97 | 7,28% |
| Вкупно | 380,392,861 | 100.00 | 392.460.519 | 100,00 | 3,17% |

Табела 2 Удел на одделните електронски комуникациски услуги во вредноста на пазарот на електронски комуникации во Република Македонија во евра за 2007 година и 2008 година[9]




Цртеж 2 Пазар на електронски комуникации во Република Македонија по приходи во евра за период од 01.01.2008 – 31.12.2008 година




График 1 Удел на одделните електронски комуникациски услуги во вредноста на пазарот на електронски комуникации во Република Македонија во евра за 2007 и 2008 година

[9] Според анализа на пристигнати квартални извештаи од операторите и даватели на јавни комуникациски услуги,

### Пазар на фиксна телефонија

Вкупниот број на фиксни линии преставени во табелата 3 и 4 се дадени квартално по технологија и видови на претплатници за 2008 година. Во Република Македонија процесот на конвергирање на аналогните линии во дигитални е оддамна завршен. Имено, Република Македонија има целосно дигитална мрежа од 2005 година.

| | 2008/1 квартал | 2008/2 квартал | 2008/3 квартал | 2008/4 квартал |
|---|---|---|---|---|
| PSTN-резиденцијални | 399.975 | 396.650 | 395.046 | 398.239 |
| PSTN-деловни | 37.057 | 37.032 | 36.845 | 38.123 |
| ISDN-резиденцијални вкупно | 2.416 | 2.359 | 2.192 | 1.944 |
| ISDN-деловни вкупно | 12.970 | 13.986 | 13.165 | 12.970 |
| ISDN BRA-резиденцијални | 2.416 | 2.359 | 2.192 | 1.944 |
| ISDN BRA- деловни | 12.595 | 12.895 | 12.755 | 12.584 |
| ISDN PRA-резиденцијални | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ISDN PRA- деловни | 375 | 391 | 393 | 409 |

**Табела 3 Број на фиксни линии според вид на технологија во 2008 година по квартали**[10]

| | 2008/1 квартал | 2008/2 квартал | 2008/3 квартал | 2008/4 квартал |
|---|---|---|---|---|
| Резиденцијални | 402.391 | 399.009 | 397.238 | 400.183 |
| Деловни | 50.027 | 50.318 | 50.010 | 51.093 |

**Табела 4 Фиксни линии видови претплатници во 2008 година по квартали**

### Пазар на мобилна телефонија

Пазарот на мобилна телефонија е во подем. Во Република Македонија во 2007 година е евидентиран пораст на бројот на претплатници за 26 %, пред се како резултат на влезот на трет мобилен оператор на пазарот. На крајот на 2007 година пенетрацијата во мобилна телефонија е 96,2 %. На крајот на третиот квартал од 2008 година истата е 109 %. Ова се должи на употребата на повеќе од една SIM картички од различни мобилни оператори, со цел да се искористат особено атрактивните понуди на тарифни пакети од операторите, како и да се обезбеди мрежна покриеност. Покрај тоа во 2008 година за прв пат во Македонија почна да се нуди услугата од трета генерација на мобилни телефони 3G, од страна на Космофон А.Д. Скопје, а оваа година со лиценца за 3G се здоби и T-Mobile Македонија. Сите овие активности резултираа со намалување на цените за користење на мобилната телефонија во Република Македонија.

| | Ниска | | | Средна | | | Висока | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2006 | 2007 | 04/2008 | 2006 | 2007 | 04/2008 | 2006 | 2007 | 04/2008 |
| T-Mobile | 7,37 | 7,37 | **4,08** | 18,33 | 17,26 | **14,60** | 37,08 | 36,81 | **32,5** |
| Cosmofon | 7,49 | 8,91 | **3,99** | 27,35 | 27,13 | **15,76** | 48,21 | 46,33 | **40,04** |
| VIP operator | | | **4,9** | | | **14,25** | | | **30,33** |

**Табела 5 Цени за малопродажба на услуги во мобилна телефонија по кошнички според критериумите на OECD во евра**[11]

[10] Извор: Агенција за електронски комуникации, според анализа на пристигнати квартални извештаи од операторите и даватели на јавни комуникациски услуги,

[11] Извор OECD (Organisation for Economic Co-operation and Development) Организација за економска соработка и развој, дефиниции за кошнички во мобилна телефонија според: Annex to the European Electronic Regulation and markets 2005 (11th report),




График 2 Цени за малопродажба на услуги во мобилна телефонија по мала потрошувачка кошничка според критериумите на OECD во евра




График 3 Цени за малопродажба на услуги во мобилна телефонија по средна потрошувачка кошничка според критериумите на OECD во евра




График 4 Цени за малопродажба на услуги во мобилна телефонија по висока потрошувачка кошничка според критериумите на OECD во евра




График 5 Пораст на мобилна пенетрација[12] даден во проценти (%)[13]

[12] Мобилна пенетрација претставува однос помеѓу активни мобилни претплатнички линии во земјата во однос на бројот на жители,

[13] Извор: Агенција за електронски комуникации, според пристигнатите квартални извештаи за трет квартал од 2008 година,

### *Широкопојасен интернет*

Во 2008 година евидентен е голем напредок на пазарот на широкопојасен интернет во Република Македонија. Со донесување на голем број на подзаконски акти беше овозможена зголемена конкуренција на пазарот на широкопојасен интернет, што резултираше со драстичен пораст на бројот на претплатници на овој вид на услуга.




| | 1 квартал | 2 квартал | 3 квартал |
|---|---|---|---|
| резиденцијални корисници | 99077 | 114139 | 126480 |
| деловни корисници | 21694 | 24730 | 27058 |
| вкупно | 120771 | 138869 | 153538 |

**График 6 Пораст на корисници на широкопојасен интернет во Република Македонија во 2008 година[14]**

Покрај изработката на подзаконски акти на оваа тема Агенцијата активно учествуваше и во работната група за изработка на Националната стратегија за широкопојасен интернет (FTTH[15]), подготвена од страна на Министерството за транспорт и врски.

Преглед на полугодишните споредбени податоци за пазарот на јавни електронски комуникации во Република Македонија се дадени во прилог4.

[14] Извор: Агенција за електронски комуникации, според пристигнатите квартални извештаи за трет квартал од 2008 година,
[15] FTTH (Fibre To The Home) Оптички кабел до секој дом,

## Универзална услуга

Во јануари 2008 година Комисијата како орган на Агенцијата донесе Одлука за распишување на јавен тендер со претквалификација за избор на давател на универзална услуга („Сл. весник на РМ", бр. 1/2008), а со решение на Комисијата како орган на Агенцијата година беше формирана Комисија за спроведување на постапката на јавен тендер со претквалификација за избор на давател на универзална услуга.

Отварањето на барањата поднесени од заинтересираните страни за учество во постапката за избор на давател на универзална услуга беше извршено на ден 18.02.2008 година, за што Комисијата за спроведување на постапката на јавен тендер со претквалификација за избор на давател на универзална услуга состави записник. Комисијата за спроведување на постапката на јавен тендер со претквалификација за избор на давател на универзална услуга изготви извештај од извршеното разгледување на примените барања од заинтересираните страни за учество во постапката за избор на давател на универзална услуга по однос на Јавен тендер (со претквалификација) и истиот го достави до в.д. Директорот на Агенцијата.

Комисијата за спроведување на постапката на јавен тендер со претквалификација за избор на давател на универзална услуга работеше на изготвување на тендерска документација за втората фаза од јавниот тендер за избор на давател на универзална услуга. За таа цел, низ неколку состаноци беше разгледана состојбата во Република Македонија и потребата од универзална услуга, и тоа:

- беше разгледана Одлуката за распишување на јавен тендер со претквалификација за избор на давател на универзална услуга по однос на бројот на даватели на универзална услуга;
- беше спроведена анализа за определување на критериуми за разумно барање и потреби од комуникациски услуги на лица со посебни потреби;
- беше анализиран бројот на јавните телефонски говорници, според извештајот за исполнување на обврските од договорот за концесија на АД "Македонски телекомуникации" споредбено со населението по општини според последниот попис во Република Македонија (извор Државен завод за статистика);
- се анализираше времетраење на договорот со избраниот давател на универзална услуга.

Комисијата за спроведување на постапката на јавен тендер со претквалификација за избор на давател на универзална услуга во постапката на изготвување на тендерска документација за втората фаза од јавниот тендер за избор на давател на универзална услуга направи длабинска анализа на услугите и регулативата поврзани со универзалната услуга.

Директорот на Агенцијата донесе Одлука за набавка на консултантски услуги за изработка на тендерска документација за втората фаза од постапката за определување на давател на универзална услуга во Република Македонија. Со оваа одлука Комисијата за спроведување на постапката на јавен тендер со претквалификација за избор на давател на универзална услуга беше задолжена да ја спроведе постапката за јавната набавка на консултант за изработка на тендерска документација за втората фаза од постапката за определување на давател на универзална услуга. Комисијата за спроведување на постапката за јавната набавка на консултант за изработка на тендерска документација за втората фаза од постапката за

определување на давател на универзална услуга на јавното отварање закажано на ден 19.08.2008 година констатира дека нема пристигнати понуди, за што состави записник.

Се формира работна група за ревизија на подзаконските акти поврзани со обезбедување на Универзалната услуга. Предмет на ревизијата беа:

- Правилник за формата и содржината на единствениот телефонски именик („Сл. весник на РМ“, бр. 106/2006)
- Правилник за техничките барања за квалитетот на универзалната услуга, техничките параметри и нивно мерење, како и минималните услови за квалитет на универзалната услуга („Сл. весник на РМ“, бр. 106/2006)
- Правилник за утврдување на критериуми за тендерска постапка за претквалификација за избор на давател на универзална услуга („Сл. весник на РМ“, бр. 135/2006)
- Правилник за утврдување на методологијата за формирање на цени на универзална услуга („Сл. весник на РМ“, бр. 135/2006)
- Правилник за методот за пресметување на реални трошоци и нематеријални поволности на давателот на универзална услуга („Сл. весник на РМ“, бр. 135/2006)
- Правилник за утврдување на висината на средствата за надоместување на реалните трошоци за вршење на универзалната услуга („Сл. весник на РМ“, бр. 135/2006)

Во врска со сетот правилници поврзани со обезбедувањето универзална услуга како што е пропишано во членовите 33-39 од Законот, работната група оцени дека се потребни измени најпрвин во Законот, од причина што не само поради фактот што одредбите на Директивата за универзална услуга не се транспонирани во Законот како што налага директивата, туку се поместени и со нивна примена како што наложува Законот може да се наруши кревкиот степен на конкуренција на пазарот на јавни електронски комуникациски мрежи и услуги во Република Македонија и да се поврати монополот за поранешниот инкамбент оператор АД „Македонски телекомуникации“.

## Обезбедување на електронски комуникациски мрежи и услуги

### Постапка на нотификација на оператори на јавни електронски комуникациски мрежи и даватели на јавни електронски комуникациски услуги

Во периодот од 01.01.2008 година до 31.12.2008 година, во службената евиденција на Агенцијата, се запишани нотификациите на **24** оператори на јавни електронски комуникациски мрежи и **8** даватели на јавни електронски комуникациски услуги. Воедно, во истиот период, во службената евиденција на Агенцијата избришани се **19** нотифицирани субјекти од кои **14** оператори на јавни електронски комуникациски мрежи и **5** даватели на јавни електронски комуникациски услуги, така да на 31.12.2008 година во службената евиденција на Агенцијата запишани се нотификациите на вкупно **158** оператори на јавни електронски комуникациски мрежи и **36** даватели на јавни електронски комуникациски услуги.

| | 31.12.2005 | 31.12.2006 | 31.12.2007 | 31.12.2008 |
|---|---|---|---|---|
| Оператори за фиксна телефонија | 1 | 2 | 44 | **54** |
| Оператори за мобилна телефонија | 2 | 2 | 11 | **14** |
| CaTV оператори | 9 | 105 | 111 | **113** |
| VoIP услуги | 20 | 46 | 99 | **132** |
| Internet провајдери | 12 | 87 | 96 | **99** |

Табела 6 Приказ на број на нотифицирани субјекти за обезбедување на јавни електронски комуникациски мрежи и/или услуги




График 7 Приказ на број на нотифицирани субјекти за обезбедување на јавни електронски комуникациски мрежи и/или услуги за период од 2005 до 2008 година

| | 31.12.2007 | 01.07.2008 |
|---|---|---|
| Оператори за фиксна телефонија | 4 | **6** |
| Оператори за мобилна телефонија | 3 | **3** |
| CaTV оператори | 64 | **67** |
| VoIP услуги | 31 | **31** |
| Internet провајдери | 38 | **50** |

Табела 7 Приказ на број на активни субјекти за обезбедување на јавни електронски комуникациски мрежи и/или услуги[16]

Во постапката на нотификација, во текот на 2008 година беа изготвени вкупно **13** известувања до субјектите поради некомплетна документација или поради доставување на неправилен и неточно пополнет образец за нотификација.

На барање на нотифицирани субјекти, во текот на 2008 година, Агенцијата донесе **20** решенија за отстранување од евиденција на нотифицирани субјекти од службената евиденција.

Во текот на 2008 година, подготвени се и доставени **64** известувања за регистрација на промена на датумот со започнување на активностите наведени во нотификацијата согласно Прилог 2: Нотификација за менување или прекин на јавна електронска комуникациска услуга доставен од страна на нотифицирани субјекти.

Во периодот од 01.01.2008 година до 31.12.2008 година на барање на заинтересирани субјекти, а согласно Законот за пристап до информации од јавен карактер, беа изготвени и испратени по електронски пат **24** одговори со појаснување за постапката за обезбедување на јавни услуги на говор преку мрежи со комутација на пакети (Интернет протокол и други протоколи) и постапката за доделување и користење на негеографски броеви од сериите 05 и 08.

### Постапка за градба на јавни електронски комуникациски мрежи

Со измена и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање произлегоа дополнителни обврски за Агенцијата. Во 2008 година по основ на новите обврски извршено е следното:

- Издавање на согласност за изградба на електронски комуникациски мрежи и придружни средства. Врз основа на член 23 став 12 и член 25 од Законот за изменување и дополнување на законот за просторно и урбанистичко планирање(„Сл.Весник на РМ“ бр.137/07), Агенцијата издава согласност на идејни проекти за изградба на електронски комуникациски мрежи и придружни средства, а по барање на Министерството за транспорт и врски. Во текот на 2008 година се изготвени и издадени 53 согласности на идејни проекти.
- Издавање на мислење за изградба на електронски комуникациски мрежи и придружни средства. Врз основа на член 50 став 12 од Законот за просторно и урбанистичко планирање – пречистен текст („Сл.Весник на РМ“бр.24/08), Агенцијата издава мислење на урбанистички проект за изградба на електронски комуникациски мрежи и придружни средства, а по барање на Министерството за транспорт и врски. Во текот на 2008 година се изготвени и издадени 24 мислења на урбанистички проекти.

[16] Извор Агенција за електронски комуникации, обезбедени податоци од пристигнатите полугодишни извештаи, извештаите за крај на годината треба да бидат доставени до 31.03.2009 година,

### Трета генерација на мобилни комуникациски мрежи

Третата генерација на мобилни комуникациски мрежи (IMT–2000/UMTS), во моментов претставуваат една од клучните телекомуникациски технологии кои ќе ги интегрираат моментално поделените мобилни и фиксни услуги во моќно средство за неограничена мултимедијална комуникација.

Овие системи треба да обезбедат безжичен пристап на глобалната светска телекомуникациска инфраструктура и да обезбедат широк спектар на интегрирани услуги на говор, податоци, слики и видео, базирани на брз проток на податоци.

3G услугите ќе додадат една нова мобилна димензија на услугите кои веќе станаа интегрален дел на современото деловно работење: Интернет и Интранет пристап, видеоконференција, интерактивна размена на податоци и разни апликации. Се работи за поддршка на новата, флексибилна практика на работење кога деловните луѓе имаат постојана потреба за широк спектар на информации и услуги преку корпоративните Интранет мрежи, без разлика каде се, на сопственото работното место или било каде надвор.

Со овозможувањето пристап од личниот терминал на секоја услуга, секогаш и секаде исчезнуваат старите граници помеѓу комуникацијата, информацијата, медиумот и забавата. Услугите навистина конвергираат.

Најважна особина на 3G системите е високиот степен на унифицираност, компатибилност на услугите и користењето на различни терминали кои претставуваат прави персонални комуникатори што функционираат како телефон, компјутер, телевизор, пејџер, видео конференциски центар, печатен медиум, дури и како кредитна картичка.

Со цел да се воведат новите 3G услуги и во Република Македонија, при крајот на 2007 година Агенцијата спроведе постапка на Јавен тендер за доделување на едно одобрение за користење на радиофреквенциите за обезбедување на јавни мобилни комуникациски мрежи и услуги од третата генерација (3G). Целата постапка на избор на најповолен понудувач заврши во почетокот на 2008 година, така што одобрението му беше доделено на „Космофон“ АД Скопје во февруари 2008 година, врз основа на уплатениот износ во висина од 10.050.000,00 евра.

Со цел да се зголеми конкуренција во мобилните јавни комуникациски услуги во сегметот на 3G услуги, во текот на септември 2008 година Агенцијата објави нов јавен тендер за доделување на 3 (три) нови одобренија за обезбедување на јавни мобилни комуникациски мрежи и услуги од третата генерација (3G) според стандардот IMT2000/UMTS на целата територија на Република Македонија. За таа цел Владата на Република Македонија донесе Одлука („Сл.весник на РМ“, бр.110/08) со која даде согласност да почетниот износ на пазарната вредност на радиофреквенциите изнесува 10.000.000,00 евра по одобрение. На тендерот се јави само еден понудувач, „Т-Мобиле Македонија“ АД за мобилни комуникации Скопје, кој во целост ги исполни пропишаните услови. Така „Т-Мобиле“ АД Скопје, во декември 2008 година, со добивањето на одобрението стана вториот оператор за обезбедување на јавни мобилни комуникациски мрежи и услуги од третата генерација (3G) според стандардот IMT-2000/UMTS на целата територија на Република Македонија.

### Широкопојасен безжичен пристап (WiMAX)

Поаѓајќи од потребата за зголемување на користењето на интернетот кој се повеќе е нераскинлив дел од секојдневното работење, во изминатите две години Агенцијата направи радикален чекор за воведувањето на системи за широкопојасен безжичен пристап со WiMAX технологија. Во постапка на јавен тендер беа доделени 20 одобренија за користење на радиофреквенции. Така, одобрение за користење на

радиофреквенции за системите за широкопојасен безжичен пристап FWA (WiMAX) добија компаниите: „Нексcом Македонија", „Америком", „Неотел", „ИСТЕЛ", „Космофон", „РЖ Услуги" и „Мател Македонија". Во изминатиот период овие компании со големи потешкотии започнаа со работа, но сеуште без очекуваните резултати, за што има повеќе објективни и субјективни причини. Со оглед дека две компании, „РЖ Услуги„ и „Мател Македонија", кои имаа одобренија за работа во 2 региона (Регион 2 и 3), не започнаа со комерцијална работа, нивните фреквенции беа одземени и за нив во декември 2008 беше распишан нов тендер. Истиот успешно заврши и се очекува одобренијата да бидат доделени во текот на 2009 година.

### Премин кон земни дигитални емисии

Воведувањето на дигиталната радиодифузија е процес кој е започнат во европските земји пред неколку години и се одвива согласно препораката на Европската Комисија за што побрз премин од аналогна во дигитална телевизија. Според препораката од Европската комисија, во согласност со обврските превземени пред ITU[17] од страна на Агенцијата 2015 година е определена како краен рок за исклучување на аналогните предаватели.

Треба да се напомене дека се работи за нова технолошка платформа која треба да биде силна конкуренција на кабелските дистрибутивни системи со извонреден квалитет на сигналот и многу нови содржини. Но тоа е можно само ако со дигиталната телевизија се овозможи прием барем на приближен број ТВ канали како и кај кабелските мрежи, кои во моментот емитуваат повеќе од 60 канали. Дигиталниот пренос овозможува во еден стандарден аналоген UHF[18] телевизиски канал (т.н. мултиплекс) со широчина од 8 MHz, со примена на посебни стандарди за компресија (MPEG-2[19], MPEG-4[20]), да се пренесуваат 4-10, па и повеќе, стандардно дефинирани SDTV[21] ТВ програми зависно од динамиката на сликата, или од 2 до 4 ТВ програми со висока резолуција HDTV[22].

Поаѓајќи од зголемениот интерес Агенцијата покрена постапка за воведувањето на дигиталната телевизија во Република Македонија, и за таа цел на почетокот на оваа година Владата на Република Македонија донесе Одлука за почетниот износ на пазарната вредност на радиофреквенциите и критериуми за доделување на радиофреквенции за 3 милтиплекси за обезбедување на радиокомуникациска услуга-пренос на дигитални телевизиски услуги преку јавната комуникациска мрежа (DVB-T[23]). После повеќе усогласувања и одложувања, конечно во декември 2008 година беше објавен меѓународен тендер кој треба да заврши во 2009 година.

### Преносливост на телефонски броеви

Правилникот за преносливост на броеви („Сл. Весник на РМ", бр. 135/2006) предвидуваше Централна база на податоци (ЦБП-систем) кој содржи информации за рутирање кои се однесуваат на сите пренесени броеви за да се овозможи преносливост на броеви, чиј развој, управување и одржување е во надлежност на Агенцијата. За таа цел Агенцијата објави Отворен повик за набавка на: Софтвер за реализација на преносливост на броеви со изворен код, одржување на системот и централната база на пренесени броеви (ЦБП) и функционални барања на системот за преносливост на броеви. Агенцијата одлучи да склучи Договор за

[17] ITU (International Telecommunication Union) – Интернационална телекомуникациска унија,
[18] UHF (Ultra high frequency)- Ултра високи фреквенции,
[19] MPEG-2 (Moving Picture Experts Group) - Стандард за аудио и видео компресија за емитување на квалитетна телевизија,
[20] MPEG-4 - Стандард за аудио и видео компресија за емитување на квалитетна телевизија подобар од MPEG-2,
[21] SDTV (Standard Definition TV)
[22] HDTV (High Definition TV)
[23] DVB-T (Digital Video Broadcasting-Terrestrial) – Дигитална земска видео радиодифузија,

набавка со фирма, која се обврза да го изработи решението за софтверот за реализација на преносливост на броеви со изворен код, одржување на системот и централната база на пренесени броеви (ЦБП) и функционални барања на системот за преносливост на броеви до 01.07.2008 година.

Согласно Правилникот за преносливост на броеви операторите се должни меѓусебно да соработуваат во интерес на обезбедување на преносливост на броеви. Во мај 2008 година, Агенцијата беше известена дека нема заеднички став меѓу сите оператори во врска со техничките параметри за обезбедување на преносливост на броеви. Поради тоа, Агенцијата низ заеднички состаноци со операторите ги лоцираше отворените прашања и, после спроведената анализа, подготви предлог за изменување и дополнување на Правилникот за преносливост на броеви. Со предлогот за изменување и дополнување на Правилникот за преносливост на броеви се прецизираа вредностите на параметрите за рутирање на повици и услуги (SMS, MMS) кон пренесени броеви. Предлогот за изменување и дополнување на Правилникот за преносливост на броеви беше објавен на веб страната на Агенцијата (www.aek.mk) и по истиот беше отворена јавна расправа каде сите заинтересирани субјекти своите мислења и забелешки ќе можат да ги достават до Агенцијата најдоцна до 27.06.2008 година. По завршувањето на јавната расправа, Агенцијата ги анализираше сите пристигнати коментари на предлогот и подготви одговор за секој пристигнат коментар со заклучок дали истиот се прифаќа или не и образложение за заземениот став. Предлогот за изменување и дополнување на Правилникот за преносливост на броеви беше доставен до Комисијата на Агенцијата за негово усвојување. Истиот беше усвоен во јули 2008 година и објавен во „Сл. Весник на РМ“, бр. 87/2008. Во измените и дополнувањата на Правилникот за преносливост на броеви од јули 2008 година, освен допрецизирање на вредностите на одредени параметри потребни за правилно рутирање на повици и услуги кон пренесени броеви, а заради потребата за интеграција на сопствениот предложен систем на операторите меѓу себе, се воведе период за пробна работа на предложениот систем. Агенцијата го прецизира датумот 31.08.2008 година кога треба да заврши пробната работа на предложениот систем за преносливост на броеви кај операторите и од кога операторите ќе бидат обврзани да ја понудат за крајните корисници услугата за преносливост на броеви. За време на пробната работа, операторите меѓусебно треба да извршат тестирање на сите можни сценарија на рутирање на повици и услуги кон пренесени броеви.

По усвојувањето на предложениот правилник, Агенцијата пристапи кон подготовка на решенија за доделување на Код на оператор, потребен за имплементација на преносливост на броеви.

Во текот на јули и август 2008 година, Агенцијата одржуваше состаноци со претставници на постојно активните оператори и добавувачот на решението за ЦБП системот, со цел Агенцијата да го следи процесот на тестирање на функционалноста на трансакциите и комуникацискиот интерфејс со ЦБП системот и да превземе мерки согласно Законот за електронски комуникации кон оние оператори кои нема да ги завршат тестирањата за трансакциите и комуникацискиот интерфејс со ЦБП системот заклучно со 15.07.2008 година, односно нема да ја понудат услугата за преносливост на броеви на 01.09.2008 година.

Услугата за преносливост на броеви успешно стартуваше комерцијално на 01.09.2008 година.

После нејзиниот старт и следење на нејзината имплементација, во ноември 2008 година, стручната служба на Агенцијата одлучи дека има потреба од изменување и дополнување на Правилникот за преносливост на броеви во одредбите за времетраење на временската рамка за фактичко пренесување на бројот, процедурата за размена на податоци меѓу операторите во врска со пренесување на броеви, процедурата за суспензија на број од ЦБП-системот и сл. Заради тоа, беше подготвен предлог за изменување и дополнување на Правилникот за преносливост на броеви, кој беше отворен за јавна расправа до 05.12.2008 година. На

заинтересираните страни им беше овозможено и на директни средби со претставници на стручната служба на Агенцијата да ги образложат своите забелешки и мислења. По анализа на сите мислења, коментари и забелешки, стручната служба на Агенцијата преку Директорот на Агенцијата во декември 2008 година до Комисијата на Агенцијата достави предлог за изменување и дополнување на Правилникот за преносливост на броеви. Со предложените измени и дополнувања се намалува времетраењето на временската рамка за фактичко пренесување на бројот од 7 на 2 работни дена, се допрецизира процедурата за размена на податоци меѓу операторите во врска со пренесување на броеви и се допрецизира процедурата за суспензија на број од ЦБП-системот.

| Број на пренесени броеви | IX/2008 | X/2008 | XI/2008 | XII/2008 | **Вкупно** | Број на активни претплатници (состојба 30.06.2008) | Процент на пренесени броеви до 31.12.2008 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Фиксни броеви | 78 | 582 | 1277 | 1864 | **3 801** | **454 603** | **0,84%** |
| Мобилни броеви | 21 | 256 | 202 | 340 | **819** | **2 151 358** | **0,04%** |

Табела 8 Податоци за пренесени броеви[24]




График 8 Податоци за пренесени броеви по месеци во 2008 година[25]

| % Оператор | IX/2008 | X/2008 | XI/2008 | XII/2008 |
|---|---|---|---|---|
| Македонски телеком | 100 | 100 | 100 | 100 |

Табела 9 Удел на фиксен оператор во пренесени броеви од неговата мрежа[26]

[24] Извор од ЦБП системот за пренесени броеви,
[25] Извор од ЦБП системот за пренесени броеви,
[26] Извор од ЦБП системот за пренесени броеви,

| % Operator | IX/2008 | X/2008 | XI/2008 | XII/2008 |
|---|---|---|---|---|
| T-Mobile | 45.45 | 55 | 59.90 | 72.78 |
| Cosmofon | 54.55 | 43 | 39.60 | 27.22 |
| VIP operator | 0.00 | 1 | 0.50 | 0.00 |

Табела 10 Удел на мобилен оператор во пренесени броеви од неговата мрежа[27]

Агенцијата е на мислење дека преносливоста на броеви, посебно во фиксната телефонија, е успешна заради тоа што безмалку 1% од сите активни претплатници на доминантниот оператор кој порано имал монопол АД „Македонски телеком“ (453 642 на 30.06.2008) беа пренесени во мрежите на други фиксни оператори за време од 4 месеци.

### Triple play услуга

Од Ноември 2008 година за корисниците комерцијално се нуди Triple play услугата. Triple-play услугата опфаќа говорна услуга, услуга на пренос на податоци (интернет) и IP[28] телевизија и во 2008 за прв пат во Република Македонија е понуден од страна на:

- Доминантниот фиксен оператор АД „Мекедонски телеком“ за 2.359,00 денари (со вклучен ДДВ) или околу 38 Евра, и
- Кабелскиот оператор „Cabletel” за цена од  2.040,00 денари (со вклучен ДДВ) или околу 33.9 Евра.

[27] Извор од ЦБП системот за пренесени броеви,
[28] Услуга на дигитална телевизија која се нуди преку интернет протокол (IP)

# 3 Активности на Агенцијата за електронски комуникации

## Анализа на пазарот и прибирање на податоци

Заради обезбедување на поефективна и поефикасна регулација на пазарот на електронски комуникации, Агенцијата донесе Правилник за обезбедување на транспарентност во работењето на Агенцијата за електронски комуникации и за објавување на податоците поврзани со работењето на операторите на јавни комуникациски мрежи и даватели на јавни комуникациски услуги.

Според Законот за електронски комуникации Агенцијата има обврска да врши анализа на релевантните пазари. За таа цел Агенцијата изготви Методологија за анализа на релевантни пазари.

Методологија за анализа на релевантни пазари ја користи Агенцијата при вршење на анализата на релевантните пазари, како упатство при вршењето на анализата, односно утврдувањето дали релевантните пазари се конкурентни или има потреба од регулација. Основната потреба за нејзино донесување е усогласениот транспарентен и недискриминаторски пристап во спроведување на анализата (принципи, постапки, процедури, информации...) на сите релевантни пазари кои се предмет на анализа.

При вршење на анализата на релевантните пазари, согласно препораките на Основните упатства од Европската Комисија за вршење на анализа на релевантни пазари и утврдување на значителна пазарна моќ согласно регулаторната рамка на Европската Комисија за електронски комуникациски мрежи и услуги, Агенцијата ќе користи современ пристап и структурна евалуација на релевантниот пазар базирани на постоечките услови на пазарот. Агенцијата треба да оцени дали релевантниот пазар ќе биде конкурентен во иднина и да предвиди дали било кој недостаток на ефикасна конкуренција е долготраен, земајќи го предвид очекуваниот или предвидливиот развој на релевантниот пазар во определен разумен временски период.

Методологијата ги содржи основните принципи согласно кои Агенцијата ќе врши дефинирање на релевантни пазари, процесот на анализа на релевантните пазари, определување на оператор/и со значителна пазарна моќ на релевантите пазари и определување на обврски на операторот со значителна пазарна моќ.

Методологијата за анализа на релевантните пазари е изработена во согласност на Законот за електронските комуникации („Службен Весник на РМ", бр.13/2005, 14/2007, 55/2007 и 98/2008) и подзаконските акти донесени врз негова основа, Законот за заштита на конкуренцијата ("Службен Весник на РМ" бр.04/2005, 70/2006 и 22/2007), притоа земајќи ги предвид основните упатства од Европската Комисија за вршење на анализа на релевантни пазари и утвдување на значителна пазарна моќ согласно регулаторната рамка на Европската Комисија за електронски комуникациски мрежи и услуги.

Заради ефективно исполнување на обврската за водење на посебно сметководство за активностите поврзани со интерконекција или пристап, изработен е и усвоен нов Правилник за начинот на водење на посебно сметководство за активностите поврзани со интерконекција и/или пристап, а на АД „Македонски телеком" Скопје, „Т-мобиле" АД Скопје и „Космофон" АД Скопје, согласно член 47 од Законот за електронските

комуникации, како оператори со значителна пазарна моќ им се донесени решенија со кои им се наметнува обврската за водење на посебно сметководство.

Со овој Правилник се уредува начинот на водење на посебно сметководство од страна на обврзаниот оператор за активностите поврзани со интерконекција и/или пристап.

Согласно препораките од Европската Комисија, Агенцијата ќе го задолжи обврзаниот оператор да изврши разграничување на оперативните трошоци, капиталните трошоци и приходите.

Обврзаниот оператор подготвува посебни извештаи за добивка и загуба (сметководствени извештаи) за активностите на основната мрежа, активностите на мрежата за локален пристап, активностите на малопродажба и за другите активности.

Во сметководствените извештаи обврзаниот оператор ќе го образложи износот на поврат на вложените средства применет во пресметката на капиталните трошоци и начинот на негово пресметување, а исто така ќе изготви и:

- Извештај за сметководствени политики користени при изготвувањето на посебните сметководствени извештаи за активностите на основната мрежа, активностите на мрежата за локален пристап, активностите на малопродажба и за другите активности,
- Извештај за усогласување на трошоците и приходите со ревидираната годишна сметка,
- Матрица која ги сумира вкупните трошоци пренасочени од една активност кон друга активност,
- Извештај за основата на алокација на нераспределените трошоци помеѓу различните сметки,
- Информации за методологијата на алокација на трошоци употребена од страна на обврзаниот оператор за целите на посебно сметководство. Овие информации ќе бидат на ниво на деталност кое јасно ги покажува врските на пример помеѓу трошоците за интерконекција и цени за интерконекција,
- Извештај за просечните трошоци на мрежните елементи.

Започнати се активности за регулација на релевантниот пазар број 12 - Пристап до broadband со изработка на Правилник за обезбедување bitstream пристап и препродажба на bitstream услуга.

Врз основа на спроведената анализа на доставените 108 извештаи за остварени вкупни годишни приходи на оператори на јавни комуникациски мрежи и даватели на јавни комуникациски услуги во текот на претходната календарска 2007 година.

### *Обработка на податоците во полу-годишниот извештај за вршење на јавни електронски комуикациски активности (мрежи и/или услуги)*

Во текот на 2008 година обработувани се податоците од полу-годишниот извештај за вршење на јавни електронски комуникациски активности (мрежи и/или услуги) и тоа:

*- за периодот од 01.07.2007 година до 31.12.2007 година*

Заклучно со 01.05.2008 година се обработени следниве податоци за 140 нотифицирани субјекти:

- поднеле целосен извештај ...............................................................121 (96+25)

- поднеле Нотификација -Прилог 2 за промена на датумот на започнување на јавна електронска комуникациска услуга ...........................................................................11 (9+2)

- не започнале со работа во рокот наведен во нотификацијата и за нив е донесено Решение за отстранување од база на нотифицирани субјекти од листата на правни и физички лица кои имаат намера да вршат јавни електронски комуникациски услуги .................................................... 5 (3+2)

- без никаков одговор ........................................................................... 8 (5+3)

Карактеристично за оваа активност е што нотифицираните субјекти се уште во целост на ја исполнуваат обврската да доставуваат полу-годишни извештаи до Агенцијата за своите активности, па затоа во текот на 2008 година во повеќе наврати Агенцијата подготви и дистрибуира циркуларно известување со потсетување за оваа законска обврска и тоа:

- во јануари 2008 година до 142 нотифицирани субјекти (сите што навеле дека ќе ги започнат своите активности до периодот 01.07.2007-31.12.2007) и

- во март 2008 година до 74 нотифицирани субјекти известување пред бришење од листата на нотифицирани правни и физички лица кои имаат намера да вршат јавни електронски комуникациски мрежи/услуги, а не ја исполниле обврската да достават извештај.

Исто така, карактеристично е што некои од нотифицираните субјекти се уште не се технички навлезени во услугата што ја обезбедуваат, така што во текот на 2008 година Агенцијата достави 7 дописи за неправилно и неточно пополнет полу-годишен извештај за вршење на јавни електронски комуникациски активности, со објаснување за начинот на негово пополнување.

Воедно, заради недоставување на полугодишен извештај за вршење на јавна електронска комуникациска активност за периодот 01.07-31.12.2007 година, Агенцијата донесе 4 решенија за бришење на нотифицирани субјекти од службената евиденција на Агенцијата на нотифицирани субјекти.

Согласно измените и дополнувањата на Упатството за обезбедување на информации и финансиски податоци од јули 2008 година, Агенцијата подготви и достави допис до 159 активни субјекти (оператори на мрежи и/или даватели на услуги) со известување за обврската за доставување пополнет извештај за вршење на јавна електронска комуникациска активност за периодот од 01.01.–30.06.2008 година, како и потсетување на обврската за доставување на истиот, најдоцна до 01.09.2008 год. Известувањето содржеше информација за активните деловни субјекти дека има нов, изменет и дополнет образец на извештајот за вршење на јавна електронска комуникациска активност, што е во прилог на Упатството за изменување на Упатството за обезбедување на информации и финансиски податоци усвоено од страна на Комисијата на Агенцијата на 11.07.2008.

Во месец септември 2008 година, бројот на пристигнати полу-годишни извештаи беше под 30% од субјектите, што резултираше со потреба за повторно потсетување на активните деловни субјекти на нивната обврска за доставување полу-годишен извештај за своите активности до Агенцијата. Поради тоа, Агенцијата подготви и достави уште едно циркуларно писмо, односно известување пред бришење од листата на нотифицирани

правни и физички лица кои имаат намера да вршат јавни електронски комуникациски мрежи и/или услуги до 58 субјекти кои немаа доставено извештај за вршење на јавна електронска комуникациска услуга за периодот 01.01.–30.06.2008 година. Заради ваквата состојба со ненавремено испраќање на полугодишни извештаи за вршење на јавна комуникациска услуга, Агенцијата ќе предложи до Собранието на Република Македонија измена на Законот за електронски комуникации во делот за казнени одредби.

Заклучно со 22.12.2008год, полугодишен извештај за вршење на јавна електронска комуникациска активност (мрежи и/или услуги) имаат доставено 146 субјекти (118 оператори на мрежи и 28 даватели на услуга), од кои:

- 123 уредно имаат доставено полу-годишен извештај (99 оператори и 24 даватели на услуги),

- 14 уредно имаат доставено Прилог 2 за промена на датумот на започнување на јавна електронска комуникациска услуга (11 оператори и 3 даватели на услуги),

- со 6 субјекти водена е коресподенција поради одредени забелешки (пополнет стар образец на полу-годишниот извештај, недостасува податок за подрачјето на кое се обезбедува, погрешно пополнети податоци, и сл). Овој процес целосно е завршен.

- 3 субјекти (2 оператори и 1 давател на услуга ) не работат и/или не доставиле Извештај за вршење на јавна електронска комуникациска услуга во дадениот рок, па за нив Агенцијата донесе решение за бришење од листата на правни и физички лица кои имаат намера да вршат јавни електронски комуникациски активности (мрежи и/или услуги).

***Обработка на податоците од годишниот извештај за параметри за квалитет на јавните говорни услуги***

Во текот на месец мај 2008 година се обработени податоците од годишниот извештај за параметри за квалитет на јавните говорни услуги доставен од АД „Македонски Телеком“ АД за 2007 година. По направената анализа, побарани се дополнителни објаснувања, како и пополнување на одредени параметри кои недостасуваа во извештајот за параметри за квалитет на јавните говорни услуги. Операторот АД „Македонски Телеком“ уредно ги достави бараните објаснувања.

Обработените податоци споредбено се дадени во табелите во прилог 2 за 2006 и прилог 3 за 2007година.

По направената анализа на целосниот годишен извештај за параметрите за квалитет на јавните говорни услуги за 2007 година, споредено со истиот извештај за 2006 година, се констатира подобрување на следните параметри:

- потребно време за почетно приклучување на претплатничка линија за најбрзите 99% и тоа од 19 работни дена во 2006 година на 14 работни дена за 2007 година;

- времето за отстранување на грешки на пристапните линии и сите други грешки е намалено скоро за половина;

- средното време на воспоставување на меѓународни повици е намалено од 3,69 секунди во 2006 година на 3,166 секунди за 2007 година;

- времето на одговор на операторска услуга е значително намалено од 22 секунди во 2006 година на 11 секунди во 2007 година, што се одразува во зголемување на % на одговор на операторската услуга за време од 20 секунди од 70% во 2006 година на 83% во 2007 година;

- времето на одговор на службата за информации е значително намалено на 20 секунди во 2007 година, што се одразува во зголемување на % на одговор на службата за информации за време од 20 секунди од 62% во 2006 година на 67% во 2007 година;

- процентот на неуспешни меѓународни разговори споредено со 2006 година, во 2007 година е намален на половина, и

- процентот на исправни јавни говорници во Република Македонија е подобрен од 84.05% во 2006 година на 90.78% во 2007 година.

Како минимално влошени параметри за квалитет на јавни говорни услуги во 2007 година споредено со 2006 година се констатираат:

- процентот на неуспешни национални повици (при намален број на обсервации споредено со 2006 година) се зголемил од 2.62% за 2006 година на 2.74% во 2007 година;

- средното време на воспоставување на национален повик од 0.923 секунди во 2006 година на 0.926 секунди во 2007 година, како и

- процентот на приговори на претплатници за висина на сметката од 0.06575% во 2006 година на 0.0870% во 2007 година.

Сепак, сите параметри се наоѓаат во маргините на дозволената толеранција, поради што Агенцијата оцени дека нема потреба да му се наложи на АД „Македонски Телеком“ подобрување на наведените параметри.

Воедно, во мај 2008 година, Агенцијата подготви и достави известување до 30 активни субјекти кои обезбедуваат јавни фиксни телефонски услуги со образец за параметри за квалитет на јавните комуникациски услуги, кои треба да го достават во рок од 30 дена од приемот на известувањето. Во образецот треба да се наведе мерната метода и мерниот резултат на наведените параметри, согласно член 58 од „Правилникот за видот и содржината на податоците кои операторите на јавни комуникациски мрежи и/или давателите на јавни комуникациски услуги се должни да ги објават во врска со општите услови за пристап и користење, цените и тарифите и параметрите за квалитет на јавните комуникациски услуги“ („Сл. весник на РМ“, бр. 1/2006).

Карактеристично за оваа активност е што нотифицираните субјекти во овој период се уште заборавaат на обврската да доставуваат ваков вид на извештај. Стручната служба на Агенцијата на повеќе субјекти им ги објасни методите и начинот на доставување на потребните податоци. Досегашното искуство, имајќи го предвид минатогодишниот извештај, покажува дека субјектите имаат иницијатива и желба за соработка по ова прашање, а како факт ги наведуваме бројните телефонски јавувања и состаноци од страна на заинтересираните субјекти.

Како конечен резултат од оваа анализа, Агенцијата изготви збирни компаративни извештаи поврзани со параметрите за квалитет за јавните говорни услуги за 2006 и 2007 година, кои ќе бидат објавени на веб-

страната на Агенцијата во текот на 2009 година, а во овој извештај се прикажани во прилог 2 за 2006 година и прилог 3 за 2007 година.

### *Обработка на податоците од годишниот извештај за исполнување на обврските утврдени во договорите за концесија*

Во утврдениот рок согласно договорот за концесија за вршење јавни телекомуникациски услуги, АД “Македонски телекомуникации“, АД “Т-Мобиле“ и АД “Космофон“ до Агенцијата доставија извештај за исполнување на обврските од договорот за концесија.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации од јули 2008 година, објавен во „Сл.весник на РМ“ бр. 98/2008, договорите за концесија склучени меѓу Министерството за транспорт и врски и горе наведените компании престануваат да важат, со што произлегува дека анализата на податоците од годишниот извештај за исполнување на обврските утврдени во договорите за концесија е последна од таков вид.

### Регулација на цени

Во насока на контрола на цените за интерконекција и контрола на цените за разврзан пристап на локална јамка, во јуни 2007 година, Агенцијата изготви и објави „Упатство за подготовка на модел на трошоци базиран на LRIC[29] методологијата“ за АД „Македонски телекомуникации“ како оператор со значителна пазарна моќ. Врз основа на ова упатство АД „Македонски телекомуникации“ до Агенцијата достави цени за услугите опфатени со Референтната понуда за интерконекција и Референтната понуда за разврзан пристап на локална јамка, базирани на трошоци според LRIC методологијата.

Во април 2008 година е завршена анализата на моделот на трошоците за пресметка на цените во Референтата понуда за интерконекција за да се утврди дали истите се базирани на реалните трошоци. Од извршената анализа на цените во Референтната понуда за интерконекција, е утврдено дека АД „Македонски телекомуникации“ треба да изврши намалување на цените и истиот е задолжен да изврши измена на Референтната понуда за интерконекција. АД „Македонски телекомуникации“ Скопје на ден 23.05.2008 година ја достави на одобрување изменетата Референтна понуда за интерконекција. Со оглед на тоа што во Референтната понуда за интерконекција се имплементирани измените на цените донесено е одобрение со кое е одобрена измената на Референтната понуда за интерконекција. Постапувајки во согласност со ова одобрение АД „Македонски телекомуникации“ на својата веб страна ги објави новите цени за интерконекција.

Новите цени за интерконекција започнаа да се применуваат од 01.06.2008 година.

[29] LRIC (Long Run Incremental Cost) методологија за пресметка на цени базирани на трошоци,

| **Основни услуги за сообраќај** | **Надомест по минута сообраќај** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2006** Дополнително се додава set-up надомест | | **2007** Без set-up надомест | | **2008** Без set-up надомест | |
| | **Интензивен сообраќај** (ден) | **Слаб сообраќај** (ден) | **Интензивен сообраќај** (ден) / процентуално намалување во однос на претходната година | **Слаб сообраќај** (ден) / процентуално намалување во однос на претходната година | **Интензивен сообраќај** (ден) / процентуално намалување во однос на претходната година | **Слаб сообраќај** (ден) / процентуално намалување во однос на претходната година |
| Локално оригинирање на повик | 1 | 0,55 | 0,54 / 46% | 0,36 / 34,5% | 0,43 / 20,4% | 0,29 / 19,44% |
| Регионално оригинирање на повик | 1,22 | 0,66 | 0,75 / 38,5% | 0,5 / 24,2% | 0,63 / 16% | 0,42 / 16% |
| Локално терминирање на повик | 0,9 | 0,5 | 0,54 / 40% | 0,36 / 0,28% | 0,43 / 20,3% | 0,29 / 19,4% |
| Регионално терминирање на повик | 1,1 | 0,6 | 0,75 / 31,8% | 0,5 / 16,6% | 0,63 / 16% | 0,42 / 16% |
| Национално терминирање | 1,53 | 0,83 | 1,11 / 27,45% | 0,75 / 9,63% | 0,88 / 20,7% | 0,58 / 22,6% |

Табела 11 Цени за интерконекција во денари за 2006, 2007 и 2008 година[30]




График 9 Пад на цените за интерконекција во 2006, 2007 и 2008 година за време на интензивен сообраќај

Со измените на Референтната понуда за интерконекција одобрени од страна на Агенцијата на 26.05.2008 година, им се овозможува на интерконекциските партнери на АД „Македонски телекомуникации“ да обезбедуваат локални повици за претплатниците на АД „Македонски телекомуникации“ преку услугата за избор на оператор, со што ќе се овозможи поголема конкурентност и воведување на нови поатрактивни и разновидни понуди на пазарот за јавни фиксни телефонски услуги.

[30] Извор Агенција за електронски комуникации,

Во насока на заштита на конкуренцијата и обезбедување на поголеми поволности за крајните корисници на ден 11.06.2008 година донесено е Решение со кое АД „Македонски телекомуникации“ е задолжен повторно да изврши измена на Референтната понуда за интерконекција со што АД „Македонски телекомуникации“ е должен да им даде можност на сите свои претплатници, без оглед на тарифниот модел што го користат, со услугата избор на оператор и предизбор на оператор да ги користат услугите на алтернативниот оператор за појдовни локални, национални, кон мобилни и меѓународни повици. Ова нема да се однесува само на оние претплатници кои ќе го користат минималниот пакет опфатен со универзалната услуга, а одобрен од страна на Агенцијата.

Врз основа на Референтната понуда за интерконекција, до сега се склучени единаесет договори за интерконекција помеѓу АД „Македонски телекомуникации“ и: „Он-Нет“, „Актон“, „Нексом Македонија“, „Мател МК“, „Неотел“, „ВИП оператор“, „Инфел Нетплус“, „Космофон“ АД, „Аикол“, „Кејблтел“ и „Телесмарт“. Од особено значење е и склучувањето на Договорите за интерконекција за обезбедување на фиксни и мобилни услуги на „Космофон“ АД со АД „Македонски телекомуникации“, со „Т-Мобиле“ и со „ВИП Оператор“ со што се создаде можност „Космофон“ АД и „Он-Нет“ (преку брендот „Онтел“) да започнат со нудење на услуги во фиксната телефонија, (локални, национални и меѓународни разговори) по цени поевтини од цените на АД „Македонски телекомуникации“ Скопје

АД „Македонски телекомуникации“ Скопје на ден 23.05.2008 година ја достави на одобрување Референтната понуда за разврзан пристап на локална јамка. Со оглед на тоа што во Референтната понуда за разврзан пристап на локална јамка се имплементирани измените во цените, донесено е одобрение од 23.05.2008 година со кое е одобрена измената на Референтната понуда за разврзан пристап на локална јамка. Од извршената анализа на цените во Референтната понуда за разврзан пристап на локална јамка, Агенцијата утврди дека АД „Македонски телекомуникации“ треба да изврши намалување на цената за месечен надоместок за целосно разврзан пристап на локална јамка од 582,92 денари на 478 денари.

Постапувајки во согласност со ова одобрение АД „Македонски телекомуникации“ на својата веб страна ги објави новите цени за разврзан пристап на локална јамка. Новите цени започнуваат да се применуваат од 01.06.2008 година.

Врз основа на Референтната понуда за разврзан пристап на локална јамка, до сега е склучен општ договор за разврзан пристап на локална јамка помеѓу АД „Македонски телекомуникации“ и „Он-Нет“.

Со цел на обезбедување и заштита на конкуренцијата кај операторите на јавни мобилни комуникациски мрежи Агенцијата ги презеде следните активности:

Врз основа на член 45 став 2 од Законот за електронските комуникации, а во согласност со Решението на Агенцијата од 26.11.2007 година со кое АД „Т-Мобиле“ и „Космофон“ АД Скопје се определени за оператори со значителна пазарна моќ на релевантниот пазар за продажба на производи и услуги на големо број 16-Услуга за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи на географското подрачје на Република Македонија, АД „Т-Мобиле“ и „Космофон“ АД до Агенцијата доставија Предлог Референтна понуда за интерконекција. Постапувајќи во согласност со член 45 став 4 од Законот за електронските комуникации, Агенцијата изврши анализа на доставените Референтни понуди за интерконекција како од технички, така и од аспект на методологијата за формирање на цените за интерконекција.

При анализата на цените за услугата за терминирање на говорен сообраќај во мрежата на АД „Т-Мобиле" и мрежата на „Космофон" АД, се оцени дека со истите не се овозможува промовирање на ефикасна и одржлива конкуренција и не се овозможува зголемување на поволностите за корисниците, поради што цената за услугата за терминирање на говорен сообраќај во мрежата на АД „Т-Мобиле" и во мрежата на „Космофон" АД се определи на износ од 3,8 МКД/мин, без разлика дали се работи за период на интензивен сообраќај или пак за период на слаб сообраќај.

Операторите се должни цената на износ од 3,8 МКД/мин да ја применуваат од 01.08.2008 година.

| Цена | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | разлика 2007-2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Интензивен сообраќај | 7,8 денари | 7,8 денари | 7,8 денари | 3,8 денари | -51,3% |
| Слаб сообраќај | 2,9 денари | 2,9 денари | 2,9 денари | 3,8 денари | 31% |

Табела 12 Цена за услугата за терминирање на говорен сообраќај во мрежата на АД „Т-Мобиле" и во мрежата на „Космофон"АД[31]




График 10 Цена за услугата за терминирање на говорен сообраќај во мрежата на АД „Т-Мобиле" и во мрежата на „Космофон"АД

Според NPAA[32] на и согласно препораките на Европската Комисија изработен е и на 04.09.2008 година е усвоен нов Правилник за ниво на деталност на информациите што ќе бидат објавени во референтната понуда за разврзан пристап на локална јамка и начинот на нивното објавување, со цел за целосно разврзан пристап на локална јамка да се понудат и „неактивните" јамки, поточно локалните јамки кои порано биле активни, но во моментот на барањето не постои важечки претплатнички договор помеѓу операторот со значителна пазарна моќ и претплатникот, се регулира т.н гол АДСЛ, како и обезбедуваат гаранции за нивото на услуга (SLA-Service Level Agreement) со што ќе се овозможат подобри услови за развој на конкуренцијата на т.н. последен километар, односно пристапот до крајниот корисник .

АД „Македонски телекомуникации" Скопје на ден 14.09.2008 година ја достави на одобрување Референтната понуда за разврзан пристап на локална јамка. Со оглед на тоа што во Референтната понуда за разврзан пристап на локална јамка се имплементирани измените во цените, донесено е одобрение од 31.12.2008 година со кое е одобрена измената на Референтната понуда за разврзан пристап на локална јамка. Од

[31] Извор Агенција за електронски комуникации,
[32] NPAA (National Program for Aproximation of Acquis) – Национална програма за апроксимација со европското законодавство,

извршената анализа на цените во Референтната понуда за разврзан пристап на локална јамка, Агенцијата утврди дека АД „Македонски телекомуникации“ треба да изврши намалување на цената за месечен надоместок за целосно разврзан пристап на локална јамка од 478 денари на 430 денари.

Постапувајки во согласност со ова одобрение АД „Македонски телекомуникации“ на својата веб страна ги објави новите цени за разврзан пристап на локална јамка Новите цени започнуваат да се применуваат од 02.01.2009 година.

Во однос на обезбедувањето на минимален пакет на изнајмени линии изработен е и на 04.09.2008 година донесен е Правилник за обезбедување на минимален пакет на изнајмени линии од страна на оператор со значителна пазарна моќ на релевантниот пазар за продажба на производи и услуги на мало број 7 (објавен во „Сл. весник на РМ“, бр. 112/2008), со кој подецидно се утврдуваат обврските на СМП операторот за обезбедување на минимален пакет на изнајмени линии, се пропишува контролата на цените за поединечни видови на изнајмени линии, се определуваат елементите кои задолжително треба да ги содржат договорите за обезбедување на минимален пакет на изнајмени линии од аспект на поголема заштита на корисниците и што е уште позначајно се утврдуваат конкретни рокови за изведба на минималниот пакет на изнајмени линии. Донесено е решение со кое АД „Македонски телеком“ се задолжува да достави понуда за обезбедување на минимален пакет на изнајмени линии. Понудата е доставена во определениот рок, а Агенцијата ја разгледа и одобри.

| Капацитет | Горна граница за месечен надоместок и 1/24 од еднократната сума за конекција за должина на линијата до **2 km** во **€** | Горна граница за месечен надоместок и 1/24 од еднократната сума за конекција за должина на линијата до **5 km** во **€** | Горна граница за месечен надоместок и 1/24 од еднократната сума за конекција за должина на линијата до **15 km** во **€** | Горна граница за месечен надоместок и 1/24 од еднократната сума за конекција за должина на линијата до **50 km** во **€** | Горна граница на еднократната сума за конекција во **€** |
|---|---|---|---|---|---|
| **64 kbit/s** | **61** | **78** | **82** | **99** | **542** |
| **2 Mbit/s** | **186** | **248** | **333** | **539** | **1112** |
| **34 Mbit/s** | **892** | **963** | **1597** | **2539** | **2831** |
| **155 Mbit/s** | **1206** | **1332** | **1991** | **4144** | **3144** |

**Табела 13 Регулација на цени за големопродажба на изнајмени линии**[33]

Во однос на големопродажбата на изнајмените линии, изработен е и на 04.09.2008 година донесен е Правилник за обезбедување на терминирани и/или преносни сегменти на изнајмени линии со кој се пропишуваат обврските, начинот и постапката за обезбедување на терминирани и/или преносни сегменти на изнајмени линии на оператор со значителна пазарна моќ на релевантните пазари за продажба на производи и услуги на големо број 13 и 14 (објавен во „Сл. весник на РМ“, бр. 112/2008),, со што со примена на принципите за:

- пристап до терминирани и преносни сегменти на изнајмени линии,
- недискриминација
- транспарентност

[33] Извор Агенција за електроски комуникации,

- контрола на цени и обврска за сметководство на трошоци и
- водење на посебно сметководство,

ќе се овозможи нивно користење од страна на други оператори и/или даватели на електронски комуникациски услуги. Донесено е решение со кое АД „Македонски телеком“ Скопје се задолжува да достави понуда за обезбедување на терминирани и/или преносни сегменти на изнајмени линии. Понудата е доставена во определениот рок, а Агенцијата ја разгледа и одобри.

Во врска со Пристап и користење на специфични мрежни средства во јули 2005 Агенцијата донесе Правилник за пристап и користење на специфични мрежни средства. Согласно условите утврдени со истиот АД „Македонски телеком“, како оператор со значителна пазарна моќ, до сега има склучено 90 договори со оператори на јавни електронски комуникациски мрежи и даватели на јавни електронски комуникациски услуги, за пристап и користење на негови специфични мрежни средства. На 04.09.2008 година донесени се измени на Правилникот за пристап и користење на специфични мрежни средства (објавен во „Сл. весник на РМ“, бр. 112/2008), со кои се врши допрецизирање на условите за пристап и користење на специфични мрежни средства.

Со Правилникот за регулирање на малопродажните цени, изработен и донесен на 04.09.2008 година (објавен во „Сл. весник на РМ“, бр. 154/2008), се пропишуваат обврските, начинот и постапката за регулирање на малопродажните цени на фиксни говорни телефонски мрежи и услуги од страна на оператор со значителна пазарна моќ на релевантните пазари за продажба на производи и услуги на мало број 1 до број 6. Операторот до Агенцијата доставува Ценовник за поединечните малопродажни цени во кои посебно се прикажуваат еднократните надоместоци, месечните надоместоци и можните попусти за секоја од услугите што ги обезбедува, а особено цените за:

- пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација за резиденцијални крајни корисници;
- пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација за деловни крајни корисници;
- јавно достапни локални и/или национални телефонски услуги на фиксна локација за резиденцијални крајни корисници;
- јавно достапни меѓународни телефонски услуги на фиксна локација за резиденцијални крајни корисници;
- јавно достапни локални и/или национални телефонски услуги на фиксна локација за деловни крајни корисници;
- јавно достапни меѓународни телефонски услуги на фиксна локација за деловни крајни корисници.

Согласно Правилникот за регулирање на малопродажните цени, АД „Македонски телекомуникации“ Скопје до Агенцијата треба да достави Ценовник за поединечните малопродажни цени во кои посебно се прикажуваат еднократните надоместоци, месечните надоместоци и можните попусти за секоја од услугите што ги обезбедува.

Според NPAA[34] на и согласно препораките на Европската Комисија изработен е и на 12.12.2008 година е усвоен нов Правилник за ниво на деталност на информациите што ќе бидат објавени во Референтната понуда за интерконекција и начинот на нивното објавување (објавен во „Сл. весник на РМ“, бр. 154/2008),. Постапувајќи во согласност со член 45 став 4 од Законот за електронските комуникации, АД „Македонски телекомуникации“ Скопје, АД „Т-Мобиле“ и „Космофон“ АД до Агенцијата треба да достават на одобрување Референтна понуда за интерконекција со што се добива поголема либерализација на пазарот на електронски комуникации.

[34] NPAA (National Program for Aproximation of Aqui) – Национална програма за апроксимација со европското законодавство,

## Нумерација

### *Управување со нумерација*

Во врска со надлежноста за управување со нумерацискиот простор како ограничен ресурс, водејќи сметка да се задоволат потребите на операторите и/или давателите на електронски комуникациски услуги, како и на крајните корисници кои имаат право на доделување на броеви и серии на броеви, а воедно и да се обезбеди доделување и користење на броеви на праведен и недискриминаторен начин, Агенцијата во овој период издаде решенија за:

| Реден Бр. | Вид на решение | Вкупен број на решенија | Вкупен број на серии на броеви | Вкупен број на броеви | Вкупен број на кодови |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Негеографски броеви од серијата 05 | 8 | | 23 | |
| 2 | Негеографски броеви од серијата 08 | 28 | | | |
| 3 | Скратени броеви во географски нумерациски подрачја | 20 | | | |
| 4 | Промена на носител на правото за користење на скратен број | 28 | | | |
| 5 | Промена на носител на правото за користење на негеографски број | 7 | | | |
| 6 | Серии на географски претплатнички броеви | | 1386 | | |
| | 1 Македонски Телеком АД | | | 1.148.000 (1.132.000 + 16.000) | |
| | 2 Космофон (фиксна телефонија) | | | 198.000 | |
| | 3 Он.Нет | | | 1.000 | |
| | 4 НЕОТЕЛ | | | 14.000 | |
| | 5 ИНФЕЛ-НЕТПЛУС | | | 7.000 | |
| | 6 КЕЈБЛТЕЛ | | | 5.000 | |
| | 7 АИКОЛ | | | 4.000 | |
| | 8 НЕКСКОМ МАКЕДОНИЈА | | | 9.000 | |
| 7 | Серии на негеографски претплатнички броеви | | 535 | | |
| | 1 Т-Мобиле | | | 254.000 | |
| | 2 Космофон | | | 120.000 | |
| | 3 ВИП Оператор | | | 161.000 | |
| 8 | Решение за менување на решение за доделување на број | 8 | | | |
| 9 | скратен број за потреби на оператор | 7 | | 25 | |
| 10 | меѓународен код за сигнализација | 3 | | | 4 |
| 11 | национален код за сигнализација | 7 | | | 69 |
| 12 | код за избор на оператор | / | | | |
| 13 | резервиран код за избор на оператор | / | | | |
| 14 | код за идентификација на мобилна мрежа | / | | | |
| 15 | одземање на правото за користење на доделен скратен број | 40 | | | |
| 16 | одземање на правото за користење на доделен негеографски број | 15 | | | |
| 17 | код на оператор за потребите на ЦБП за пренесени броеви | 16 | | | |
| 18 | одземање на доделен национален код за сигнализација | 1 | | | |

Табела 14 Решенија за нумерација[35]

[35] Извор Агенција за електронски комуникации,

Во јануари 2008 година на барање на АД „Македонски телеком“, Агенцијата донесе единствено Решение за доделување на **1.132.000** географски претплатнички броеви со кое престанаа да важат претходните решенија за доделување на географски претплатнички броеви.

При следење на рационалното користење на доделените броеви и серии на броеви од Планот за нумерација, констатирано е дека одредени носители на правото за користење на броеви и серии на броеви не ја подмируваат обврската за плаќање на годишниот надомест за користење на доделените броеви и серии на броеви. Согласно Законот за електронските комуникации, на таквите субјекти им се подготвени и доставени **154** известувања пред одземање на правото за користење на броеви и серии на брови во периодот од 01.01.2008 година до 31.12.2008 година.

Во истиот период до операторите се доставија:

- **7** барања за доставување годишен извештај за користење на доделени броеви и серии броеви,

- **13** барања за доставување податоци за користење Рутирачки код и

- **16** известувања со забелешки за некомплетни барања за доделување на броеви и серии на броеви и промена на носител на правото за користење на доделен број.

Во 2008 година секторот за телекомуникации достави и:

- **21** известување и барање до службата за финансии и сметководство при Агенцијата за доставување финансиски податоци за корисници на доделени броеви и серии на броеви,

- **7** мислења по жалба на решение за одземање на доделени броеви до Комисијата на Агенцијата на нејзино барање.

### *Измени и дополнувања на Планот за нумерација*

На почетокот на 2008 година, Агенцијата до Комисијата на Агенцијата предложи измени и дополнувања на Планот за нумерација на јавните комуникациски мрежи и услуги на Република Македонија, кои беа усвоени во април 2008 година и објавени во „Сл. весник на РМ“ бр. 52/2008. Измените се состоеја од терминолошко усогласување со одредбите на „Правилникот за видот и содржината на податоците кои операторите на јавни комуникациски мрежи и/или давателите на јавни комуникациски услуги се должни да ги објават во врска со општите услови за пристап и користење, цените и тарифите и параметрите за квалитет на јавните комуникациски услуги“ во делот на нумерација за услуги со посебна цена на чинење наменети за возрасни, како и дополнување со кое се овозможува националните кодови за сигнализација што им се доделуваат на операторите да бидат технолошки неутрални, независно од видот на мрежата (фиксна или мобилна).

Во мај 2008 година, со појавувањето на сериозна конкуренција на пазарот на јавни фиксни телефонски мрежи, се издигна прашањето во врска со пристап до броевите од сериите 12,17 и 18, кои што согласно со Планот за нумерација на јавните комуникациски мрежи и услуги на Република Македонија се наменети за пристап до службите за грижа за корисници на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи. Агенцијата направи длабинска анализа за ефикасната искористеност на броевите за услуги за грижа за корисници и одржа состаноци со претставници на сите активни оператори на јавни фиксни и мобилни мрежи во Република Македонија. Агенцијата подготви Предлог за изменување и дополнување на Планот за нумерација на јавните комуникациски мрежи и услуги на Република Македонија, по кој отвори јавна расправа

до 27.06.2008 година. По анализа на пристигнатите коментари и забелешки по објавениот предлог-План за нумерација, до Комисијата на Агенцијата беше доставен финален Предлог за изменување и дополнување на Планот за нумерација на јавните комуникациски мрежи и услуги на Република Македонија, со образложение за предложените измени и дополнувања, со опис на процедурата на јавната расправа и образложение за прифаќањето/одбивањето на секој пристагнат коментар. Предлогот за изменување и дополнување на Планот за нумерација на јавните комуникациски мрежи и услуги на Република Македонија Комисијата на Агенцијата го усвои во јули 2008 година и истиот беше објавен во „Сл. весник на РМ“ бр. 87/2008.

Со последните измени и дополнувања на Планот за нумерација на јавните комуникациски мрежи и услуги, освен дорегулирањето на пристапот до броевите од сериите 12, 17 и 18 за служби за грижа за корисници на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, треба да се истакне фактот дека се воведува номадска карактеристика на доделените географски претплатнички броеви. Имајќи предвид дека со развојот на новите технологии, особено на оние со комутација на пакети, се овозможува корисниците на доделените географски претплатнички броеви да може да се приклучат на било која мрежна завршна точка во мрежата на операторот што ги опслужува. Бидејќи согласно Законот за електронските комуникации, Агенцијата при одлучувањето за работите од својот делокруг треба да биде неутрална во однос на применетите технологии, а донесените одлуки да бидат пропорционални на целите што треба да се постигнат со нив, со воведувањето на номадската карактеристика на географските броеви ќе се поттикне користењето на новите технологии за обезбедување на говорни услуги (или популарно наречени VoIP услуги) и ќе се овозможи географските броеви со номадска карактеристика да бидат платформа за ново појавените оператори на пазарот на фиксна телефонија во Република Македонија.

## Управување на радиофреквенцискиот спектар

Радиофреквенцискиот спектар, како ограничен природен ресурс, е дел од националното богатство и суверенитет на секоја земја, а физичките својства на простирањето на радиобрановите условуваат планирањето и управувањето со спектарот да не се само национални, туку и меѓународни процеси. Ова наметнува потреба за воспоставување на ефикасен и еднообразен систем за планирање и управување со спектарот, применлив за сите земји во светот. Затоа меѓународната регулатива се утврдува на глобално, регионално и национално ниво. Практично сите радиослужби кои имаат глобален карактер се регулираат единствено за сите земји на светот во рамките на Меѓународната унија за телекомуникации – ITU[36]. Во согласност со нејзините препораки, скоро во сите земји во светот се формирани посебни служби надлежни за планирањето, управувањето и мониторингот на радиофреквенцискиот спектар.

Зголемените потреби за употреба на радиокомуникациските технологии, ја истакнуваат важноста за управување со спектарот, како на национално, така и на меѓународно ниво. Прогресот во развојот на технологијата секојдневно создава нови корисници на спектарот кој, сепак, е ограничен ресурс. Согледувајќи ги можностите што ги нуди спектарот, за да се задоволат барањата на големиот број на различни корисници кои бараат пристап до него, ефективното управување со спектарот станува се покомплексно. Анализата станува се посложена и пообемна, не само поради големиот број на барања, туку и поради различноста на службите кои работат во ист или соседен опсег.

[36] ITU (International Telecommunications Union) - Меѓународната унија за телекомуникации,

Агенцијата, во текот на 2008 година, во рамките на надлежностите за управување со радиофреквенцискиот спектар ги презеде следните активности:

- По барање на Советот за радиодифузија, извршена е анализа на фреквенциските планови за радио и телевизија во опсезите 87.5-108 MHz и 470-862 MHz, заради определување на слободни фреквенции и одредување на технички параметри за распишување на 4 конкурси за доделување на дозволи за вршење на радиодифузна дејност на национално и локално ниво (за радио и за телевизија во аналогна технологија).
- репланирање на рбетните мрежи и доделба на радиофреквенции на јавните фиксни и мобилни оператори и мрежите за сопствени потреби на разни корисници;
- изготвување фреквенциски план за конкурсот за дигитална телевизија DVB-T, согласно плановите од Регионалната конференција за радиокомуникации за планирање на дигитална радиодифузија во опсезите 174-230 и 470-862 MHz, Женева 06 (RRC06);
- изготвување документација за пријавување на 370 аналогни фреквенциски доделби за телевизија во главниот меѓународен регистар на фреквенции (MIFR) на ITU и пријава на истите во Планот CT61;
- координација на аналогните фреквенции за телевизија со земјите кои спаѓаат во зоната на координација (Албанија, Грција, Србија, Црна гора, Бугарија, Романија, Италија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Малта);
- издадени се околу 806 одобренија за користење на радиофреквенции и тоа во фиксна и копнено-мобилна (634), радиодифузна и сателитска служба (57), радиоаматерски (115);
- издадени околу 60 одобренија за употреба на радио и телекомуникациска терминална опрема;
- вршена е пресметка на висината на бодовите за одредување на надоместокот за користење на радиофреквенции за сите радиокомуникациски служби според издадените одобренија;
- соработка со Советот за радиодифузија околу принципите за воведувањето на дигиталната телевизија;
- Изработка на подзаконски акти:

  - Правилник за користење на радиофреквенции во аматерска служба и

  - Упатство за начинот и условите за полагање испити за стекнување на звање радиоаматерски оператор.

## Контрола и мониторинг на радиофреквенции

### *Редовни активности*

Согласно Годишната програма за работа во делот што се однесува на активностите за контрола и мониторинг на радиофреквенциите и инспекцискиот надзор, Агенцијата вршеше:

- Мониторинг и контрола на работата на радиостаниците по пат на прием на емисии на радиостаници;
- Инспекциски надзор на корисници на радиофреквенции, оператори на јавни електронски комуникациски мрежи и даватели на јавни комуникациски услуги ;

Мониторингот на емисии на радиостаници се вршеше од фиксните контролно мерни центри со посада (КМЦ Скопје, Битола и Штип) и далечински управуваните станици Тетово (Еребино), Куманово и Фурка спрема месечните планови за работа по определени опсези и по денови. Со мобилната станица и со трите портабл станици се вршеше мониторинг на територијата на Република Македонија која што не се покрива со фиксните и далечински управуваните радиомониторинг станици.

Мониторингот на емисии на радиостаници се врши поради изнаоѓање на радиостаници кои што работат без одобрение за користење на радиофреквенции, контрола на техничките и експлоатационите карактеристики на радиостаниците, решавањето на пречките во радиокомуникациите како и регистрирањето на зафатеноста на радиофреквенцискиот спектар на територијата на Република Македонија со емисии на радиостаници од Република Македонија и од соседните земји. Базата на мониторинг - мерните податоци се користи за планирање и доделување на фреквенции на радиостаници и за координација на радиофреквенции со соседните земји.

За утврдените неправилности во работата на радиостаниците, како што се работа без одобрение за користење на радиофреквенции, отстапување во однос на податоците од одобрението, отстапување на техничките карактеристики на емисиите на радиостаниците, непридржување кон експлоатационите услови (тајм шеринг) и друго, се изготвени Извештаи за неправилности во работата на радиостаниците поради превземање на соодветни мерки од страна на инспекторите. Во случаи кога со спроведување на инспекцискиот надзор се извршуваше и мерка запечатување или привремено одземање на опрема се бараше и асистенција од МВР.

Решавањето на пречките во радиокомуникациите имаат приоритет во секојдневната работа на Агенцијата, а истите се решаваат со претходно утврдување на причините поради кои се настанати по пат на радиомерења на соодветни локации и со други анализи и истражувања.

Освен стандардниот мониторинг вршена е и контрола на квалитетот и на покриеноста на GSM мрежите во опсегот 900 MHz.

### *Мониторинг по посебни барања*

По посебни барања, а заради планирање и доделување на фреквенции за телевизија и звучна радиодифузија, доделување на фреквенции во други опсези како и контрола на условите (започнување со работа и изграденост на мрежа) од одобренијата за WiMAX и IMT (3G) извршен е мониторинг и доставени се извештаи за следните локации:

- Телевизија – Гевгелија, Валандово, Дојран, Охрид;
- Звучна радиодифузија – Гевгелија, Кавадарци, Прилеп, Охрид;
- Опсег од 410 до 430 MHz – Скопје, Битола и Штип;
- Опсег за WiMAX – Територија на Република Македомнија по истекот на 6 и на 12 месеци од добиените Одобренија за користење на фреквенции;
- Опсег за IMT (3G) што е доделен на „Космофон“ АД и
- По барање на МВР вршен е радио мониторинг во одредени радиофреквенциски опсези во Охрид од 1-3.05.2008 година за време на одржување на Самитот на Претседатели на земјите од Централна Европа.

### *Штетни пречки*

Во однос на претходната година, бројот на пријавени и решени пречки во радиокомуникациите е зголемен, а се однесува на пречки во опсегот на IMT (3G) кој што е доделен на „Космофон“ АД. Пречките ги предизвикуваа IP телефони, беби аларми и други електронски уреди кои се индивидуално донесени во Република Македонија, а не се наменети за европски пазар.

Решавани се пречки од соседните земји: од Грција на ТВ канали, од Албанија на Скијачки центар „Заре Лазаревски“ Маврово и од Косово на такси „Пулс Комерц“ и на фреквенција на воздухопловна мобилна служба што се користи на аеродромот „Александар Велики“. Пречката во воздухопловната служба беше решена во соработка со надлежниот орган од Косово.

Поради концентрација на поголем број на радио станици за звучна радиодифузија, (опсег 87.5 – 108 MHz) на локацијата Средно Водно се генерираа интермодулациони продукти со нивоа поголеми од дозволените во опсезите наменети за воздухопловната радионавигациска и воздухопловната мобилна служба (опсег 108 – 137 MHz). Во врска со наведеното извршени се потребни мерења на нивоата и фреквенциите на интермодулационите продуктии, анализи на добиените резултати и преку инспекциски надзор се превземени мерки интермодулационите продукти, кои што можат да ја загрозат безбедноста на воздушниот сообракај, да се сведат на минимум.

| | Опис на активности | Вкупно |
|---|---|---|
| 1 | Одземена комуникациска опрема | 4 |
| 2 | Запечатена комуникациска опрема | 2 |
| 3 | Вратена комуникациска опрема | 3 |
| 4 | Извештај за неправилност во работата на радиостаница | 189 |
| 5 | Решени пречки во радиокомуникации | 39 |
| 6 | Издавање на согласност на идејни проекти | 53 |
| 7 | Издавање на мислење на урбанистички проекти | 24 |
| 8 | Број на нелегални радиодифузни станици звук (31.12.2008) | 13 |
| 9 | Број на нелегални радиодифузни станици телевизија | 0 |
| 10 | Мерења за GSM покривање (број на траси) | 29 |

Табела 15 Квантитативен преглед на основните активности

### Инспекциски надзор

Во однос на минатата година зголемена е активноста поради обврската да се врши надзор за започнување со работа на операторите за WiMAX, интензивиран е надзорот на нелегалните радиодифузни станици и извршен е инспекцискиот надзор на поголем број на иматели на радиостаници во копнената мобилна служба

– такси компании кај кои често доаѓа до промена на сопственоста и до други промени во однос на важечкото одобрение за користење на радиофреквенции. Инспекциски надзор редовно се вршеше и при решавањето на пречките.

| | Опис на активности | Вкупно |
|---|---|---|
| 1 | Записник од инспекциски надзор | 227 |
| 2 | Предлог за донесување на Решение | 87 |
| 3 | Предлог за покренување на прекршочна постапка | 35 |
| 4 | Предупредувачко известување | 7 |

Табела 16 Квантитативен преглед на активности

### Надзор, права на корисниците и решавање на барања за заштита на правата на корисниците

Во врска со спроведување на одредбите од Законот за електронските комуникации и заштита на правата на корисниците на електронски комуникациски услуги, Агенцијата ги изврши и следните активности:

- Поднесени се 400 тужби со предлог за издавање на платен налог против корисници на радиофреквении и корисници на броеви и серии на броеви кои не го имаат платено или навремено не го имаат платено годишниот надоместок за користење на радиофреквенции или на доделени броеви и серии на броеви и од нив се наплатени вкупно 173 побарувања;
- Поднесени се 95 Решенија за забрана за користење на радиофреквенции и/или решенија за отсранување на одредени неправилности во работењето;
- Поднесени се 70 прекршочни пријави, по кои судовите имаат донесено 20 пресуди за изрекување на прекршочна санкција. Останатите се сеуште во тек.
- Решени се 238 барања за заштита на правата на корисници на електронски комуникациски услуги.

### Решавање на спорови помеѓу оператори и/или даватели на јавни електронски комуникациски услуги

Со цел успешно решавање на спорови помеѓу давателите на електронски комуникациски услуги од страна на Агенцијата е подготвен и усвоен на 01.09.2008 година Правилник за решавање на спорови. Во 2008 година немало барање за покренување на спор помеѓу оператори и/или даватели на електронски комуникациски услуги.

## Соработка со други државни органи и тела

Во рамките на склучениот меморандум за соработка меѓу двете регулаторни тела, во текот на 2008 година се одржаа неколку состаноци на одборот за соработка меѓу Агенцијата и Комисијата за заштита на конкуренција за тековни предмети што се во постапка пред секоја од двете институции.

Во јули 2008 година, Агенцијата достави податоци за бројот на PSTN корисници и бројот на ISDN линии за периодот 31.12.2005-31.12.2007 година, за потребите на Комисијата за заштита на конкуренција.

Дадена е асистенција на Министерството за внатрешни работи со мониторинг на определени фреквенции и опсези и дежурство на Самитот на претседателите на земјите од Централна Европа одржан во Охрид 1-3.05.2008 година.

Во текот на 2008 година остварена е тековна соработка со соодветната единица на АРМ во поглед на сместувањето на далечински управуваните радиомониторинг станици.

На наше барање, а заради пристап и до објекти од посебно значење, Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации на ден 05.05.2008, на одреден број на лица од Секторот за мониторинг, издаде безбедоносни сертификати.

## Човечки ресурси

Во текот на 2008 година Службата за човечки ресурси редовно и навремено ги извршуваше тековните активности согласно Правилникот за систематизација на работните задачи во стручната служба на Агенцијата за електронски комуникации, број 11-45/4 од 5.10.2006 година, односно беа изработени анекс договори за вработените во Агенцијата, пресметки и решенија за прекувремени работни часови, следење на редовноста на вработените, ажурирање на базата на податоци за вработените, пријавување на ново вработени, критериуми за број на денови од годишни одмори, издавање на потврди за вработување, ажурирање на молби за користење на денови од годишен одмор.

| Возраст | Вработени |
|---|---|
| <30 | 8 |
| 30<50 | 74 |
| >50 | 17 |

Табела 17 Возрасна структура на вработените

| Пол | Вработени |
|---|---|
| Машки | 55 |
| Женски | 44 |

Табела 18 Полова структура на вработените

| | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Срби | | Власи | | Бошњаци | | Други | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Бр.Вработени | 89 | | 6 | | 1 | | / | | 3 | | / | | / | | / | |
| Образование | всс | ссс | всс | ссс | всс | ссс | всс | ссс | всс | ссс | всс | ссс | всс | ссс | всс | ссс |
| Бр.Вработени | 42 | 47 | 1 | 5 | / | 1 | / | / | / | 3 | / | / | / | / | / | / |

Табела 19 Национална распределба на вработените во Агенцијата

| Помалку од средно образование | Средно образование | Вишо образование | Високо образование | Повеќе од високо образование | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| / | 52 | 4 | 41 | 2 | 99 |

Табела 20 Образовна структура на вработените

### Транспарентност

За подобрување на транспарентноста во работењето на Агенцијата за електронски комуникации беше подготвен и на 01.09.2008 година усвоен Правилник за начинот на обезбедување транспарентност во работењето на Агенцијата за електронски комуникации.

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, превземени се сите активности за правилно известување, водење регистри, подготовка на материјали и формулари, при што беше спроведено ажурирање и воспоставен принцип на проток на информации, како и архивирање на истите. Во функција на остварување на транспарентноста и јавноста во работењето на Агенцијата во извештајниот период, веб-страницата на Агенцијата постојано се дополнуваше заради навремено информирање и поажурно искористување на информациите. Со ова им се даде можност на сите заинтересирани страни да дадат свои мислења, предлози и забелешки по нацрт текстовите на подзаконските прописи и други акти објавени на истата, да се информираат за активностите на Агенцијата во целина и да можат да поставуваат прашања и да добијат одговори.

Заради навремено и објективно информирање на јавноста, организирани се и непосредни средби со претставници на медиумите, а беа објавувани и бројни соопштенија, изјави и информации во врска со спроведување на одредени значајни активности на Агенцијата.

## Меѓународни активности

### Соработка со Европска Комисија

Генералниот Директорат за информатичко општество & медиуми при Европската Комисија во јануари 2008 година донесе одлука да го продолжи проектот за изработка на 4 (четири) мониторинг извештаи во 9-месечни интервали, за периодот од февруари 2008 до декември 2010, за состојбата на пазарот за електронските комуникации и услугите од информатичко општество во државите: Хрватска, Македонија и Турција како држави-кандидати и Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Србија и Црна Гора како држави-аспиранти за членство. За извршител на оваа задача по пат на јавен тендер спроведен во 2007 година, била избрана меѓународната консултантска куќа „Cullen International“[37], а концептите на извештаите да бидат аналогни со Прилогот за Состојбата на пазарот во годишниот Извештај на Европската Комисија за регулативата и

[37] Cullen International е организација која обезбедува мониторинг услуги на регулатори на повеке од 30 земји од Европа,

пазарите на Европските електронски комуникации и информатичко општество. Проектот има за цел да ги подготви државите-кандидати за членство за работа согласно регулаторната рамка за електронски комуникации и информатичко општество на Европската Унија за да се постигне ниво на усогласеност со acquis и да се трасира патот за идна регионална соработка во регионот.

Врз основа на Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА) склучена меѓу Владата на Република Македонија и Европската Комисија, Агенцијата е редовен учесник на состаноците на Комитетот за стабилизација и асоцијација (КСА) и на Подкомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика.

Агенцијата со сопствена презентација со наслов „Реформа на регулативата за електронски комуникации“ учествуваше на состанокот на КСА што се одржа во Скопје на 18-19 септември 2008 година.

Од особено значење е да се истакне дека од страна на претставниците на Европската Комисија беше даден екстензивен осврт на оваа точка поради фактот дека на отворањето на Комитетот од нивна страна беше поздравено надминувањето на кршењето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација во оваа област.

Европската комисија го поздрави напредокот остварен во електронските комуникации, брзиот развој во оваа област благодарение на екстензивните мерки за либерализација низ целиот телекомуникациски пазар со кои драстично се намалени цените за потрошувачите, како и зголемениот сообраќај и приходите за операторите што значи дека од ова имаат корист и потрошувачите и операторите (особено оние оператори кои неволно ги спроведуваа мерките за либерализација) во изминатата година по што го нотираа и високиот степен на либерализација на овој пазар. Затоа Европската Комисија нагласи дека ова е добитна (win-win) ситуација за телеком секторот и за целата економија.

Европската Комисија се повика на обврските од Законот за електронските комуникации кои произлегуваат од член 146 и 147 кои требаше да бидат исполнети во 2005, а со чие неисполнување државата ги прекршуваше своите превземени обврски од Спогодбата за стабилизација и асоцијација во оваа област. Сега кога се раскинати договорите за концесија, спроведена е постапката за нотификација и овластување согласно одредбите за генерална авторизација според acquis и со тоа сите оператори имаат ист третман. Битни измени на Законот за електронските комуникации се направени за двостепеноста на постапката за жалба која повеќе нема во втор степен да се води пред регулаторот.

Посебно внимание во анализата Европската Комисија посвети на мерките за заштита на конкуренција и при тоа поединечно го нагласи успехот во регулацијата на сите елементи: регулација на цени за големопродажба, рефрентната понуда за интерконекција и референтната понуда за разврзан пристап, имплементација на методологијата за утврдување цени, одвоено сметководство, малопродажни цени особено сега кога нема концесиски договори, минимален пакет на изнајмени линии, пристап до специфични мрежни средства вклучително и пристап до есенцијалната инфраструктура, успешно воспоставување на системот за преносливост на броеви, обврски за SMP[38] операторот на пазарот на мобилна телефонија и постапката за избор на давател на универзална услуга. Европската Комисија констатираше во сите овие области голем прогрес и истакна дека мерките за заштита на конкуренција се добро спроведени благодарение на регулаторот – Агенцијата и нејзината одлична соработка со чинителите на пазарот.

[38] SMP оператор (Significant Market Power) – Оператор со значителна пазарна моќ,

Идни чекори или препораки на Европската Комисија се: Треба да се зачува постигнатиот напредок, да се продолжат активностите за избор на давател на универзална услуга и имплементација на обврската за универзална услуга, имплементација на водењето посебно сметководство и цени базирани на трошоци, како и регулацијата на малопродажните цени. Следен предизвик за Агенцијата се анализата на пазарите согласно новата препорака на Европската Комисија и големопродажба на пазарот за broadband[39].

Посебен нагласок беше ставен дека acquis наметнува потреба од ефективен и функционално независен регулатор, кој има функционална и финасиска независност. И тука е забележан напредок особено во делот на финансиската независност на Агенцијата, но потребно е административно зајакнување и реорганизација особено сега кога ќе има нови предизвици и престојат тешки задачи за анализа на пазарите. Беше нагласено дека лош сигнал се праќа и на операторите и на Европската Комисија со фактот дека повеќе од една година Агенцијата нема Директор, особено во период кога како регулатор треба да е најсилен.

Европската Комисија посочи дека Државата треба да има стратешки пристап за моментот на премин од аналогно во дигитално емитување и за ова се препорачува координација помеѓу МТВ[40], Агенцијата и Советот за радиодифузија. Европската Комисија побара да биде известена за прогресот во ова прашање.

Во постапката за подготовка за претстојниот V состанок на Подкомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика, Скопје, 22-23 јануари 2009 година, во декември 2008 година Агенцијата подготви пишан материјал и презентација со наслов „Тековна состојба на пазарот на електронски комуникации и регулативата за електронски комуникации во Република Македонија".

### Соработка со Cullen International[41]

На првиот состанок за мониторинг на државите-кандидати за членство во Европската Унија, што се одржа на 28 февруари 2008 година во Брисел, меѓу другото, се дискутираше за содржината на Компаративниот извештај што ќе го продуцира Cullen International со преглед на податоците што ќе бидат предмет на собирање, анализа и компаративно претставување. Новина во содржината е што истата се проширува со податоци од областа на услугите на информатичкото општество. Извештајот треба да даде кохерентна слика за ICT[42] секторот во државите од Југо-Источна Европа, вклучувајќи ги легислативните и регулаторните аспекти, и ќе содржи широка лепеза на фактички информации за пазарот на услуги од информатичкото општество и пазарот на електронските комуникации и начинот како тие се регулираат во секоја држава одделно.

Ваков проект се работеше и во изминатите години и истиот го опфаќаше периодот од јануари 2005 до декември 2007. Како продукт на проектот, на web-страната на Европската Комисија, се претставени сите 4 (четири) компаративни извештаи за државите од регионот на Југо-Источна Европа. Податоците за состојбата на пазарот на електронските комуникации во Република Македонија за „Cullen International" ги обезбедуваше Агенцијата за електронски комуникации.

---

[39] Broadband – широкопојасен интернет,
[40] МТВ Министерство за транспорт и врски
[41] Cullen International е организација која обезбедува мониторинг услуги на регулатори на повеке од 30 земји од Европа,
[42] ICT (Informational and Communicational Technologies) Информатичко комуникациски технологии

Со оглед на фактот што проектот за мониторинг за наредниот три-годишен период (од февруари 2008 до декември 2010), освен за пазарот на електронските комуникации се проширува на следење и на услугите од информатичко општество, Агенцијата за електронски комуникации, во консултации со Министерството за транспорт и врски и министерството за информатичко општество продолжува да биде контакт-точка со „Cullen International“ за Република Македонија. Министерството за транспорт и врски и Министерството за информатичко општество обезбедуваат податоци за прашалникот-извештај во областите што не се во надлежност на Агенцијата.

Динамиката и референтните датуми на објавување на секој финален извештај се наведени во следната табела:

| Референтна дата | Референтна година | Временски рок | Почетен извештај | CI Форум | Финален извештај |
|---|---|---|---|---|---|
| Мај 2008 | 2006/2007 | Јуни 2008 | Јули 2008 | Август 2008 | Септември 2008 |
| Јануари 2009 | 2007 | Февруари 2009 | Април 2009 | Мај 2009 | Јуни 2009 |
| Октомври 2009 | 2008 | Ноември 2009 | Јануари 2010 | Февруари 2010 | Март 2010 |
| Јули 2010 | 2009 | Август 2010 | Октомври 2010 | Ноември, 2010 | Декември 2010 |

Табела 21 Динамика на објавување на финалните извештаи

Агенцијата навремено ги пополни деловите Market Information, Institutional and Regulatory Information, Tariff Information и Information Society Information што се составни делови на извештајот на Cullen International - European Commission monitoring project – Macedonia.

Агенцијата ги презентираше податоците за Република Македонија од I CI Cross country comparative Report на Пвиот CI Forum, што се одржа на 11-12 септември 2008 година во Загреб, Хрватска, на кој присуствуваа претставници на Европската Комисија од Директоратот за информатичко општество & медиуми (DG Infso), консултантската куќа Cullen International, претставници од соодветните министерства и национални регулаторни тела за електронски комуникации и информатичко општество на државите: Хрватска, Македонија и Турција како држави-кандидати за членство во Европската Унија и Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Србија и Црна Гора како држави-аспиранти за членство во Европската Унија. На форумот, освен содржината на I Cross-Country Comparative Report, се дискутираше за тековни регулаторни прашања, како што се: регулација на цените за терминација на повик во мобилни мрежи, заедничка употреба на специфични мрежни елементи и средства (антенски столбови и кабелски канализации), колокација и сл. На овој состанок, Агенцијата упати покана Република Македонија да биде домаќин за следниот II CI Forum во мај 2009, што беше едногласно прифатено од сите присутни.

По имплементирање на забелешките и коментарите дадени од присутните на Првиот CI Forum, „Cullen International“ на 30 септември го публикуваше Report I под наслов „Обезбедување на услуги на следење на развој на пазарот и регулативата во електронските комуникации и информатичкото општество во државите кандидати за проширување на Европската унија“ („Supply of services in monitoring regulatory and market developments for electronic communications and information society services in Enlargement Countries“).

## Соработка со ITU

Согласно програмата за соработка на меѓународно ниво, Агенцијата е во постојана координација со Меѓународната Унија за Телекомуникации (ITU) и редовно учествува на соодветни средби за имплементација на знаењата и искористување на искуствата од воведување на нови технологии и системи.

Од забележително значење за учество е од радиокомуникацискиот сектор каде што секој од вработените е одговорен и следи одредена група која се занимава со проблематиката на делување на овој сектор. Во овој сегмент исто така вредно е да се напомене и учеството на вработените од Мониторинг центрите при секторот за Мониторинг на радиофреквенциите. Учеството во овие групи се однесува на обработка и донесување на препораки , предлози и сугестии за разрешување на проблеми во текот на мерењата , хармонизирање на фреквенциски опсези, утврдување на методи на мерење на зрачења, ажурирање на резолуции и препораки...

Во периодот од 11 и 12 Февруари 2008 година, во организација на Агенцијата во Скопје беше одржан Првиот состанок на Управниот Комитет на Центарот за извршување на проекти за земјите од Југоисточна Европа на кој состанок беше промовирана втората фаза од делувањето на овој комитет. На овој состанок беа усвоени актите за внатрешното функционирање и организација на Комитетот, како и програмата за натамошните активности и делување на Управниот Комитет - во наредниот период . На оваа средба присуствуваа 15 претставници од земјите членки на ITU од регионот и пошироко, како и претставници на ITU и на мрежните центри за обука. Состанокот на Управниот Комитет на Центарот за извршување на проекти за земјите од Југоисточна Европа го водеше претставникот на Агенцијата во ова тело. На состанокот беа усвоени целите, стратегијата и насоките за развој на овој комитет во втората фаза од своето постоење, меѓународната регулатива за Европската гранка на Центрите за извршување на проекти за земјите од Југоисточна Европа, Меморандумот за соработка за сите членки на овој Управен Комитет, Акциониот план за активности во 2008 година и предлог Буџетот за Управниот Комитет на центарот за извршување на проекти за земјите од Југоисточна Европа.

Во периодот од 13-15 Февруари 2008 година во организација на Агенцијата и ITU во Скопје се одржа и работилницата на тема ,,WiMAX – нова солуција на широкопојасниот безжичен пристап”. На работилницата беа присутни 65 учесници, претставници од Србија, Црна Гора, Хрватска , Албанија , Латвија, Бугарија, Грција, Полска, Романија, Франција, како и домашни оператори , меѓу кои претставници од АД „Македонски телекомуникации“, „Т-Мобиле“, „Космофон“, „Неотел“, „Америком“, „Нексском“, „Некст Ем“, и други.

Работилницата беше организирана во две сесии и тоа првата беше посветена на регулаторните прашања околу воведувањето на WiMAX системите, а втората сесија ги опфаќаше искуствата на операторите од примената на воведувањето на оваа технологија. Учесниците на работилницата имаа шанса да слушнат 18 високостручни презентации од универзитетски професори и експерти од регулаторните тела и компаниите, како од Република Македонија, така и од земјите учеснички на работилницата. На работилницата присуствуваа повеќе од 60 учесници кои активно учествуваа со презентации, прашања и дискусии по зададените теми. Посебно интерес се пројави за регулаторните прашања, европската регулатива и стандардите, како и за конкретното имплементирање на овие системи кои нудат услуги кои што квалитетно треба да ја променат состојбата на пазарот на електронски комуникации, особено во воведувањето на конкуренција во пристапната мрежа до краен корисник, со крајна цел намалување на цените за користење на интернет и другите комуникациски услуги.

При валоризацијата од учесниците и од Меѓународната Унија за телекомуникации, работилницата беше оценета како исклучително успешен проект на Агенцијата со повеќе од 90 % исполнување на очекувањата на учесниците за темата .

### Соработка со други регулаторни тела

На Пленарната седница на Европската Регулаторна Група и Независната Група на Регулатори (ERG/IRG) кои делуваат во составот на Европската Комисија, а каде Агенцијата е набљудувач, што се одржа од 27 до 29 Февруари во Гетеборг, беа разгледувани работните извештаи на групите кои работат од определени области на електронските комуникации и дадени платформи за формирање на нови проекти и измени на регулаторната рамка во Директивите на Европската Комисија. Воедно беше и превземено претседавањето за 2008 година од страна на унгарското регулаторно тело со претседавачот Даниел Патаки. На оваа седница беше поднесен и извештај за учеството на регулаторните тела од Европа во процесот на создавање на Европско независно регулаторно тело надлежно за електронски комуникации.

Во втората половина на 2007 година Европската Комисија иницираше конституирање на нов единствен правен субјект на независни регулаторни тела на ниво на Европа од досегашните свои групи IRG и ERG под името „Група на независни регулатори" или „IRG". Рамноправно членување со сите регулаторни тела од Европа има и Агенцијата. Регистрирањето на „Групата на независни регулатори" или „IRG" е завршено кон крајот на мај 2008 година со седиште во Брисел (согласно законите на Кралството Белгија).

Членувањето во ова тело ќе биде отворено за секое национално регулаторно тело за електронски комуникации надлежно за регулација на својот национален пазар за електронски комуникации и е независно од Владата и операторите, а е од земја - членка на Европската Унија, земја-членка на EFTA[43], земја која пристапува на Европската Унија или е земја-кандидат за членство во Европската Унија, со либерализиран пазар за електронски комуникации согласно препораките и стандардите на Европската Комисија.

Во Организација на INA Академијата од Грција, а со гостопримство на Регулаторното тело за комуникации на Босна и Херцеговина, на 24 Јануари 2008 година во Сараево се одржа ,,Brainstorming" средбата на која присуствуваа највисоки претставници на регулаторните тела од Југоисточна Европа. Претставници на Агенцијата зедоа учество на средбата на која тема на презентациите беше Cyber Security, На истата се дискутираше и за достигнувањата и напредокот на регулаторните тела од регионот во претходните 6 месеци каде, меѓу другите беше презентирана и Агенцијата со своите достигнувања и напредок во области на регулативата за електронски комуникации во Република Македонија. Особено беше разгледувано прашањето за улогата и имплементирањето на WiMAX технологијата од причини што беше и најавена работилницата за оваа технологија која од 13 до 15 Февруари се одржуваше во Република Македонија. Сите претставници искажаа заинтересираност за учество и присуство на работилницата .

Претставници од Агенцијата, во април 2008 година, престојуваа во Албанија, на барање на албанскиот регулатор-Заводот за регулирање на телекомуникациите во Тирана за запознавање на стручниот тим одреден за имплементација на WiMAX технологијата.

---

[43] (EFTA)The European Free Trade Association, Европска асоцијација за слободна трговија,

### Соработка со CEPT[44] и ETSI[45]

Со членувањето на Агенцијата во CEPT претставници на Агенцијата учествуваа на 14 CEPT Конференција на која главна тема е Регулативата и технологиите. Целта на конференцијата беше да се презентираат повеќе аспекти на технолошкиот развој на електронските комуникации и поставеноста на регулативните процеси во земјите членки на CEPT и пошироко со посебен акцент на потребата од нови политики и промени и реформа на регулативата. Потенцирано беше дека е потребно да се завземе и поголемо политичко влијание и улога во ITU од причина што во CEPT членуваат 48 членки, од кои 27 се држави-членки на EU. Приоритет беше даден на пофлексибилното адаптирање кон технолошките промени и неопходната поврзаност со регулативата што треба да биде предмет на дискусија на претстојното Собрание на CEPT.

Прифатена е поканата предложена од страна на Агенцијата во втората половина од 2009 година, поконкретно во периодот од 26 до 30 Октомври 2009 година, 24-та средба на ECC (тело во рамките на CEPT) да се организира во Република Македонија.

Претставници на Агенцијата присуствуваа и на состаноци на WG FM работната група во рамките на CEPT за управување со радиофреквенцискиот спектар на која се финализираа студиите за заедничко користење на спектарот, престуктуирање на регулативата за користење на спектарот и најдобрата пракса во користењето на спектарот. На состаноците на работната група за инженеринг на радиофреквенцискиот спектар беа разгледувани документи од претходните јавни расправи од делокругот на оваа група.

Претставници на Агенцијата редовно присуствуваат на состаноците на WG NNA работната група во рамките на CEPT за нумерација, имиња и адреси.Во текот на 2008 година, WG NNA имаше два состанока 11-тиот состанок, што се одржа на 26-27 февруари 2008 година во Амстердам, Холандија и 12-тиот состанок што се одржа на 7-8 октомври 2008 година во Љубљана, Словенија.

Агенцијата е членка и на ETSI. Согласно регулативата, два пати годишно на Собранијата на ETSI се усвојуваат новите стандарди во областа на телекомуникациите. Членството во ETSI подразбира прифаќање на стандардите за технологиите и нивно имплементирање. Претставници од Агенцијата се вклучени во работата на Институтот за стандардизација на Република Македонија кои позитивно се изразија за членувањето во ETSI, а воедно во рамките на Институтот за стандардизација на Република Македонија во средината на 2008 година беше конституиран Технички комитет за донесување на македонски стандарди од областа на електронските комуникации.

Бр.11-11/7

25.03.2009 година

Агенција за електронски комуникации
Комисија
Софче Јовановска, претседател

---

[44] CEPT (European Conference of Postal and Telecommunications Administrations) – Европска конференција за пошти и телекомуникации,
[45] ETSI (European Telecommunications Standards Institute) – Европски институт за стандарди во телекомуникации,

# 5 Прилози

Прилог 1 Листа на подзаконски прописи и општи акти на Агенцијата за електронски комуникации донесени во 2008 година

| Р.бр | Назив на актот | Донесен на | Сл.весник бр. |
|---|---|---|---|
| 1 | Правилник за користење на радиофреквенции во радиоаматерска служба | 02.05.2008 | |
| 2 | Упатство за начинот и условите за полагање на испити за стекнување на звање радиоаматерски оператор | 23.05.2008 | |
| 3 | Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за преносливост на броеви | 11.07.2008 | 87/2008 |
| 4 | Правилник за нивото на деталност на информациите што ќе бидат објавени во референтната понуда за разврзан пристап на локална јамка и начинот на нивното објавување | 01.09.2008 | 112/2008 |
| 5 | Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за пристап и користење на специфични мрежни средства | 01.09.2008 | 112/2008 |
| 6 | Правилник за начинот на водење на посебно сметководство за активностите поврзани со интерконекција и/или пристап | 01.09.2008 | 112/2008 |
| 7 | Правилник за обезбедување на терминирани и/или преносни сегменти на изнајмени линии | 01.09.2008 | 112/2008 |
| 8 | Правилник за начинот и постапката за обезбедување на минимален пакет на изнајмени линии | 01.09.2008 | 112/2008 |
| 9 | Правилник за решавање на спорови | 01.09.2008 | |
| 10 | Правилник за начинот на обезбедување транспарентност во работењето на Агенцијата за електронски комуникации | 01.09.2008 | |
| 11 | Методологија за анализа на релевантни пазари | 01.09.2008 | |
| 12 | Правилник за нивото на деталност на информациите што ќе бидат објавени во референтните понуди за интерконекција и начинот на нивното објавување | 05.12.2008 | 154/2008 |
| 13 | Правилник за обезбедување на битстрим пристап и препродажба на битсрим услуга | 05.12.2008 | 154/2008 |
| 14 | Правилник за начинот и постапката за регулирање на малопродажните цени | 05.12.2008 | 154/2008 |
| 15 | Правилник за обезбедување на услуга на изнајмување на големо на претплатнички линии | 05.12.2008 | 154/2008 |
| 16 | Одлуки за изменување и дополнување на Статутот на Агенцијата за електронски комуникации | 20.02.2008<br>11.09.2008 | |
| 17 | Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работите и задачите во стручната служба на Агенцијата за електронски комуникации | 11.09.2008 | |
| 18 | Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за плати и други надоместоци | 29.12.2008 | |

Прилог 2: Параметри за квалитет на јавни говорни услуги за 2006 година

| Параметар | Потребно време за почетно приклучување | | Грешки на услугите | Време на отстранување на грешки | | | | Неуспешни повици | | Време на воспоставување на повик | | Време на одговор на операторска услуга | | Време на одговор на служба за информации | | Јавни говорници кои се исправни | Приговор од претплатници за висина на сметката |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерен Метод** | потребно време за најбрзите 95% | потребно време за најбрзите 99% | Грешки/ пристапна линија/ годишно | Потребно време за поправка на 80% од грешките на пристапните линии | Потребно време за поправка на 95% од грешките на пристапните линии | Потребно време за поправка на 80% од сите други грешки | Потребно време за поправка на 95% од сите други грешки | % за национални повици | % за меѓународни повици | Средно време за национални повици | Средно време за меѓународни повици | Средно време на одговор во секунди | Процент на одговорени за време од 20 сек. | Средно време на одговор во секунди | Процент на одговорени за време од 20 сек. | % во една година | % во една година |
| **Статистика** | (денови) | (денови) | (за 100 линии во година) | (часови) | (часови) | (часови) | (часови) | (%) | (%) | (секунди) | (секунди) | (секунди) | (%) | (секунди) | (%) | (%) | (%) |
| **ОПЕРАТОРИ КОИ ОБЕЗБЕДУВААТ ПРИСТАП НА ЈАВНА ФИКСНА ТЕЛЕФОНСКА МРЕЖА И ЈАВНИ ГОВОРНИ УСЛУГИ** | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **Македонски Телеком** | 7 | 19 | 0,13 | 27:02:56 | 93:38:01 | 40:02:26 | 75:45:35 | 2,62 | 0,02 | 0,923 | 3,69 | 22 | 70 | 2500,00% | 62 | 84,05 | 0,06575 |
| **ДАВАТЕЛИ НА ЈАВНИ ГОВОРНИ УСЛУГИ** | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **Актон** | | | | | | | | - | 39,74 | - | 2,7 | | | | | | |
| **Албан Нет** | | | | | | | | - | 10 | - | 7 | | | | | | |
| **ИНСИДЕ** | | | | | | | | - | 7 | - | 5 | | | | | | |
| **Компјунет** | | | | | | | | - | 20,2 | - | 5,8 | | | | | | |
| **КОМТЕЛ Ком** | | | | | | | | - | 22 | - | 6,3 | | | | | | |
| **Куком** | | | | | | | | - | 48,63 | - | 20 | | | | | | |
| **МБМ Интел** | | | | | | | | - | 9 | - | 5 | | | | | | |
| **МедиаНет** | | | | | | | | - | 2 | - | 10 | | | | | | |
| **М-Инженеринг** | | | | | | | | - | 16,88 | - | 6,6 | | | | | | |
| **Мрежа** | | | | | | | | - | 1,5 | - | 4 | | | | | | |
| **Некском Македонија** | | | | | | | | - | 35 | - | 12 | | | | | | |
| **Некстел** | | | | | | | | - | 45 | - | 4,18 | | | | | | |
| **Он.Нет** | | | | | | | | - | 16 | - | 16,6 | | | | | | |
| **Планета ЈАХУ** | | | | | | | | - | 2,5 | - | 30 | | | | | | |
| **Ромила** | | | | | | | | - | - | - | 3 - 5 | | | | | | |

## Прилог 3: Параметри за квалитет на јавни говорни услуги за 2007 година

| Параметар | Потребно време за почетно приклучување | | Грешки на услугите | Време на отстранување на грешки | | | | Неуспешни повици | | Време на воспоставување на повик | | Време на одговор на операторска услуга | | Време на одговор на служба за информации | | Јавни говорници кои се исправни | Приговор од претплатници за висина на сметката |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерен Метод** | потребно време за најбрзите 95% | потребно време за најбрзите 99% | Грешки/ пристапна линија/ годишно | Потребно време за поправка на 80% од грешките на пристапните линии | Потребно време за поправка на 95% од грешките на пристапните линии | Потребно време за поправка на 80% од сите други грешки | Потребно време за поправка на 95% од сите други грешки | % за национални повици | % за меѓународни повици | Средно време за национални повици | Средно време за меѓународни повици | Средно време на одговор во секунди | Процент на одговорени за време од 20 сек. | Средно време на одговор во секунди | Процент на одговорени за време од 20 сек. | % во една година | % во една година |
| **Статистика** | (денови) | (денови) | (100 линии/год.) | (часови) | (часови) | (часови) | (часови) | (%) | (%) | (секунди) | (секунди) | (секунди) | (%) | (секунди) | (%) | (%) | (%) |
| **ОПЕРАТОРИ КОИ ОБЕЗБЕДУВААТ ПРИСТАП НА ЈАВНА ФИКСНА ТЕЛЕФОНСКА МРЕЖА И ЈАВНИ ГОВОРНИ УСЛУГИ** | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **Македон.Телеком** | 7 | 14 | 0,13 | 23:12:25 | 51:29:25 | 24:51:03 | 51:28:29 | 2,74 | 0,01 | 0,936 | 3,166 | 11 | 83 | 20 | 67 | 90,78 | 0,087074 |
| **ДАВАТЕЛИ НА ЈАВНИ ГОВОРНИ УСЛУГИ** | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **Актон** | | | | | | | | - | 29,5 | - | 3,5 | | | | | | |
| **Албан Нет** | | | | | | | | - | 7 | - | 6 | | | | | | |
| **Вокс Телеком** | | | | | | | | - | 29 | - | 6 | | | | | | |
| **Делтатхрее** | | | | | | | | - | 19600 повици | - | 5 | | | | | | |
| **ЗОРИНС Нет** | | | | | | | | - | - | - | 5 - 10 | | | | | | |
| **ИНСИДЕ** | | | | | | | | - | 6 | - | 5 | | | | | | |
| **Интерспејс** | | | | | | | | - | 6 | - | 1 | | | | | | |
| **Комбо 2003** | | | | | | | | - | 8-10 п. | - | 30-50 | | | | | | |
| **Компјунет** | | | | | | | | - | 21,23 | - | 4,9 | | | | | | |
| **Логин Нет** | | | | | | | | - | 10 | - | 2 | | | | | | |
| **МБМ Интел** | | | | | | | | - | 9 | - | 5 | | | | | | |
| **МедиаНет** | | | | | | | | - | 2 | - | 10 | | | | | | |
| **М-Инженеринг** | | | | | | | | - | 55 | - | 5 | | | | | | |
| **ММ Софт** | | | | | | | | - | 480 п. | - | 5 | | | | | | |
| **Мрежа** | | | | | | | | - | 2,6 | - | 22 | | | | | | |
| **Нексcом Мак.** | | | | | | | | - | 25 | - | 5 | | | | | | |
| **Некстел** | | | | | | | | - | 25 | - | 4,16 | | | | | | |
| **Неотел** | | | | | | | | - | 0,42 | - | 1,4 | | | | | | |
| **Нетплус** | | | | | | | | - | 37 | - | < 6 | | | | | | |
| **Он.Нет** | | | | | | | | - | 1,2 | 8 - 10 | 10 - 12 | | | | | | |
| **Пејовски Шпед** | | | | | | | | - | 400 п. | - | 48 | | | | | | |
| **Планета ЈАХУ** | | | | | | | | - | 2,4 | - | 22 | | | | | | |
| **Стаелт** | | | | | | | | - | - | - | - | | | | | | |
| **Спајдер компјутери** | | | | | | | | - | 6,13 | - | 7 | | | | | | |
| **Тастер** | | | | | | | | - | - | - | 10 - 15 | | | | | | |
| **ТД-ТД Трајче** | | | | | | | | - | 35 | - | 20 | | | | | | |
| **Телнет комуникации** | | | | | | | | - | 9 | - | 10 | | | | | | |
| **Трио Компани** | | | | | | | | - | - | - | 2 - 3 | | | | | | |
| **Туше** | | | | | | | | - | 20 | - | 5 | | | | | | |
| **УЛТРАНЕТ ултра** | | | | | | | | - | 0,2 | - | 3 | | | | | | |

Прилог 4: Полугодишни споредбени податоци за пазарот на јавни електронски комуникации

| | 30.06.2006 | 31.12.2006 | 30.06.2007 | 31.12.2007 | 30.06.2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Обезбедување на јавни фиксни телефонски мрежи** | | | | | |
| Број на активни главни линии | 512.223 | 490.887 | 477.930 | 463.638 | 454.603 |
| Број на јавни говорници | 2.588 | 2.043 | 2.016 | 1.865 | 1.705 |
| Обем на повици што потекнуваат од мрежата, во минути | 911.700.000 | 839.200.000 | 816.200.000 | 768.100.000 | 697.060.234 |
| Обем на повици што терминираат во мрежата, во минути | 143.900.000 | 155.300.000 | 158.300.000 | 151.400.000 | 113.746.205 |
| Обем на повици што транзитираат низ мрежата, а потекнуваат од мрежи од странски држави, во минути | - | - | - | 20.640.353 | 118.122.816 |
| Број на корисници на услугата за избор на оператор | - | - | - | 4.881 | 10.946 |
| Обем на повици остварени со услугата за избор на оператор, во минути | - | - | - | - | 1.402.353 |
| Број на ISDN линии | 15.158 | 15.654 | 15.877 | 15.703 | 16.171 |
| Број на локални јамки со разврзан пристап на локална јамка | - | - | - | - | 200 |
| **Обезбедување на јавни услуги на говор преку мрежи со комутација на пакети (Интернет протокол и други протоколи)** | | | | | |
| Обем на меѓународни повици што потекнуваат од мрежата, во минути | 527.386 | 1.873.465 | 1.591.772 | 1.562.806 | 1.415.817 |
| **Обезбедување на јавни мобилни комуникациски мрежи и/или услуги** | | | | | |
| Број на мобилни комуникациски претплатници | 1.323.642 | 1.417.031 | 1.517.755 | 1.946.716 | 2.151.358 |
| Број на активни мобилни претплатници | 1.222.531 | 1.263.841 | 1.421.003 | 1.794.433 | 1.838.491 |
| Број на претплатници со услуга pre-paid | 1.120.373 | 1.175.374 | 1.198.986 | 1.554.744 | 1.620.675 |
| Број претплатници кои користат услуга за пренос на податоци преку мобилна комуникациска мрежа (GPRS, MMS Интернет и сл.) | 94.785 | 103.655 | 164.356 | 156.950 | 273.649 |
| Број на испратени пораки (SMS) | 112.538.000 | 178.557.000 | 128.322.245 | 141.821.350 | 136.839.789 |
| Број на испратени мултимедијални пораки (MMS) | - | - | - | - | 292.257 |
| Обем на повици кога повиците потекнуваат од мрежата, во минути | 298.013.000 | 368.908.000 | 476.775.000 | 567.219.730 | 777.949.738 |
| Обем на повици кога повиците терминираат во мрежата, во минути | 156.607.000 | 172.321.000 | 169.915.000 | 193.645.454 | 195.816.385 |
| Обем на повици што транзитираат низ мрежата, а потекнуваат од мрежи од странски држави, во минути | - | - | - | - | 9.184.639 |
| **Обезбедување на услуги за пристап на Интернет** | | | | | |
| Број на претплатници на Интернет | 201.416 | 267.990 | 332.698 | 416.423 | 425.866 |
| Број на врски со широк опсег (broadband со 256 Kb/s и повеќе) | 15.018 | 36.798 | 44.674 | 99.746 | 147.744 |
| **Обезбедување на кабелски телевизиски мрежи и/или услуги** | | | | | |
| Број на приклучени претплатници | 56.274 | 112.201 | 140.591 | 161.073 | 174.515 |

2009

# Годишна програма за работа на Агенцијата за електронски комуникации

01.01.2009-31.12.2009

Агенција за електронски комуникации

# Содржина

Содржина....63
1. Вовед....64
2. Активности на Агенцијата за електронски комуникации....65
Ревизија на регулаторната рамка....65
Обезбедување на електронски комуникациски мрежи и услуги....66
Анализа на пазарот за електронски комуникации....67
Регулација на цени....68
Управување со нумерациски ресурси....69
Управување на радиофреквенцискиот спектар....69
Контрола и мониторинг на радиофреквенции....71
Издавање на согласност за изградба на електронски комуникациски мрежи и придружни средства....73
Издавање на мислење за изградба на електронски комуникациски мрежи и придружни средства....73
Водење на регистар на електронски комуникациски мрежи и придружни средства (надземни и подземни)....73
Соработка со други државни органи и тела....73
Транспарентност....74
Зајакнување на капацитетите на Агенцијата....75
Човечки ресурси....75
Меѓународна соработка....76
3. Среднорочни планови....77
4. Заклучок....78

# 1. Вовед

Активностите на Агенцијата за електронски комуникации ( во понатамошниот текст Агенцијата) произлегуваат од нејзините надлежности утврдени во Законот за електронските комуникации[46] и прописите донесени врз основа на него, како и меѓународните договори од областа на електронските комуникации што ги склучила или на кои им пристапила Република Македонија.

Според Законот за просторно и урбанистичко планирање[47] Агенцијата има активности во однос на издавање на согласност за изградба на електронски комуникациски мрежи и системи и издавање на мислење за изградба на електронски комуникациски мрежи и системи.

Агенцијата во својата работа, заради унапредување и развој на пазарот на електронските комуникации во Република Македонија, ги има предвид препораките на Европската Комисија и најдобрите светски практики.

Агенцијата во наредната година ќе посвети посебно внимание во создавањето на регулаторна околина која ќе овозможи и ќе поттикне поголем број на инвестиции и иновации на македонскиот пазар на електронски комуникации. При тоа особено ќе води сметка за поттикнување на рамномерен развој со што електронските комуникациски услуги ќе бидат достапни на сите граѓани на Република Македонија без разлика на местото во кое тие живеат.

Агенцијата особено ќе поттикнува:

- Пазарен натпревар во понудата на електронски комуникациски услуги.
- Постојан раст и брза имплементација на модерната комуникациска технологија.
- Стабилна, интероперабилна и доверлива комуникациска инфраструктура.
- Пристапна понуда на електронските комуникациски услуги на македонските корисници.
- Ефикасно користење на радиофреквенцискиот спектар.
- Забрзан раст на широкопојасни производи и услуги.
- Развој на македонското стопанство.

Агенцијата е свесна за својата улога во процесот на приближување на Република Македонија кон Европската унија и ќе вложи максимален напор, во соработка со останатите чинители на пазарот на електронски комуникации, да ги исполни целите зададени во оваа програма за работа, со што ќе допринесе кон поскоро полноправно членство во Европската унија.

---

[46] „Службен Весник на РМ“, бр.13/2005, 14/2007, 55/2007 и 98/2008
[47] „Службен Весник на РМ“, бр.51/05, бр.137/07, бр.24/08

# 2. Активности на Агенцијата за електронски комуникации

## Ревизија на регулаторната рамка

Агенцијата за електронски комуникации треба да дејствува во насока на обезбедување на конкурентен пазар на електронски комуникациски услуги. На тој начин ќе обезбеди пазарен натпревар во понудата на овие услуги и раст и имплементација на модерната комуникациска опрема. Покрај спроведувањето на Законот за електронски комуникации Агенцијата треба да подготви и голем број на подзаконски акти кои ќе помогнат во регулацијата на овој пазар. Обвска на Агенцијата е континуирано да ја следи имплементацијата на овие акти, да ги забележува сите неправилности и проблеми кои можат да се појават и активно да учествува во подобрување на регулаторната рамка. Од страна на Агенцијата во 2009 година се предвидуваат следните активности кои се поврзани со донесување на акти кои произлегуваат од примарната легислатива:

- Донесување на акт за одредување на случаи за можна појава на price squeeze[48] (согласно Директивата 2002/22/ЕЗ за Универзална Услуга);
- Ревидирање на постоечките прописи кои се однесуваат радиофреквенцискиот спектар во насока на обезбедување на развој на т.н. безжична економија и утврдување на потребата и начинот од воведување на принципот на тргување со радиофреквенции (Мерка 2.4 од НСЕКИТ); и усогласување со:

  1. Комуникација на EC[49] до EP[50], ECo[51], EESC[52] за дигитална дивиденда: Заеднички пристап за употребата на спектарот ослободен со дигиталниот премин COM (2007) 700 final;
  2. Комуникација на на EC до EP, European Council, EESC: Рапиден пристап до спектар за бежични електронски комуникациски услуги COM (2007)50 final;
  3. Комуникација на EC до EP, European Council, EESC: Пазарно ориентиран пристап за управување со спектарот COM(2005)400 final;
  4. Мислење на Групата за политики на радиофреквенциски спектар од 2004, за импликациите врз спектарот од преминот кон дигитално емитување (RSPG04-55 Rev.);
  5. Резолуција на Европскиот парламент за Европска политика за радио спектар (2006/2212(INI);
  6. Резолуција на Европскиот Парламент за собирање на целосниот бенефит од догиталната дивиденда во Европа: заеднички пристап за примената на спектарот ослободен од дигиталниот премин 2008/2099(INI);

---

48 Price squeeze е мерка на операторот со значителна пазарна моќ со која му нуди услуги на конкурентот по цени за доволно долг период со кои му оневозможува рентабилност во работата,

49 EC (European Commision), Европска комисија,

50 EP (European Parliament), Европски парламент,

51 ECo (European Council), Европски совет,

52 EESC (European Economic and Social Committee) – Европски економско социјален комитет,

- Изработка на Упатство за изградба на електронски комуникациски мрежи и придружни средства (Усогласување со НСЕКИТ[53]);
- Ќе се изработи стратегија за идната работа на Агенцијата во периодот 2009-2013 година (политика на регулација);
- Ревизија на правилникот за употреба на терминална опрема R&TTE[54] (Директива 1999/5/ЕЗ);
- Ревизија на правилниците со кои се регулира обезбедувањето на универзална услуга. (согласно Директива 2002/22/ЕЗ за Универзална Услуга);
- Ревизија на Правилникот за видот и содржината на податоците кои операторите на јавни комуникациски мрежи и/или давателите на јавни комуникациски услуги се должни да ги објават во врска со општите услови за пристап и користење, цените и тарифите и параметрите за квалитет на јавните комуникациски услуги (согласно Директива 2002/22/ЕЗ за Универзална Услуга);
- Изработка на Упатство за подготовка на модел на трошоци базиран на LRIC[55] методологија за оператори со значителна пазарна моќ на пазарите за јавни мобилни комуникациски мрежи и услуги (Усогласување со 1. Препорака на ЕС C(2005) 3480 final; 2. Заедничка позиција на ERG[56] за долгорочни инкрементални трошоци –LRIC од 2003; 3. Начела на имплементација и најдобри практики за примена на IRG[57] од 2003 4. EU[58] нацрт препораки 2008 за висина на надоместоци за завршување на повик во фиксна и мобилна телефонија.

## Обезбедување на електронски комуникациски мрежи и услуги

За да обезбеди стабилна, интероперабилна и доверлива комуникациска структура Агенцијата треба да исполни низа на активности.

Во рамките на обезбедувањето на електронски мрежи и услуги, во текот на 2009 година, Агенцијата планира:

- Обработка на новопристигнати нотификации, согласно член 28 од Законот за електронските комуникации;
- Ажурирање на листата на нотифицирани субјекти што се води во Агенцијата на сите нови нотифицирани оператори и даватели на јавни електронски комуникациски услуги, и бришење на опеараторите кои не започнале со работа на датумот наведен во нотификацијата, а не ја известиле Агенцијата за настанатата промена;

---

[53] НСЕКИТ, Националната стратегија за развој на следна генерација на широкопојасен интернет,
[54] R&TTE, Радио и телекомуникациска терминална опрема,
[55] LRIC (Long Run Incremental Costs), Долгорочни инкрементални трошоци-методологија за регулација на цени базирана на реални трошоци,
[56] ERG (European Regulatory Group), Група на европски рагулаторни тела,
[57] IRG (Independent Regulatory Group), Група на независни регулаторни тела,
[58] EU (European Union), Европска унија,

- Обработка на полугодишните извештаи за вршење на јавни електронски комуникациски услуги доставени од оператори на јавни електронски комуникациски мрежи и даватели на јавни електронски комуникациски услуги, за периодите 01.07.-31.12.2008 и 01.01.-30.06.2009 година;
- Обработка на квартални извештаи за вршење на јавни електронски комуникациски услуги доставени од оператори на јавни електронски комуникациски мрежи и даватели на јавни електронски комуникациски услуги, за периодите 01.10.-31.12.2008, 01.01.-31.03.2009, 01.04.-30.06.2009 и 01.07.-30.09.2009 година;
- Обработка на извештаи за квалитет на минималниот пакет на изнајмени линии.
- Обработка на извештаи за квалитет на јавни говорни услуги.
- Обработка на извештаи за квалитет на терминирани и завршни сегменти на изнајмени линии.
- Обработка на извештаи за квалитет на разврзан пристап на локална јамка (LLU[59]).
- Контрола на содржината на договорите што ги склучуваат операторите со своите претплатници а особено од аспект на нивото на испорачана услуга (SLA[60]) (Согласно Директивата за Универзална услуга, Директивата за интерконекција и пристап и Рамковна Директива);
- Определување на давател(и) на универзална услуга.

## Анализа на пазарот за електронски комуникации

Заради обезбедување на поефективна и поефикасна регулација на пазарот на електронски комуникации, Агенцијата донесе Правилник за обезбедување на транспарентност во работењето на Агенцијата за електронски комуникации и за објавување на податоците поврзани со работењето на операторите на јавни комуникациски мрежи и даватели на јавни комуникациски услуги.

Заради исполнување на обврската анализа на релевантните пазари, Агенцијата изготви Методологија за анализа на релевантни пазари.

Од страна на Агенцијата за електронски комуникации за имплементација на секундарната легислатива во 2009 година се предвидуваат следните активности:

- Анализа на релевантниот пазар 16 за јавни мобилни комуникациски мрежи и услуги. (Согласно член 5 на Рамковната Директива 2002/21/EC и Насоки на Комисијата (2002/C 165/03) за анализа на пазарите);
- Анализа на релевантниот пазар за продажба на големо број 12 за пристап до широкопојасен интернет (Согласно член 5 на Рамковната Директива 2002/21/EC и Насоки на Комисијата (2002/C 165/03) за анализа на пазарите);

[59] LLU (Local Loop Unbundling), Разврзан пристап до локална јамка,
[60] SLA (Service Level Agreement), Договор за ниво на испорачана услуга,

- Анализа на релевантни пазари за продажба на производи и услуги на мало на пазарите 1,2, 3, 4, 5 и 6 (Согласно член 5 на Рамковната Директива 2002/21/ЕС и Насоки на Комисијата (2002/С 165/03) за анализа на пазарите);
- Анализа на релевантни пазари за продажба на производи и услуги на големо на пазарите 8,9,10 и 11 (Согласно член 5 на Рамковната Директива 2002/21/ЕС и Насоки на Комисијата (2002/С 165/03) за анализа на пазарите);
- Анализа на релевантен пазар број 18 за пренос на радиодифузни содржини до крајни корисници.
- Анализа на релевантните пазари за јавни мобилни комуникациски мрежи и услуги 15 и 17.
- Анализа на релевантен пазар за продажба на производи и услуги на мало на пазарот 7.
- Анализа на релевантни пазари за продажба на производи и услуги на големо на пазарите 13 и 14.

Горенаведените анализи на релевантните пазари ќе се спроведат согласно член 5 на Рамковната Директива 2002/21/ЕС и Насоки на Европската Комисија (2002/С 165/03) за анализа на пазарите.

## Регулација на цени

Агенцијата треба да обезбеди пристапна понуда на електронските комуникациски услуги на македонските корисници. Тоа значи дека треба да се воспостават цени кои се нудат од операторите и давателите на електронски услуги кои ќе бидат базирани на реалната вредност на чинење на таа услуга. Со цел поголема конкурентност и зголемена либерализација на пазарот на електронски комуникации Агенцијата во 2009 година во однос на регулација на цени ги планира следниве активности:

- Анализа на малопродажните цени на услугите понудени од Македонски Телеком АД Скопје, како оператор со значителна пазарна моќ на пазарите за фиксни говорни телефонски мрежи и услуги и изнајмени линии  и доколку е потребно пропишување на еден од начините на регулирање на малопродажните цени утврдени во член 49 од Законот за електронските комуникации;
- Анализа на цените во одобрените референтни понуди за интерконекција на Македонски телеком АД Скопје, Т-Мобиле АД Скопје и Космофон АД Скопје, како и анализа на цените во одобрената референтна понуда за разврзан пристап на локална јамка на Македонски телеком АД Скопје;
- Анализа на доставената понуда на Македонски телеком АД за обезбедување на bitstream[61] пристап и препродажба на bitstream услуга;
- Анализа на доставената понуда на Македонски телеком АД за големопродажба на претплатнички линии;
- Изработка на упатство за посебно сметководство;

[61] Bitstream, Претставува серија од битови, во случајот се однесува на услуга за пренос на податоци,

- Проверка на точноста на пресметковниот систем на трошоци на оператори со значителна пазарна моќ преку овластен ревизор.

## Управување со нумерациски ресурси

Согласно Законот за електронски комуникации Агенцијата го подготвува и управува со планот на нумерација со цел да обезбеди ефикасно структуирање и употреба на броевите и сериите броеви, да се задоволат потребите на операторите кои имаат право на доделување на броеви и да се обезбеди доделување и користење на броевите на праведен и недискриминирачки начин. Агенцијата има обврска на својата веб страница да ги објавува податоците за доделените броеви и серии на броеви и носителите на броеви и серии на броеви. На полето на нумерацијата, Агенцијата во 2009 година ги планира следните активности:

- Обработка на барања и издавање на решенија за доделување и повлекување на броеви и серии на броеви од Планот за нумерација за јавните електронски комуникациски мрежи и услуги во Република Македонија;
- Обработка на извештаи за ефикасно користење на доделени броеви и серии на броеви;
- Дополнување на Планот за нумерација за јавните електронски мрежи и услуги во Република Македонија и проширување на лепезата на услуги што операторите ги обезбедуваат за своите корисници, во насока на хармонизација со препораките од EU;
- Следење на имплементацијата на преносливост на броевите што треба да ја обезбедат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и услуги;
- Следење на Централната база на пренесени броеви и изготвување на компаративни прегледи и извештаи за пренесените броеви;
- Меѓународна координација на доделени меѓународни сигнални кодови во ITU.

## Управување на радиофреквенцискиот спектар

Радиофреквенцискиот спектар, како ограничен природен ресурс, е дел од националното богатство и суверенитет на секоја земја, а физичките својства на простирањето на радиобрановите условуваат планирањето и управувањето со спектарот да не се само национални, туку и меѓународни процеси. Ова наметнува потреба за воспоставување на ефикасен и еднообразен систем за планирање и управување со спектарот, применлив за сите земји во светот. Затоа меѓународната регулатива се утврдува на глобално, регионално и национално ниво. Практично сите радиослужби кои имаат глобален карактер се регулираат единствено за сите земји на светот во рамките на Меѓународната унија за телекомуникации – ITU[62]. Во согласност со нејзините препораки, скоро во сите земји во светот се формирани посебни служби надлежни за планирањето, управувањето и мониторингот на радиофреквенцискиот спектар.

[62] ITU (International Telecommunications Union), Меѓународната унија за телекомуникации,

Зголемените потреби за употреба на радиокомуникациските технологии, ја истакнуваат важноста за управување со спектарот, како на национално, така и на меѓународно ниво. Прогресот во развојот на технологијата секојдневно создава нови корисници на спектарот кој, сепак, е ограничен ресурс. Согледувајќи ги можностите што ги нуди спектарот, за да се задоволат барањата на големиот број на различни корисници кои бараат пристап до него, ефективното управување со спектарот станува се покомплексно. Анализата станува се посложена и пообемна, не само поради големиот број на барања, туку и поради различноста на службите кои работат во ист или соседен опсег.

Во рамките на законската надлежност на Агенцијата да управува со радиофреквенцискиот спектар, како ограничен природен ресурс, Агенцијата во 2009 година ги планира следните активности:

- Издавање на одобренија за користење на радиофреквенции;
- Меѓународна координација на аналогни и дигитални доделби за радио и за телевизија;
- Контрола на техничките проекти на операторите на кои им се доделија одобренија за користење на радиофреквенции од радиофреквенцискиот опсег 3,4 - 3,6 GHz за фиксен безжичен пристап;
- Изработка на фреквенциски план за транзиција од аналогна во дигитална радиодифузија T-DAB[63] за звучна радиодифузија и DVB-T[64] за телевизија и изработка на политика и план за дигитализацијата на електронските медиуми;
- спроведување на тендер за 2 нови одобренија за обезбедување на јавни мобилни комуникациски мрежи и услуги од третата генерација (3G[65]) според стандардот IMT[66]2000/UMTS[67] на целата територија на Република Македонија;
- доделување на две одобренија за користење на радиофреквенции за обезбедување на јавни мобилни комуникациски мрежи и услуги од третата генерација 3G;
- спроведување на тендерот за дигитална телевизија (DVB-T) за доделување на радиофреквенции за 3 милтиплекси;
- доделување на одобренија за дистрибуција на дигитални телевизиски услуги (согласно: 1. Комуникација на ЕС до ЕР, ECo, EESC за забрзување на транзицијата од аналогно во дигитално емитување (COM(2005) 204 final); 2. Работен документ на ЕС за придонесот на форматот со широк екран и висока дефиниција кон глобалното воведување на дигиталната телевизија (SEC(2004) 46) 3. Комуникација на ЕС до ЕР, EESC за ревизија на интероперабилноста на дигиталните интерактивни телевизиски услуги согласно Комуникацијата на ЕС (2004) 541);
- подготовка и спроведување на тендер за преносна дигитална телевизија (DVB-H[68]);

63 T-DAB (Terrestrial Digital Audio Broadcasting), Земска дигитална аудио радиодифузија,
64 DVB-T (Digital Video Broadcasting Terrestrial), Дигитална земска видео радиодифузија,
65 3G, Трета генерација на мобилна телефонија
66 IMT (International Mobile Telecommunications), Меѓународни мобилни телекомуникации,
67 UMTS (Universal Mobile Telecommunications System), Универзален мобилен систем за телекомуникации,
68 DVB-H (Digital Video Broadcasting Handhelded), Дигитална преносна видео радиодифузија,

- доделување на одобренија за користење на радиофреквенции за јавни мобилни комуникациски услуги на целата територија на Република Македонија, според стандардот DCS[69] 1800 во фреквенцискиот опсег 1720-1785MHz/1815-1880MHz;
- Доделување на одобрение за користење на радиофреквенции од фреквенцискиот опсег 1800-1805 MHz наменет за пристап до широкопојасен интернет;
- ревизија на Планот за намена на радиофреквенциските опсези;
- ревизија на Планот за доделба и користење на радиофреквенции;
- ревидирање на прописите за радиофреквенцискиот спектар;
- меѓународна координација на радиофреквенциите, пријавување и регистрирање (нотификација) на доделени фреквенции во ITU;

## Контрола и мониторинг на радиофреквенции

Согласно со надлежностите и обврските на Агенцијата за електронски комуникации, кои произлегуваат од Законот за електронски копмуникации, да врши контрола и мониторинг на радиофреквенции и инспекциски надзор на  корисници на радиофреквенции, оператори на јавни електронски комуникациски мрежи и даватели на јавни комуникациски услуги, а со цел да се обезбеди непречено функционирање на системите за радиокомунукации и на работата на електронските комуникациски мрежи и средсртва, во текот на 2009 година се планираат следните активности:

- континуиран мониторинг на емисии на радиостаници на целата територија на Република Македонија, што потекнуват од радиостаници од Р.М. како и од радиостаници од соседни и други земји, преку фиксните радиомониторинг станици во Скопје, Битола и Штип, далечински управуваните радиомониторинг станици во Куманово, Тетово, Фурка (Гевгелиско) и Охрид, како и со мобилната радиомониторинг станица и рачните (portable) мониторинг приемници;
- мониторингот во фиксните станици се врши спрема месечните планови - “Месечен распоред на редовна контрола на емисии на радиостаници и редовно испитување на радиофреквенцискиот спектар “ во радиофреквенциските опсезите до 3 GHz;
- еднонеделен мониторинг со мобилната станица, во опсезите од 80 до 1000 MHz, ќе се изврши од локациите Голак, Кота Рамно и од локацијата на Скијачкиот центар Заре Лазаревски – Маврово;
- мониторинг со мобилната станица на определени локации и во определени радиофреквенциски опсези ќе се врши поради решавање на пречки за потреби на Агенцијата и други субјекти (Македонска радиодифузуја, Совет за радиодифузија и други);
- мониторигот во GSM[70] (900 / 1800) и IMT радиофреквенциските опсези, (покриеност, квалитет и call rate) се врши на целата територија на Република Македонија со специјална мобилна станица спрема

[69] DCS 1800 (Digital Celular System), дериват на GSM (Global System for Mobile) базиран на 1800 MHz,

„Годишен план за мониторинг на покриеност, квалитет и успешност на повици во GSM и IMT опсезите“.

- мониторингот на емисии на фиксни радиостаници (WiMAX[71]) во радиофреквенциските опсези од 3 до 3.6 GHz ке се врши по потреба со постоечката опрема а најмалку два пати годишно;
- отстранување на неправилности во работата на радиостаници и решавање на пречки во радиосообраќајот;
- вршење на инспекциски надзор на користењето на доделени радиофреквенции и електронски комуникациски мрежи (завршување со инспекцијата на постојни такси компании, инспекција на кабловски оператори и инспекција на ТРД) и на локации на кои работат повеќе од една FM[72] радиодифузна станица заради отстранување на интермодулациски продукти во опсегот на воздухопловната радионавигациска служба и воздухопловната мобилна служба;
- инспекција на оператори за фиксна и мобилна телефонија како и на кабелски оператори (интернет, фиксна телефонија, кабелска телевизија), по пријава на корисници согласно со претплатничките договори;
- инспекција на нови корисници на радиофреквенции и нови иматели на електронски комуникациски мрежи;
- активирање на далечински управуваната радиомониторинг станица во Охрид;
- поставување на далечински управувана гониометриска станица со гониометар во Скопје;
- дислокација на мониторинг станицата во Штип;
- дислокација на мониторинг станицата од Молика во Битола;
- интерна обука на вработените во Агенцијата.

Во фиксните станици Скопје, Битола и Штип ( КМЦ контролно мерните центри) опсезите за GSM и IMT се контролираат поради утврдување дали во наведените опсези работат и други радиостаници (безжични телефонски апарати) различни од станиците на GSM и IMT.

Вонредните работи и задачи што со посебен налог се даваат за конкретни случаи, кои не се опфатени со годишниот односно месечните планови, (пријава на пречка, барање за извршување на посебен мониторинг) имаат приоритет во извршувањето. Најголем приоритет имаат решавањето на пречките во опсезите на воздухопловната радионавигациска и воздухоплоната мобилна (R) служба.

До крајот на првиот квартал ќе се изготви идеен проект за нов софтвер за мерни податоци и „Извештај за неправилност во работа на радиостаница“ со кои ќе се овозможи внесување на мерните податоци од трите

[70] GSM (Global System for Mobile Telecommunications) – Глобален систем за мобилни телекомуникации,
[71] WiMAX, Широкопојасен фиксен безжичен пристап,
[72] FM (Frequency Modulation) – Фреквентна модулација,

КМЦ во една база на податоци со можност податоците да ги користи и Секторот за радиокомуникации. Реализацијата на проектот треба да се изврши до крајот на вториот квартал од 2009.

## Издавање на согласност за изградба на електронски комуникациски мрежи и придружни средства

Врз основа на член 23 став 12 и член 25 од Законот за изменување и дополнување на законот за просторно и урбанистичко планирање, Агенцијата издава согласност на идејни проекти за изградба на електронски комуникациски мрежи и придружни средства, а по барање на Министерството за транспорт и врски. Во текот на 2009 година ќе се изготвуваат и издаваат согласности на идејни проекти.

## Издавање на мислење за изградба на електронски комуникациски мрежи и придружни средства

Врз основа на член 50 став 12 од Законот за просторно и урбанистичко планирање – пречистен текст, Агенцијата издава мислење на урбанистички проект за изградба на електронски комуникациски мрежи и придружни средства, а по барање на Министерството за транспорт и врски. Во текот на 2009 година ќе се изготвуваат и издаваат мислења на урбанистички проекти.

## Водење на регистар на електронски комуникациски мрежи и придружни средства (надземни и подземни)

Според Законот за електронски комуникации (член 30) Агенцијата има обврска да поттикнува заедничка употреба на објекти и средства од страна на операторите на јавни комуникациски мрежи. Операторите на јавни комуникациски мрежи имаат обврска да склучат договори за заедничка употреба на таквите објекти и средства. Агенцијата за да обезбеди заедничка употреба на објекти и средства треба јавно да ги објави намерите за изградба на јавна комуникациска мрежа или значителен дел од мрежа. За да може да одговори на овие обврски Агенцијата во соработка со Министерството за транспорт и врски и единиците на локалната самоуправа во 2009 година има предвидено да отпочне со водење на регистер на електронски комуникациски мрежи (надземни и подземни) и придружни средства.

## Соработка со други државни органи и тела

Според член 21 од Законот за електронски комуникации Агенцијата е обврзува да соработува со други државни органи и тела по прашања кои се во врска со електроските комуникации. Агенцијата треба да соработува со Комисијата за заштита на конкуренција за прашања што се однесуваат на вршење на нивните

надлежности, како на пример анализа на релевантните пазари. Во постапка за доделување на радиофреквенции за вршење на радиодифузна дејност, Агенцијат треба да соработува со Советот за радиодифузија. По прашања од заеднички интерес Агенцијата за електронски комуникации и во 2009 година планира да остварува континуирана соработка со релевантни органи и институции, а особено со:

- Комисијата за заштита на конкуренцијата;
- Советот за радиодифузија на Република Македонија;
- Министерството за транспорт и врски;
- Македонскиот институт за стандардизација;
- Здружението за заштита на потрошувачи;
- Народна банка на Република Македонија;
- Министерство за економија;
- Министерство за внатрешни работи;
- Централен регистар на Република Македонија;
- Царинска управа на Република Македонија;
- Центар за управување со кризи;
- Министерство за финансии;
- Завод за статистика на Република Македонија;
- Државен пазарен инспекторат и други органи и тела на Република Македонија.

## Транспарентност

За подобрување на транспарентноста во работењето на Агенцијата за електронски комуникации беше подготвен и на 01.09.2008 година усвоен Правилник за начинот на обезбедување транспарентност во работењето на Агенцијата за електронски комуникации.

Агенцијата, како и досега, и во 2009 година ќе настојува што попрофесионално, транспарентно и ефикасно да ги извршува работите од својата надлежност утврдени со закон, со цел да придонесе за што поголем развој, либерализација и конкуренција на пазарот во областа на електронските комуникации, задоволување на потребите за комуникациски услуги, заштита на интересите на корисниците, ефикасно користење на радиофреквенцискиот спектар и нумерацијата и унапредување на инвестициите во електронските комуникации со воведување на нови технолгии и услуги, со што треба да се придонесе за поттикнување на развојот на целокупната економија во Република Македонија.

Во 2009 година Агенцијата, според Законот за електронски комуникации, ќе организира две јавни расправи на кои ќе бидат поканети сите заинтересирани страни со кои ќе се разговара за работата на Агенција и ќе се даваат предлози и забелешки за понатамошна работа.

Во правец на исполнување на своите надлежности, утврдени со закон, за транспарентност и недискриминација во регулаторните процеси, а особено за заштита на интересите на корисниците на јавни електронски комуникациски услуги, Агенцијата во 2009 година ќе воспостави call-центар до кој сите заинтересирани лица ќе можат бесплатно да пристапат и да ги добијат бараните информации и податоци, насоки и препораки.

## Зајакнување на капацитетите на Агенцијата

Со цел зголемување на продуктивноста и квалитетот на работата на Агенцијата ќе бидат превземени низа активности во насока на електронско управување на системот со податоци (DMS[73]) и управување со проток на информации (DFM[74]). Дополнително ќе воведе и интерактивност на својот интернет портал со овозможување на on-line услуги за корисниците. Така се овозможува поширок и подобар пристап до сите услуги кои ги обезбедува Агенцијата.

Покрај тоа Агенцијата ќе отпочне со процес за изградба или купување на работни простории за потребите на вработените на Агенцијата. За подобра ефикасност на работењето ќе подготви ревизија на правилник за внатрешна организација и систематизација на работни задачи, ревизија на правилник за плати и други надоместоци, ревизија на правилник за стручно усовршување и боголем број на активности во насока на обука и стручно усовршување на вработените кадри во Агенцијата.

## Човечки ресурси

Активностите на Агенцијата тесно се поврзани со бројот и структурата на вработените и побарува доволно средства за следење и оценка на многу важни стручни, правни и економски прашања. Промените на пазарот на електронски комуникации бара трајно усовршување на сите вработени во Агенцијата. Вработените ќе се усовршуваат преку семинари, конференции, работни групи, работилници и разни курсеви. За да може да ги исполни зацртаните активности за 2009 година, Агенцијата планира вработување на 20 нови високостручни кадри во согласност со правилникот за систематизација на работните места.

Со цел поквалитетно исполнување на предвидените активности и развој на своите капацитети, Агенцијата има во предвид да ги исполни и следните активности:

- Стручна обука на постоечкиот кадар.

[73] DMS (Data Management System), Систем за управување со податоци,
[74] DFM (Document Flow Management), Управување со проток на информации,

- Користење на техничка помош на надворешни консултанти како и на инструментот TAIEX[75] на EU.
- Зајакнување на соработката со домашни регулаторни тела и државни институции како и институции на локалната самоуправа.
- Зајакнување на капацитетите на Агенцијата за идно користење на средства од IPA фондови.

## Меѓународна соработка

Во наредниот период, покрај тековните обврски, Агенцијата ќе има за цел да работи на зголемување активностите и контактите со меѓународните организации, а се со цел на зголемување на рејтингот на Агенцијата за електронски комуникации и на зголемување на позитивната прифатеност на Агенцијата и нејзината работа и делување посебно акцептирајки го моментот на позитивната критика од Европската Комисија дадена во последниот извештај во кој Агенцијата за електронски комуникации е карактеризирана како регулаторно тело кое што во последната година (2008) постигнало најзначаен напредок посебно во регулативата и уредувањето на либерализацијата на пазарот за електронски комуникации.

Прв чекор кон исполнувањето на овие цели е информираноста на заинтересираните субјекти надвор од границите на нашата земја на начин со транспарентно, навремено и објективно известување преку редовно ажурирање на веб – страницата на Агенцијата на англиски јазик.

Понатаму за позитивна претстава на Агенцијата е и прифаќањето на организацијата на следниот состанок на Кулен Интернешанел (Cullen International) кој ќе се оджи во Охрид во период од 07-08 Мај каде се планирани повеке презентации на Агенцијата и нејзиното работење и претставување на движењата и тековите на електронскиот пазар.

Уште една поголема средба од меѓународен карактер е превземањето на организацијата на 24-та средба на ECC (тело во склоп на CEPT[76]) на кои средби претежно учествуваат 130 претставници на земјите членки од CEPT. Одржувањето на состанокот е планирано за период од 26-30 Октомври 2009 година. На овие средби се усвојуваат материјали за препорани и припрема на документација за усвојување на Генералното собрание на CEPT.

Во план е посетата на следната средба на Управниот Комитет на Центарот за извршување на проекти од земјите на Југоисточна Европа , која од минатата година на состанокот кој се одржа во Скопје, претседавањето за следниот состанок го превземаа членовите на Регулаторното тело од Црна Гора. На овој состанок треба да се утврдат активностите за обуки на овој центар за наредниот период (2009-та година). Во овој контекст е и припремата на материјалите од страна на Агенцијата.

---

75

76 CEPT (Conference Europeene des Administrations des Postes et des Telecommunictions) – Европска конференција за пошти и телекомуникации,

Во план се и посетите на состаноците на ERG/IRG[77] и учествата на Пленарните Седници на овие Групи и на IRG – телото формирано од регулаторни тела од областа на електронските комуникации во Европа. Материјалите секојдневно се ажурираат и дистрибуираат.

Во рамките на меѓународната соработка, во текот на 2009 година ќе се остварат средби со претставници на регулаторните тела од соседните и други држави, како и со претставници на Европската Комисија и други релевантни институции и тела на Европската Унија.

Агенцијата во 2009 активно ќе партиципира и ќе ја зајакнува соработката со меѓународните организации и тела од областа на електронските комуникации како CEPT, ITU, IRG и други.

Покрај тоа Агенцијата ќе ја подигне билатералната соработка со регулаторните тела од регионот со цел поефективна координација при регулација како и размена на различни видови на искуства од нивната област на делување.

Агенцијата е во постојана координација со Меѓународната унија за телекомуникации (ITU) како и со други регулаторни тела. За таа цел Агенцијата редовно учествува на разни видови средби за имплементација на знаењата и искористување на искуствата од воведување на нови видови технологии, системи како и имплементација на европската регулатива. Претставници од Агенцијата за електронски комуникации, како дел од македонската делегација, ќе учествуваат на светските конференции и симпозиуми кои ги организира Меѓународната унија за телекомуникации, како и на други релевантни настани.

Агенцијата, исто така, ќе присуствува и на редовните средби на Европската група на регулатори.

Во текот на 2009 година вработените во Агенцијата ќе продолжат со учество експертските работни групи на CEPT, во работната група за управување на спектарот (WG SE) за дигитална телевизија (TG 4) и Комитетот за електронски комуникации (ECC), во работата на работната група на CEPT – Working Group Frequency Management – Project Team 22 (WGFM PT 22) и во работата на студиската група на ITU – Study Group1 Working Party 1C ( SG1 – WP1C ). Исто така треба да се вклучат во работата на CEPT – Working Group Radio Regulatory – Project Team 11 (WGRR PT 11) за Enforcement, WGSE - група за инженеринг на радиофреквенцискиот спектар, WGNNA група за управување со нумерација, а се планира и учество на Конференција на CEPT , како и на Собранието на оваа меѓународна организација.

## 3. Среднорочни планови

Со исполнување на предвидените активности ќе се создадат можности за спроведување на среднорочните приоритети на Агенцијата за електронски комуникации во 2010 година со кои се предвидуваат следните активности кои се поврзани со донесување на акти кои произлегуваат од примарната легислатива:

1. Донесување на акт за премин од 18 на 7 релевантни пазари согласно Препораката ан ЕС 2007/879/ЕЗ

[77] IRG (Independent Regulatory Group) – Независна група на регулатори,

2. Изработка на политика и план за воведување на дигитализација на електронските медиуми (усогласување со мерка 2.4.а од НСЕКИТ– Агенцијата треба да изготви анализа за идната дигитална дивиденда која би се добила по процесот на дигитализација, усогласување со Комуникација на ЕС до ЕР, ЕСо, EESC за дигитална дивиденда: Заеднички пристап за употребата на спектарот ослободен со дигиталниот премин COM (2007) 700 final и Резолуција на Европскиот Парламент за собирање на целосниот бенефит од дигиталната дивиденда во Европа: заеднички пристап за примената на спектарот ослободен од дигиталниот премин 2008/2099(INI).

3. Акт за процесирање на информација за локација на јавувач во електронски комуникациски мрежи за потребите на итни повици со можност за лоцирање (Препорака на Комисијата 2003/558/ЕЗ).

4. Разгледување на можноста за воведување на симетричност на цените за терминирање на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи согласно Заедничките позиции на ERG (07) 83 Final и ERG (08) 41 final.

# 4. Заклучок

Агенцијата во 2009 година ќе дејствува во насока на создавање на заокружена регулаторна рамка на пазарот на електронски комуникации. Заедно со низа други активности како анализа на релевантните пазари, избор на оператори со значителна пазарна моќ, регулација на цени и други, ќе доведе до финализација на либерализација на овој пазар. Се разбира Агенцијата ќе поттикнува имплементација на модерна електронска комуникациска технологија за збогатување на понудата на електронски комуникациски услуги. Во 2009 година Агенцијата ќе избере давател или даватели на универзална услуга со што ќе ги исполни обврските дадени во Законот за електронски комуникации и заедно со поголем број на активности како следење на квалитет на услуга, обезбедување на транспарентност во работењето, како на регулаторот така и на операторите, ќе создаде услови за поголема грижа на крајните корисници на електронските комуникациски услуги, односно граѓаните на Република Македонија.

Бр.11-11/8

25.03.2009 година

Агенција за електронски комуникации
Комисија
Софче Јовановска, претседател

2008

# Извештај за извршување на финансискиот план на Агенцијата за електронски комуникации

01.01.2008-31.12.2008

Агенција за електронски комуникации

## Содржина

Содржина ........ 80

Извештај за извршување на финансискиот план на Агенцијата за електронски комуникации за 2008 година . 81

Извештај за реализирани расходи и приходи на Агенцијата за електронски комуникации во 2008 година .. 81

Реализирани расходи ........ 82

Реализирани приходи ........ 85

## Извештај за извршување на финансискиот план на Агенцијата за електронски комуникации за 2008 година

Врз основа на писмен допис од Министерството за финансии, Сектор за финансиски системи, со арх.бр.11-998/2 од 20.03.2006 година, кои се однесува на мислење за насоките за водењето на сметководството, Агенцијата за електронски комуникации во периодот од 01.01.2008 до 31.12.2008 година изготвувањето на финансиските извештаи , признавањето на приходите и расходите, проценувањето на билансните позиции ги изврши согласно Законот за сметководство за непрофитни организации[78], Правилникот за сметковен план и билансите на непрофитни организации[79]. Во прилог на финансискиот извештај за 2008 година ги доставуваме следниве финансиски извештаи:

- Биланс на состојба за период од 01.01.2008 до 31.12.2008 година;
- Биланс на приходи и расходи за период од 01.01.до 31.12.2008 година
- Даночен биланс за период од 01.01.2007 до 31.12.2008 година;
- Образец ДЕ - Посебни податоци за системот на Државна евиденција за други субјекти;
- Белешка за распоредување на резултатот за период од 01.01. до 31.12.2008 година;
- Класификација на остварените приходи по дејности за период од 01.01.до 31.12.2008 година.
- Извештај за реализирани расходи и приходи по синтетички конта со споредбени показатели на планирани и реализирани расходи и приходи по синтетички конта 2008/2007;

## Извештај за реализирани расходи и приходи на Агенцијата за електронски комуникации во 2008 година

| 14. | б) Покривање на загубата со отпис на побарувањата на доверителите | 364 | | |
| 15. | в) Покривање на загубата со намалување на резервите | 365 | | |
| 16. | г) Непокриени расходи - загуба | 366 | | |

Сметководител: Име и презиме ГОРДАНА КАРАКНРОВА

ЕМБГ:

Сметководител: Име на фирма

ЕМБС:

Во Скопје

На ден 26.02.09

Лице одговорно за составување на билансот,

М.П.

Раководител,

Образецот е пропишан со Правилникот за Сметковниот план и Билансите на непрофитните организации ("Сл.весник на РМ", бр. 117/05 и 11/06)

Издава: "Македонија биро" - Скопје

"СПД"-рекапитулар

| Вид работа (1 2 3) | Идентификационен број (ЕМБС) (4 5 6 7 8 9 10 11) | Период | Контролор | Резервни кодекси (12 13 14 15 16 17 18 19 20 21 22 23 24 25 26) |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

Назив на субјектот Агенција за електронски комуникации

Адреса, седиште и телефон Димитрие Чуповски бр. 13, 3289 200

Единствен даночен број МК 4030005556148

## СТРУКТУРА НА ПРИХОДИ ПО ДЕЈНОСТИ

| НКД (Национална класификација на дејности) | | | Остварени приходи (во денари) |
|---|---|---|---|
| Ред. број | Класа/поткласа | Назив | |
| 1. | 61.90 | Други телекомуникациски дејности | 443.001.485 |
| 2. | | | |
| 3. | | | |
| 4. | | | |
| 5. | | | |
| 6. | | | |
| 7. | | | |
| | ВКУПНИ ПРИХОДИ ........................................ (Податок се зема од АОП 250 - збир од АОП 240+243+244+245+246+247+248+249) од образецот Биланс на приходи и расходи за непрофитните организации | | 443.001.485 |

| Во Скопје<br>На ден 26.02.09 година | Лице одговорно за составување на билансот,<br>[illegible] | М.П. | Раководител,<br>[illegible] |
|---|---|---|---|

Издава: "Македонија биро" - Скопје

Во колоната за "Класа/поткласа" се внесува нумеричка ознака на класа односно поткласа, согласно НКД за дејноста од која субјектот остварува приход.

Во колоната "Назив" се внесува описно називот на дејноста според НКД од која субјектот остварува приход.

Во колоната "Остварени приходи" се внесува износот на остварени приходи по дејности.

Образецот е пропишан со Правилникот за формата, содржината и начинот на пополнување на образецот за распределба на остварените приходи по дејности СПД - Рекапитулар ("Сл.весник на РМ", бр. 2/08).

2008

# Ревизорски извештај од надворешен и независен ревизор

01.01.2008-31.12.2008

Агенција за електронски комуникации

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ
СКОПЈЕ
Примено 30.03.2009 година
Број 02-708/5

**АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ Скопје**

**Финансиски извештаи
за годината што завршува
на 31 декември 2008 и
Извештај на независните ревизори**

**СОДРЖИНА:**


| | Страна |
|---|---|
| Извештај на независните ревизори | 1 - 3 |
| Биланс на приходи и расходи | 4 |
| Биланс на состојба | 5 |
| Белешки кон финансиски извештаи | 6 - 20 |

Deloitte.

Deloitte DOO
Mit. Teodosij Gologanov 28
1000 Skopje
Republic of Macedonia

Tel: +389 (2) 3111 300
Fax: +389 (2) 3119 544
cemkmacedonia@deloittece.com
www.deloitte.com/mk

Central Register of RM
Registry Number 4881427
Komercijalna Banka AD, Kej Dimitar Vlahov, Skopje
Acount no. 300-0000000910-22
VAT MK 4030994253680

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ

**До Собранието на Република Македонија**

Бевме ангажирани да извршиме ревизија на приложените финансиски извештаи (стр. 4 до 20) на Агенцијата за електронски комуникации Скопје (во понатамошниот текст "Агенцијата") кои се состојат од Биланс на состојба на 31 декември 2008 година и биланс на приходи и расходи за годината што тогаш завршува, како и преглед на значајните сметководствени политики и останатите белешки кон финансиските извештаи. Финансиски извештаи на Агенцијата на ден и за годината што завршува на 31 декември 2007 беа ревидирани од страна на друг ревизор, кој во својот извештај од март 2008 година изразил мислење со резерва поради неможност за реализација на ограничените обврзници и недоставена документација за наменски депозити во Експорт-импорт банка (во ликвидација).

*Одговорност на раководството за финансиски извештаи*

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи во согласност со сметководствените регулативи кои се применуваат во Република Македонија. Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементирање и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали истото е резултат на измама или грешка, избирање и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во дадените околности.

*Основи за воздржување од давање на мислење*

Како што е наведено во Белешка 10 кон придружните финансиски извештаи, на 31 декември 2008 година, опремата и други средства Агенцијата ги презентирала со негативна сметководствена вредност во износ од 19,635 илјади денари. Ваквата презентација произлегува од двојно пресметаната и евидентирана амортизација во сметководствениот систем на Агенцијата за годините што завршуваат на 31 декември 2001, 2002 и 2003 година. Врз основа на расположливата документација, не бевме во можност да се увериме во потенцијалните ефекти на финансиските извештаи на Агенцијата на ден 31 декември 2008 година.

Како што е наведено во Белешка 7 кон придружните финансиски извештаи, интелектуалните и други услуги во износ од 6,994 илјади денари вклучуваат трошоци врз основа на договори на дело со надворешни лица за вршење на услуги за односи со јавноста, чистење и обезбедување во износ од 1,086 илјади денари за коишто не е спроведена постапка за јавни набавки. Понатаму, потрошената енергија во износ од 2,002 илјади денари вклучува износ од 1,168 илјади денари коишто се однесуваат на набавка на моторен бензин за службени возила за коишто Агенцијата, исто така, не спровела постапка за јавна набавка. Ваквата пракса не е во согласност со Законот за јавни набавки ("Службен весник на РМ" број 137/2007) согласно кој за горенаведените видови на набавки е потребно да се организираат преку спроведување постапка за јавна набавка.

(продолжува)

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ

**До Собранието на Република Македонија (продолжение)**

*Основи за воздржување од давање на мислење (продолжение)*

Како што е наведено во Белешка 14 и 17 кон придружните финансиски извештаи, паричните средства во Експорт-импорт банка АД Скопје – во ликвидација во износ од 50,000 илјади денари претставуваат наменски орочени депозити уплатени во наведената банка на 8 март 2001 година. Агенцијата не ни ја достави на увид документацијата врз основа на којашто овие средства биле уплатени во наведената банка. Како резултат на ова, ние не бевме во можност да се увериме дали овие парични средства во горенаведениот износ се реално прикажани во финансиските извештаи на 31 декември 2008 година и дали Агенцијата во иднина би имала одредени потенцијални права или обврски поврзани со овие средства.

Како што е наведено во Белешка 13 и 17 кон придружните финансиски извештаи, државните обврзници коишто се чуваат до доспевање во износ од 102,456 илјади денари се стекнати во периодот од 2001 до 2007 година како наплата на надоместок за концесија на користење радиофреквенции од трговски радиодифузни друштва во согласност со Одлуката за наплата на надоместок за радиофреквенции по пат на обврзници ("Службен весник на РМ" број 103/2001 година). Согласно извештајот за имател на состојбата на ден 31.12.2008 година издаден од страна на Централниот депозитар на Република Македонија, овие обврзници се со ограничено користење, односно Агенцијата не може да тргува со истите, ниту да прима наплата на доспеаните рати. До денот на ревизијата, раководството на Агенцијата немало добиено информација од основачот или од било кој друг државен орган дали и како би ги реализирала доспеаните средства по овие обврзници.

Како што е наведено во Белешка 11 кон придружните финансиски извештаи, утужените побарувања во износ до 369,108 илјади денари вклучуваат износ од 355,864 илјади денари коишто се однесуваат на дополнително фактурирани побарувања на 11 мај 2007 година спрема два мобилни оператори за годишен надоместок за користење радиофреквенции за 2004 година. Дополнителното фактурирање било извршено од причина што пресметката на годишниот надоместок за користење радиофреквенции за 2004 година била извршена според намалени бодови кои биле во примена почнувајќи од октомври 2004 до јуни 2005 година согласно Одлуката на Владата на Република Македонија за утврдување на бројот на бодовите за пресметка на годишниот надоместок за користење на радиофреквенции ("Службен весник на РМ" број 73/2004). На 18 јуни 2007 година Агенцијата поднела тужба бр. 6744/07 и 6745/07 против двата мобилни оператори пред надлежниот суд. Во текот на 2008 година одржани се неколку рочишта. Судските спорови се сеуште во тек. Неизвесни загуби кои би можеле да произлезат од овие судски спорови во моментот не е можно со сигурност да се утврдат.

*Воздржување од давање на мислење*

Поради важноста на наодите дадени во претходните параграфи, ние не изразуваме мислење за наведените финансиски извештаи на Агенцијата за електронски комуникации Скопје за годината што завршува на 31 декември 2008 година составени во согласност со сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Македонија.

(продолжува)

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ**

**До Собранието на Република Македонија (продолжение)**

*Обрнување на внимание*

Воздржувајќи се од давање на нашето мислење, обрнуваме внимание на фактот дека Агенцијата ја води својата сметководствена евиденција и ги подготвува своите финансиски извештаи во согласност со Законот за сметководство на непрофитните организации (Службен весник на Република Македонија бр. 24/2003) и Правилникот за сметководство на непрофитни организации (Службен весник на Република Македонија бр. 42/2003). Според одредбите на наведениот Закон, Агенцијата не е обврзана да составува и поднесува Извештај за промените на главнината и Извештај за паричните текови.

Дилоит ДОО

Друштво за ревизиски, консалтинг и даночни услуги ДИЛОИТ ДОО Скопје

Лидија Нануш
Овластен ревизор
Директор

Александар Аризанов
Овластен ревизор

Скопје
9 Март 2009 година

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ**
**За годината што завршува на 31 декември 2008**
**(Во илјади денари)**

| | Белешка | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| Приходи од основна дејност | 3.1; 4 | 410,648 | 461,913 |
| Останати приходи | | 1,020 | 2,957 |
| | | 411,668 | 464,870 |
| **Оперативни трошоци:** | | | |
| Трошоци за набавка на недвижности, опрема и нематеријални средства | 3.4; 3.5; 5 | (33,834) | (170) |
| Трошоци за вработените | 3.3; 6 | (63,508) | (48,899) |
| Останати оперативни трошоци | 7 | (47,634) | (39,148) |
| | | (144,976) | (88,217) |
| **Вишок на приходи над расходи** | | 266,692 | 376,653 |
| Финансиски приходи, нето | 8 | 29,784 | 7,724 |
| **Вишок на приходи над расходи пред оданочување** | | 296,476 | 384,377 |
| **Данок на вишок на приходи над расходи** | 9 | (30,652) | (47,007) |
| **Вишок на приходи над расходи по оданочување** | | 265,824 | 337,370 |

Белешките кон финансиските извештаи
претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.

Овие финансиски извештаи беа прифатени и одобрени од страна на раководството на Агенцијата на 28 февруари 2009 година.

Петар Ианоски
Директор

Весна Чкаловска
Раководител на финансии

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА**
**На 31 декември 2008**
**(Во илјади денари)**

| | Белешка | 31 декември 2008 | 31 декември 2007 |
|---|---|---|---|
| **Нетековни средства** | | | |
| Недвижности и опрема | 3.4; 10 | 82,146 | 104,866 |
| Нематеријални средства | 3.5; 11 | 19,767 | 634 |
| | | 101,913 | 105,500 |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања од купувачи | 3.6; 11 | 425,744 | 430,298 |
| Останати побарувања и претплатени трошоци | 12 | 11,920 | 3,517 |
| Ограничени државни обврзници коишто се чуваат до доспевање | 3.7; 13 | 102,456 | 102,124 |
| Пари и парични еквиваленти | 3.8; 14 | 982,656 | 742,166 |
| | | 1,522,776 | 1,278,105 |
| **Вкупно средства** | | 1,624,689 | 1,383,605 |
| **Фондови и акумулиран вишок на приходи** | 15 | | |
| Деловен Фонд | | 491,171 | 494,787 |
| Резервен Фонд | | 2,480 | 2,480 |
| Акумулиран вишок на приходи над расходи | | 603,194 | 337,370 |
| **Вкупно фондови и акумулиран вишок на приходи** | | 1,096,845 | 834,637 |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски спрема добавувачи и останати тековни обврски | 3.9; 16 | 17,261 | 34,615 |
| Пасивни временски разграничувања | 17 | 510,583 | 514,353 |
| **Вкупно обврски** | | 527,844 | 548,968 |
| **Вкупно обврски, фондови и акумулиран вишок на приходи** | | 1,624,689 | 1,383,605 |

Белешките кон финансиските извештаи
претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2008**

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Агенцијата за електронски комуникации Скопје (во понатамошниот текст “Агенцијата”) е независно регулаторно тело основано од страна на Собранието на Република Македонија како самостојно и непрофитно правно лице со јавни овластувања утврдени со Законот за електронски комуникации (Службен весник на РМ бр. 13/2005, 14/2007, 55/2007 и 98/2008).

Агенцијата е правен наследник на Управата за телекомуникации којашто престана да постои со усвојувањето на горенаведениот закон.

Агенцијата е регистрирана во Централниот регистар на Република Македонија на 19 мај 2005 година под број 01/1-70638-0-0-0. Седиштето на Агенцијата се наоѓа на улица 11-ти Октомври Бр. ББ Скопје Центар, Скопје, Република Македонија.

Агенцијата ги извршува работите од својот делокруг во согласност со Законот за електронски комуникации и прописите донесени врз негова основа, како и врз основа на националната стратегија за развоја во областа на електронските комуникации и информатичките технологии и меѓународните договори од областа на електронските комуникации што ги склучило или на кои им пристапила Република Македонија.

Следниве се надлежностите на Агенцијата утврдени со Законот за електронски комуникации:

а) врши надзор и контрола и го следи работењето на операторите на електронските комуникациски мрежи и давателите на услуги во согласност со наведениот закон и прописите донесени врз основа на него;

б) поттикнува воспоставување на интерконекција меѓу електронските комуникациски мрежи и обезбедува интерконекција според недискриминаторски услови, врз основа на одобрените референтни понуди;

в) презема иницијатива за обезбедување на интерконекција:
- ја одобрува референтната понуда за интерконекција и/или пристап и референтната понуда за разврзан пристап на локална јамка на операторите со значителна пазарна моќ и
- определува оператори со значителна пазарна моќ во соработка со Комисијата за заштита на конкуренцијата;

г) врши регистрација на нотификација на оператори на електронски комуникациски мрежи и даватели на електронски комуникациски услуги;

д) обезбедува корисниците да имаат пристап до јавните електронски комуникациски мрежи и јавните електронски комуникациски услуги на недискриминаторска основа;

ѓ) презема мерки и пропишува заштита за да ги спречи операторите на електронски комуникациски мрежи и давателите на електронски комуникациски услуги од ангажирање во антиконкурентни активности;

е) донесува и спроведува План за намена на радиофреквенциски опсези и План за распределба на радиофреквенции;

ж) го следи користењето на спектарот на радиофреквенции согласно со плановите од точката е);

з) издава одобренија за користење на радиофреквенции;

ѕ) врши координација на радиофреквенциите со регулаторните тела на соседните и другите држави;

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2008**

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ (продолжение)

и) донесува и спроведува План за нумерација за електронски комуникациски мрежи и услуги на Република Македонија;

ј) доделува броеви и серии на броеви на оператори на јавни комуникациски мрежи и даватели на јавни комуникациски услуги;

к) управува и го следи рационалното користење на броевите, согласно со Планот од точката и) и во случаи на утврдени неправилности ги одзема броевите и сериите на броеви;

л) подготвува и спроведува јавни тендери за доделување и користење на радиофреквенции;

љ) ја утврдува содржината на стандарден договор меѓу оператори на електронски комуникациски мрежи, даватели и корисници на електронски комуникациски услуги;

м) презема мерки во согласност со наведениот закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите на наведениот закон или на прописите донесени врз основа на него;

н) ги контролира цените на комуникациските услуги и презема мерки во случаи кога оператор на електронска комуникациска мрежа или давател на електронска комуникациска услуга, сам или заедно со друг има значителна пазарна моќ на релевантниот пазар на комуникациски услуги;

њ) ги контролира цените на електронските комуникациски услуги утврдени во референтните понуди на оператори на електронски комуникациски мрежи и услуги со значителна пазарна моќ на релевантен пазар;

о) раководи и управува со средствата на фондот за универзална услуга и врши наплата на надоместоци од операторите кои не се даватели на универзална услуга на посебна сметка на име на фондот, како и врши исплата на средства од фондот кон давателот на универзална услуга;

п) решава спорови меѓу:
- операторите на електронски комуникациски мрежи и давателите на услуги во врска со интерконекција и/или пристап, на предлог на една од страните на спорот, согласно наведениот закон;
- оператори на електронски комуникациски мрежи и даватели на услуги согласно со одредбите од наведениот закон и прописите донесени врз основа на наведениот закон и
- корисници и оператори на електронски комуникациски мрежи и даватели на услуги согласно со одредбите од наведениот закон и прописите донесени врз основа на наведениот закон;

р) воспоставува, одржува и ажурира електронска база на податоци што содржи информации од областа на електронските комуникации и да обезбеди информациите да бидат јавно достапни во согласност со правилата за доверливост и прописите за пристап до информациите;

с) соработува со надлежните тела и институции од областа на радиодифузијата и заштитата на конкуренцијата;

т) го следи развојот на електронските комуникации;

ќ) бара податоци и информации од операторите на електронските комуникациски мрежи и давателите на електронски комуникациски услуги;

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2008**

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ (продолжение)

у) обезбедува информации за корисниците, операторите и давателите на услуги и меѓународните организации и тела;

ф донесува и спроведува подзаконски акти донесени врз основа на наведениот закон;

х) донесува технички прописи врз основа на наведениот закон;

ц) одобрува употреба на радио и телекомуникациска терминална опрема;

ч) обезбедува операторите на електронски комуникациски мрежи и давателите на електронски комуникациски услуги да се придржуваат кон обврските кои им се дадени во интерес на одбраната, безбедноста и одржувањето на јавниот ред, како и за време на воена и вонредна состојба;

џ) спроведува примена на националните и меѓународните стандарди и технички прописи во областа на електронските комуникации;
- учествува во работата на меѓународни организации и здруженија на национални регулаторни тела во областа на електронските комуникации;
- ја врши својата работа транспарентно и на недискриминаторски начин, овозможувајќи им на заинтересираните страни да дадат забелешки и коментари во врска со иницијативите, мерките и одлуките на Агенцијата и
- спроведува постапка за определување на давател на универзална услуга и склучува договор со истиот, по претходно добиена согласност од министерот надлежен за електронските комуникации.

Органи на Агенцијата се: комисија составена од 5 членови и директор.

На 31 декември 2008 година Агенцијата има 99 вработени (2007: 90 вработени)

## 2. ОСНОВА ЗА ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

Придружните финансиски извештаи се подготвени во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации (Службен весник на Република Македонија бр. 24/2003), како и Правилникот за сметководство на непрофитни организации (Службен весник на Република Македонија бр. 42/2003).

Финансиските извештаи се подготвени врз основа на модифицирана готовинска основа.

При составувањето на овие финансиски извештаи Агенцијата ги применува сметководствените политики кои се обелоденети во Белешката 3 кон финансиските извештаи, кои се засновани на сметководствената и даночната регулатива во Република Македонија.

Извештајна валута на Агенцијата е македонскиот денар (“Денар”). Сите износи во финансиските извештаи и соодветните белешки се прикажани во илјади денари, освен доколку не е наведено поинаку.

## 3. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

### 3.1 Признавање на приходи и расходи

Приходите и расходите се признаваат според начелото на модификувана готовинска основа на деловните промени, односно трансакции.

## 3. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжение)

### 3.1 Признавање на приходи и расходи (продолжение)

Приходите се признаваат во пресметковниот период во којшто настанале според критериумот на мерливост и расположливост. Приходите се мерливи кога можат да се искажат вредносно. Приходите се расположливи кога се остварени (наплатени) во пресметковниот период или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период под услов приходите да се однесуваат на пресметковниот период и служат за покритие на обврските од тој пресметковен период.

Приходите од основна дејност се состојат од следниве надоместоци:

- Надоместок за користење на радиофреквенции;
- Надоместок за надзор на пазарот на електронски комуникации;
- Надоместок за користење на доделени броеви и серии на броеви;
- Надоместок од концесии врз основа на користење на радиофреквенции.

Расходите се признаваат во пресметковниот период во којшто настанале или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, под услов обврската за плаќање да настанала во тој пресметковен период.

### 3.2 Износи искажани во странска валута

Трансакциите настанати во странска валута се искажани во денари со примена на официјалните курсеви на Народна Банка на Република Македонија кои важат на денот на трансакцијата.

Средствата и обврските кои гласат на странска валута се искажуваат во денари со примена на официјалните курсеви кои важат на денот на составувањето на Билансот на состојба.

Нето позитивните и негативните курсни разлики кои произлегуваат од претворањето на износите во странска валута, се вклучени во билансот на успех во периодот кога тие настануваат.

### 3. 3 Трошоци за вработените

Агенцијата во нормалниот тек на работењето, во име на вработените, врши уплати на придонеси за пензиско, здравствено осигурување, вработување и персонален данок на доход, кои се пресметуваат на бруто плата, како и исплата на хранарина, трошоци за превоз од и до работа. Агенцијата овие средства ги плаќа во државните фондови - здравствен и пензиски, според законските стапки кои се во сила во текот на годината, а кои се пресметуваат на бруто платата. Трошокот за овие плаќања се признава во Билансот на успех во истиот период кога и трошокот за соодветната плата.

### 3.4 Недвижности и опрема

Недвижностите и опремата се евидентира по набавна вредност. Набавната вредност ги вклучува набавната цена и сите директни трошоци кои се припишуваат на средството со цел негово ставање во употреба и на саканата локација. Набавната вредност на недвижностите и опремата се признава како трошок кој се припишува на фондовите во периодот кога настанува.

## 3. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжение)

### 3.4 Недвижности и опрема (продолжение)

Амортизацијата се пресметува врз основа на праволиниска метода со примена на годишни стапки кои се пропишани во Правилникот за сметководство на непрофитни организации. Доколку поединечната вредност на средството во моментот на набавката е пониска од 100 евра во денарска противвредност се отпишува еднократно независно од векот на употреба.

Во продолжение се дадени годишни стапки за амортизација, применети на некои позначајни ставки од недвижности и опрема:

| Применети годишни стапки | 2008/07 |
|---|---|
| Градежни објекти | 1-3% |
| Возила | 15-25% |
| Компјутери, мебел и друга опрема | 10-20% |

### 3.5 Нематеријални средства

Нематеријалните средства се состојат од набавен софтвер за реализација на преносливост на броеви (Белешка 10). Нематеријалните средства се евидентираат по нивната набавна вредност којашто опфаќа фактурна вредност и зависни трошоци намалена за амортизацијата и износот на обезвреднување. Набавната вредност се амортизира во текот на проценетиот корисен век на софтверот со годишна стапка на амортизација од 20%. Набавната вредност претставува фактурна вредност на набавените нематеријални средства зголемена за сите трошоци настанати до нивното право на користење.

### 3.6 Побарувања

Побарувањата се признаваат и евидентираат по фактурна вредност намалени за исправка на ненаплатливите побарувања. Проценка за сомнителните и спорни побарувања се прави кога не е повеќе веројатно наплатувањето на целиот износ. Спорните побарувања се отпишуваат врз основа на застареност, правосилна судска одлука или во случај на стечај или ликвидација на комитентот.

### 3.7 Вложувања во хартии од вредност коишто се чуваат до доспевање

Вложувања во хартии од вредност кои се чуваат до доспевање претставуваат финансиски средства – обврзници за денационализација и обврзници за старо девизно штедење со фиксни или определени плаќања и фиксно доспевање, кои Агенцијата ги има наследено од Управата за телекомуникации чиишто основни средства, права и обврски после нејзината ликвидација беа пренесени на Агенцијата во согласност со член 145 став 7 од Законот за електронски комуникации ("Службен весник на Република Македонија" бр. 13/2005).

Ова портфолио вклучува обврзниците од старото девизно штедење и денационализација издадени од страна на Република Македонија. Овие хартии од вредност се прикажани според номинална вредност и се со ограничено користење (Белешка 13).

### 3.8 Пари и парични еквиваленти

Парите и паричните еквиваленти се состојат од пари во банка и пари во благајна во денари и странска валута.

## 3. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжение)

### 3.9 Обврски спрема добавувачи и останати тековни обврски

Обврските спрема добавувачите и останатите тековни обврски се прикажуваат по нивната номинална вредност.

### 3. 10 Јавни набавки

Агенцијата го уредува начинот и постапката на своите набавки во согласност со одредбите на Законот за јавни набавки ("Службен весник на РМ" бр. 137/2007, 130/2008). Јавните набавки треба да обезбедат фер конкуренција, еднаква и недискриминаторска положба на понудувачите, транспарентност и јавност.

Агенцијата, врз основа на утврдените извори за финансирање, донесува план за своите вкупни потреби за набавки во тековната година по видови на производи, услуги и работи со која ја определува и динамиката за реализација на набавките и постапката за јавна набавка која ја користи.

Согласно наведениот Закон, Агенцијата ги остварува јавните набавки преку постапки на отворен повик, ограничен повик, конкурентен дијалог, преговарање, барање за прибирање понуди, конкурс за избор на идејно решение, рамковна спогодба и електронска аукција.

### 3.11 Данок на вишок на приходи над расходи

Согласно членот 47 од Законот за данок на добивка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2006), непрофитните организации се ослободени од плаќање на данок на добивка за приходите остварени од членарини, спонзорства и донации со наменски карактер, кои не се наменети за вршење на дејноста и чија единствена функција е само прибирање и распоредување за одредена намена. Доколку непрофитните организации остваруваат приходи од стопанска дејност, за остварениот вишок на приходи над расходи од стопанската дејност должни се да пресметаат данок на вишокот на приходи над расходи.

Агенцијата го пресметува данокот на вишокот на приходи над расходи во согласност со одредбите на релевантните закони во Република Македонија, врз основа на финансискиот резултат (вишокот на приходи над расходи) признат во билансот на успех подготвен во согласност со македонската сметководствена регулатива. Проценетата аконтација на данокот на вишок на приходи над расходи се плаќа месечно како што е определено од даночните органи. Конечниот данок на вишок на приходи над расходи од 10% (2007: 12%) се плаќа врз основа на вишокот на приходи над расходи за годината признаен во законскиот биланс на успех подготвен според законските барања.

## 4. ПРИХОДИ ОД ОСНОВНА ДЕЈНОСТ

| | Во илјади денари | |
|---|---|---|
| | 2008 | 2007 |
| Надоместок за користење на радиофреквенции | 314,787 | 343,246 |
| Надоместок за надзор на пазарот за електронски комуникации | 51,146 | 48,251 |
| Надоместок за користење на доделени броеви и серии на броеви | 43,993 | 64,988 |
| Надоместок од концесии врз основа на користење на радиофреквенции | 722 | 5,428 |
| | 410,648 | 461,913 |

## 5. ТРОШОЦИ ЗА НАБАВКА НА НЕДВИЖНОСТИ, ОПРЕМА И НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

| | Во илјади денари | |
|---|---|---|
| | 2008 | 2007 |
| Систем за преносливост на броеви (Белешка 10) | 19,133 | - |
| Инвестиција во објектот контролно мерен центар –Штип (Белешка 10) | 7,076 | - |
| Моторни возила (Белешка 10) | 6,335 | - |
| Опрема и останати средства (Белешка 10) | 1,290 | 170 |
| | 33,834 | 170 |

## 6. ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ

| | Во илјади денари | |
|---|---|---|
| | 2008 | 2007 |
| Бруто плати | 55,430 | 41,418 |
| Други надоместоци за вработените | 8,078 | 7,481 |
| | 63,508 | 48,899 |

## 7. ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ

Во илјади денари

| | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| Дневници за службено патување и патни трошоци | 10,835 | 8,167 |
| Интелектуални и други услуги | 6,994 | 6,373 |
| Комунални услуги и комуникација | 4,062 | 4,514 |
| Наемнина | 3,773 | 3,194 |
| Потрошени материјали | 1,557 | 1,923 |
| Потрошена енергија | 2,002 | 1,250 |
| Членарини | 4,345 | 24 |
| Реклама, пропаганда и репрезентација | 2,417 | 930 |
| Инвестиционо одржување на средствата | 572 | 227 |
| Превозни - Транспортни услуги | 257 | 214 |
| Други материјални расходи | 189 | 3 |
| Провизија за платен промет | 182 | 153 |
| Премии за осигурување | 368 | 259 |
| Останати расходи (објава на тендери, адвокатски и судски такси) | 10,081 | 11,917 |
| | 47,634 | 39,148 |

## 8. ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ, НЕТО

Во илјади денари

| | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| Приходи од камати | 31,292 | 7,810 |
| Расходи за камати | (1,345) | - |
| Позитивни курсни разлики | 40 | - |
| Негативни курсни разлики | (203) | (86) |
| | 29,784 | 7,724 |

## 9. ДАНОК НА ВИШОК НА ПРИХОДИ НАД РАСХОДИ

Во илјади денари

| | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| Вишок на приходи над расходи | 296,476 | 384,377 |
| Данок пресметан по даночна стапка од 10% (2007: 12 %) | 29,648 | 46,125 |
| Трошоци кои не се одбиваат за даночни цели | 1,004 | 882 |
| Данок на вишокот на приходи над расходи | 30,652 | 47,007 |
| Ефективна даночна стапка | 10.34% | 12.23% |

## 10. НЕДВИЖНОСТИ И ОПРЕМА И НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

Во илјади денари

| | Градежни објекти | Возила | Опрема и други средства | Инвестиции во тек | Вкупно | Нематеријални средства |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | | | |
| Состојба на 1 јануари 2008 година | 93,392 | 2,087 | 283,358 | 815 | 379,652 | 634 |
| Набавки | - | 6,335 | 1,290 | 7,076 | 14,701 | 19,133 |
| Расходи | - | - | (2,818) | - | (2,818) | - |
| Состојба на 31 декември 2008 | 93,392 | 8,422 | 281,830 | 7,891 | 391,535 | 19,767 |
| **Исправка на вредноста** | | | | | | |
| Состојба на 1 јануари 2008 | 5,607 | 665 | 268,514 | - | 274,786 | - |
| Трошок за годината | 940 | 712 | 35,562 | - | 37,214 | - |
| Расходи | - | - | (2,611) | - | (2,611) | - |
| Состојба на 31 декември 2008 | 6,547 | 1,377 | 301,465 | - | 309,389 | - |
| **Сметководствена вредност на:** | | | | | | |
| **31 декември 2008** | 86,845 | 7,045 | (19,635) | 7,891 | 82,146 | 19,767 |
| **31 декември 2007** | 87,785 | 1,422 | 14,844 | 815 | 104,866 | 634 |

Градежните објекти со сметководствена вредност од 86,845 илјади денари (2007: 87,785 илјади денари) се состојат од контролно мерни центри лоцирани во Скопје и Битола, како и антенски столбови лоцирани во Тетово и Охрид.

На 31 декември 2008 година, опремата и други средства се презентирани со негативна сметководствена вредност во износ од 19,635 илјади денари. Ваквата презентација произлегува од двојно пресметаната и евидентирана амортизација во сметководствениот систем на Агенцијата за годините што завршуваат на 31 декември 2001, 2002 и 2003 година. Исправката на утврдената грешка ќе биде евидентирана на 1 јануари 2009 година.

## 11. ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ

Во илјади денари

| | 31 декември 2008 | 31 декември 2007 |
|---|---|---|
| Побарувања од купувачи во земјата | 56,438 | 59,690 |
| Побарувања од купувачи во странство | 198 | - |
| Утужени побарувања | 369,108 | 370,608 |
| | 425,744 | 430,298 |

## 11. ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ (продолжение)

Утужените побарувања во износ до 369,108 илјади денари (2007: 370,608 илјади денари) вклучуваат износ од 355,864 илјади денари коишто се однесуваат на дополнително фактурирани побарувања на 11 мај 2007 година спрема два мобилни оператори Т-Мобиле и Космофон за годишен надоместок за користење радиофреквенции за 2004 година. Дополнителното фактурирање е извршено од причина што пресметката на годишниот надоместок за користење радиофреквенции за 2004 година беше извршена според намалени бодови кои беа во примена почнувајќи од октомври 2004 до јуни 2005 година согласно Одлуката на Владата на Република Македонија за утврдување на бројот на бодовите за пресметка на годишниот надоместок за користење на радиофреквенции ("Службен весник на РМ" број 73/2004).

На 18 јуни 2007 година Агенцијата поднесе тужба бр. 6744/07 и 6745/07 против наведените мобилни оператори пред надлежниот суд. Во текот на 2008 година одржани се неколку рочишта. Судските спорови се сеуште во тек.

## 12. ОСТАНАТИ ПОБАРУВАЊА И ПРЕТПЛАТЕНИ ТРОШОЦИ

| | Во илјади денари | |
|---|---|---|
| | 31 декември 2008 | 31 декември 2007 |
| Побарувања за повеќе платен данок на добивка | 9,078 | 41 |
| Побарувања од вработените | 798 | 749 |
| Однапред платени трошоци | 2,044 | 2,727 |
| | 11,920 | 3,517 |

## 13. ОГРАНИЧЕНИ ДРЖАВНИ ОБВРЗНИЦИ КОИШТО СЕ ЧУВААТ ДО ДОСПЕВАЊЕ

| | Во илјади денари | |
|---|---|---|
| | 31 декември 2008 | 31 декември 2007 |
| Обврзници за денационализација:(Белешка 17) | | |
| - *I емисија* | 2,939 | 2,929 |
| - *II емисија* | 12,663 | 12,609 |
| - *III емисија* | 14,951 | 14,900 |
| - *IV емисија* | 26,879 | 26,770 |
| - *V емисија* | 19,743 | 19,712 |
| - *VI емисија* | 1,520 | 1,524 |
| | 78,695 | 78,444 |
| Обврзници за старо девизно штедење (Белешка 17) | 23,761 | 23,680 |
| | 102,456 | 102,124 |

## 13. ОГРАНИЧЕНИ ДРЖАВНИ ОБВРЗНИЦИ КОИШТО СЕ ЧУВААТ ДО ДОСПЕВАЊЕ (продолжение)

Обврзниците во износ од 102,465 илјади денари (2007:102,124 илјади денари) Агенцијата ги има стекнато преку нејзиниот правен претходник (Белешка 3.7) во периодот од 2001 до 2007 година како наплата на надоместок за концесија на користење радиофреквенции од трговски радиодифузни друштва во согласност со Одлуката за наплата на надоместок за радиофреквенции по пат на обврзници ("Службен весник на РМ" број 103/2001 година).

Согласно извештајот за имател на состојбата на ден 31.12.2008 година издаден од страна на Централниот депозитар на Република Македонија, Агенцијата има ограничено право на користење над горенаведените обврзници немајќи право да тргува со истите, ниту да прима наплата на доспеаните рати. Раководството на Агенцијата нема добиено информација од основачот или од било кој друг државен орган дали и како би ги реализирала доспеаните средства по овие обврзници.

Инаку, обврзници за денационализација се издадени од страна на Република Македонија во февруари 2004 година, со рок на достасување до јуни 2014 година и фиксна каматна стапка од 2% на годишно ниво. Главнината се наплатува годишно почнувајќи од јуни 2006 година до јуни 2014 година. Обврзници за старо девизно штедење се издадени од страна на

Република Македонија во мај 2000 година. Рокот на достасување на овие обврзници е до октомври 2011 година со полугодишна наплата на главнината, почнувајќи од април 2002 година и фиксна каматна стапка од 2% на годишно ниво

## 14. ПАРИ И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ

**Во илјади денари**

| | 31 декември 2008 | 31 декември 2007 |
|---|---|---|
| Пари во банка по видување | | |
| -во денари | 376,391 | 585,703 |
| -во девизи | 496 | 285 |
| Пари во благајна | | |
| -во денари | 438 | 480 |
| -во девизи | 331 | 698 |
| Краткорочни орочени депозити во денари | 555,000 | 105,000 |
| Парични средства во Експорт-импорт банка АД – во ликвидација (Белешка 17) | 50,000 | 50,000 |
| | 982,656 | 742,166 |

Краткорочните орочени депозити во износ од 555,000 илјади денари се однесуваат на денарски депозити во НЛБ Тутунска Банка АД, Скопје со следниве услови:

**Во илјади денари**

| | Датум на доспевање | Фиксна каматна стапка | 31 декември 2008 | 31 декември 2007 |
|---|---|---|---|---|
| Депозит орочен на 1 месец | 24.01.2009 | 5.25% p.a. | 105,000 | 105,000 |
| Депозит орочен на 3 месеци | 09.01.2009 | 6% p.a. | 450,000 | - |
| | | | 555,000 | 105,000 |

## 14. ПАРИ И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ (продолжение)

Паричните средства во Експорт-импорт банка АД Скопје – во ликвидација во износ од 50,000 илјади денари (2007: 50,000 илјади денари) претставуваат наменски орочени депозити уплатени во наведената банка на 8 март 2001 година. Агенцијата не поседува документација за овие средства, освен банкарскиот извод од уплата на средствата во корист на наведената банка врз основа на договорите број 02-2420, 02-691 и 08-1691.

## 15. ФОНДОВИ И АКУМУЛИРАН ВИШОК НА ПРИХОДИ НАД РАСХОДИ

Промените на фондовите и акумулираниот вишок на приходи за годината што завршува на 31 декември 2008 година се прикажани како што следува:

**Во илјади денари**

| | Деловен фонд | Резервен фонд | Акумулиран вишок на приходи над расходи | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| На 1 јануари 2008 | 494,787 | 2,480 | 337,370 | 834,637 |
| *Зголемувања:* | | | | |
| Набавка на опрема и нематеријални средства (Белешка 5, 10) | 33,834 | - | - | 33,834 |
| Вишок на приходи над расходи по оданочување | - | - | 265,824 | 265,824 |
| *Намалувања:* | | | | |
| Трошоци за амортизација и расходување на средства (Белешка 10) | (37,214) | - | - | (37,214) |
| Останато | (236) | - | - | (236) |
| На 31 декември 2008 | 491,171 | 2,480 | 603,194 | 1,096,845 |

## 16. ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ И ОСТАНАТИ ТЕКОВНИ ОБВРСКИ

**Во илјади денари**

| | 31 декември 2008 | 31 декември 2007 |
|---|---|---|
| Добавувачи од земјата | 1,853 | 2,206 |
| Примени аванси | 987 | 869 |
| Данок на добивка | 3,483 | 28,457 |
| Данок на додадена вредност | 10,526 | 2,772 |
| Останато | 412 | 311 |
| | 17,261 | 34,615 |

## 17. ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА

| | Во илјади денари 31 декември 2008 | 31 декември 2007 |
|---|---|---|
| Побарувања за надоместок за користење радиофреквенции | 321,447 | 324,881 |
| Побарувања за надоместок од концесии врз основа на користење на радиофреквенции | 21,379 | 21,713 |
| Побарувања за надоместок за надзор на пазарот за електронски комуникации | 965 | 57 |
| Побарувања за надоместок за користење на доделени броеви и серии на броеви | 2,796 | 3,470 |
| Државни обврзници коишто се чуваат до доспевање (Белешка 13) | 102,456 | 102,124 |
| Депозит во Експорт-импорт банка – во ликвидација (Белешка 14) | 50,000 | 50,000 |
| Побарувања за пресметани камати | 6,341 | 4,684 |
| Останато | 5,199 | 7,424 |
| | 510,583 | 514,353 |

## 18. РЕАЛИЗИРАНИ ЈАВНИ НАБАВКИ

Во табелата подолу се прикажани реализираните јавни набавки во текот на 2008 година:

**Во илјади денари**

| *Вид на набавка* | *Избран понудувач* | *Договорен износ* |
|---|---|---|
| **Набавки со барање за прибирање понуди - со објавување оглас** | | |
| - Каско осигурување без франшиза за период од 31.12.2008 до 31.12.2009 | Еуролинк Осигурување | 289 |
| - Ревизија на финансиското работење за 2008 година | Дилоит ДОО Скопје | 362 |
| - Софтвер за реализација на преносливост на броеви заедно со изворен код, одржување на системот на база пренесени броеви (ЦБП) за реализација на преносливост на броеви и функционални барања на системот за преносливост на броеви | Сеавус Скопје | 22,267 |
| | | 22,918 |
| **Набавки со барање за прибирање понуди – без објавување оглас (до ЕУР 5,000)** | | |
| - 14 мобилни апарати | Импулс Скопје | 300 |
| - Материјали за одржување на состанок на Управен комитет и Работилница за WiMax | Аполонија АД Здравко | 358 |
| - Стока со печатарски услуги | Мај принт | 349 |
| - Службена облека наменета за вработените | Ле-те | 176 |
| - Фотокопир хартија А4 формат (80 фрама, 1 топ/500 листа) | Бис Тоба | 361 |
| - Делови за сервисирање на пумпи за вода | Карпош сервис | 354 |
| - Цветни аранжмани | Антина | 300 |
| - 3 фотокопир апарати | Инфопоинт | 355 |
| - Безалкохолни пијалаци и средства за лична хигиена | Уни макс | 307 |
| - Оригинални тонери | Тоз МК | 354 |
| - Новогодишни пакетчиња за деца на вработени до 7 годишна возраст | Макпром | 41 |
| | | 3,255 |
| **Набавки со постапка за отворен повик** | | |
| - 2 патнички автомобили и 1 патнички автомобил со зголемена проодност (4x4) | Аутомотив Груп | 6,335 |
| - Резервација и испорака на авионски билети и организација на патувања | БТ Македонија | 3,000 |
| | | 9,335 |
| **Вкупно** | | 35,508 |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2008**

## 19. ДЕВИЗНИ КУРСЕВИ

Официјалните девизни курсеви користени при искажувањето на билансните позиции деноминирани во странска валута, на 31 декември 2008 и 2007 година се следниве:

| | | Во денари |
|---|---|---|
| | **2008** | **2007** |
| 1 ЕУР | 61.4123 | 61.2016 |
| 1 УСД | 43.561 | 41.6564 |